62. Nikolovski, Bruno and Zarkova, Julija and Atanasova, Sandra and Petrovski, Mihajlo and Trpevska, Vesna and Longurova, Natasa (2026) *The convergence of regenerative sciences – a cross-disciplinary approach to skeletal reconstruction.* In: 30th BaSS Congress, 7–9 May 2026, Thessaloniki, Greece. https://eprints.ugd.edu.mk/38642/

63. Longurova, Natasa and Zlatanovska, Katerina and Atanasova, Sandra and Nikolovski, Bruno and Zarkova, Julija (2016) *Vital pulp preservation in deep caries:decision making and bioactive materials.* In: 30th BaSS Congress, 7-9 May 2026, Thessaloniki, Greece https://eprints.ugd.edu.mk/38690/

Пленарни научни и стручни предавања од областа дентална патологија

64. Longurova, Natasa (2023) Употреба на биодентин во терапија на длабок кариес-приказ на случаи. In: 26th BaSS Congress, 11-14 May 2023, Skopje, North Macedonia https://eprints.ugd.edu.mk/32032/

III. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ

Освен богатата научноистражувачка дејност, д-р Лонгурова остварува и бројни активности во рамките на стручно-апликативната и организациско-развојна дејност.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

65. Longurova, Natasa and Kovacevska, Ivona (2022) Естетски реставрации-ламинати. Medicus - Informativen glasnik na javnoto zdravstvo (32). pp. 28-29. ISSN 1857-5994

Евалуација на трудот: Трудот обработува современа и клинички релевантна тема од областа на естетската стоматологија, со фокус на примената на ламинатите (фасети) како реставративно-естетско решение. На систематичен начин се прикажани индикациите и контраиндикациите, како и основните карактеристики на порцеланските и композитните ламинати.

Посебно е нагласена споредбата меѓу двата типа материјали во однос на естетиката, биолошката прифатливост, адхезијата и клиничката изведба, што придонесува за подобро разбирање на нивните предности и ограничувања. Трудот дава и јасен приказ на клиничките процедури и принципите на минимално инвазивен пристап.

Содржината е стручно обработена, јасно структурирана и има изразена апликативна вредност за секојдневната стоматолошка пракса. *https://eprints.ugd.edu.mk/29803/*

ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ

- Член на Научниот одбор на 26. BaCC конгрес „CURRENT TRENDS AND ADVANCES IN DENTISTRY“, 11-14 мај 2023 г., Скопје.

- Член на Конкурсна комисија за запишување на студенти на втор циклус специјалистички стручни и академски студии во учебната 2024/2025 година на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Одлука бр. 2002- 46/7 донесена на 316. седница на ННС на Факултет за медицински науки, одржана на 5.2.2024 година).
- Член на Комисија за спроведување на избор на двајца членови на Универзитетски сенат (сенатори) при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Одлука бр. 2002- 85/4 донесена на 335. седница на ННС на Факултет за медицински науки, одржана на 3.4.2025 година).

Елаборати и експертизи

Кандидатката учествувала во изготвувањето на следниве елаборати:

- Елаборат за реакредитација на студиска програма Дентална медицина по англиски јазик – интегрирани студии од прв и втор циклус петгодишни студии (2025);
- Елаборат за реакредитација на студиска програма Дентална медицина – интегрирани студии од прв и втор циклус петгодишни студии (2022);
- Елаборат за реакредитација на прв циклус студии – студиска програма Забни техничари – протетичари (2022);
- Елаборат за реакредитација на специјалистички студии за стручен забен техничар- протетичар (2022);
- Елаборат за реакредитација на трет циклус на студии „БАЗИЧНИ И КЛИНИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА ВО ДЕНТАЛНАТА МЕДИЦИНА“ (2021);
- Универзитетски стоматолошки центар при ФМН, УГД;
- Универзитетска забно-техничка лабораторија при ФМН, УГД.

Членство во факултетски комисии и тела:

- Член на повеќе комисии за полагање на специјалистички испит;
- Член на Наставно-научен совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев - Штип;
- Член на Наставно-научен совет на трет циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев - Штип;

Професор д-р Наташа Лонгурова е член на повеќе професионални асоцијации и тоа:

- Стоматолошка комора на Република Северна Македонија;
- Македонско стоматолошко друштво;
- Здружение на специјалисти по болести на заби и ендодонт – МСД;
- World Dental Federation (FDI);
- International Association for Dental, Oral, and Craniofacial Research (IADR).

Активно е вклучена во организација на симпозиуми, студентски конгреси и летна школа за Дентална медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип:

- 10. Симпозиум со меѓународно учество на дентална медицина, „Инфекции во секојдневната стоматолошка пракса - новини во дијагностиката, третманот и превенцијата“, 19.11.2021 година, Штип.
- 11. Симпозиум со меѓународно учество на дентална медицина „Промени во усната празнина и лицевата регија - епидемиолошка состојба, превенција, дијагностика и третман“, 19.11.2022 година, Штип.

- 12. Симпозиум со меѓународно учество на дентална медицина, „Современи пристапи во третманот на пациенти кои примаат антикоагулантни, антиагрегантни и антихипертензивни лекови“, 11.11.2023 година, Штип.
- 13. Симпозиум со меѓународно учество на дентална медицина, „Иновативни третмани и технологии во денталната медицина: Предизвици на иднината“, 21.9.2024 година, Штип.
- 14. Симпозиум со меѓународно учество на дентална медицина, „Дентофацијална естетика и функција во современата дентална медицина“, 15.11. 2025 година, Штип.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупните презентирани активности и постигнувања на вонреден професор д-р Наташа Лонгурова, специјалист по ендодонција и реставративна стоматологија, кои Рецензентската комисија детално ги елабораше во овој Извештај, може да се констатира дека кандидатката остварува континуиран и квалитетен развој во сите сегменти на академската дејност. Нејзината досегашна работа се карактеризира со значајни резултати во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, при што особено се издвојуваат нејзината посветеност кон унапредување на наставниот процес, активното учество во научноистражувачки активности, објавувањето на научни и стручни трудови, како и придонесот во развојот на денталната патологија, ендодонцијата и реставративната стоматологија.

Врз основа на приложената документација, се потврдува дека кандидатката поседува високи научни и стручни компетенции, способност за самостојно креирање и развивање на научни истражувања, како и за примена на современи научни сознанија во наставниот процес. Нејзината активност во извештајниот период по изборот во звање вонреден професор претставува доказ за континуирано професионално напредување, академска посветеност и значаен придонес во развојот на високото образование и науката.

Во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и според целокупната приложена документација, може да се констатира дека кандидатката вонреден професор д-р Наташа Лонгурова ги исполнува формалните и суштинските критериуми за избор во наставно-научното звање редовен професор. За целокупната активност во извештајниот период од 2022 до 2026 година, кандидатката има остварено (НО = 40, НИ = 260 и САОР = 58), односно вкупно 358 поени.

Врз основа на поднесената документација и евалуација на податоците, според Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката **вонреден професор д-р Наташа Лонгурова, специјалист по ендодонција и реставративна стоматологија, да биде избрана во наставно-научното звање редовен професор за наставно-научната област дентална патологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
Проф. д-р Ивона Ковачевска, редовен професор, претседател, с.р.
Проф. д-р Лидија Поповска, редовен професор, член, с.р.
Проф. д-р Вера Стојановска, редовен професор, член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Р. бр.	**Наставно-образовна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
	Избор во звање вонреден професор		40			**40**
	ВКУПНО					**40**
Р. бр.	**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор – бр. 2,3,4,6,8)	4	9 4x9=36		9 1x9=9	**45**
	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор – бр. 5)	1	6 1x6=6		6	**6**
	Научен труд објавен во меѓународно научно списание останати автори – бр.1,7,9,10,11	3	3 2x3=6		3 3x3=9	**15**
	Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир * ИФ =3,7 **ИФ=5,9 Труд бр. 38*,39*,40*,41*,42*,43*,51*,52*,54*,55*,56*,57* Труд бр. 59**,60**,61**,62** Труд број 12 (без IF).	1	3 1x3=3		3 (3+3,7) X12=80,4 (4+5,9) X4=39,6 80,4+39,6=120	123
	Учество на научен собир со реферат во земјава и странство (постер) бр. 13,14,19,20,21,22,52 во земјава 15,16,17,18,23,24,25,26,27,28,29,31,32,33,34,35,36,43,44,45,46,47,48,49,57,62,63во странство	7	1 7x1=7	27	1.5 27x1.5=40,5	**47,5**
	Учество на научен собир со реферат (усно), во земјава бр.64	1	1.5 1x1.5=1.5			**1.5**
	Учесник во научен проект (максимум во три проекти)	1	2 1x2=2			**2**
	Одбранета докторска дисертација	1	15			**15**
	Одбранет магистерски труд	1	4			**4**
	Член на организациски или научен одбор на научен собир во земјава	1	1 1x1=1			**1**
	ВКУПНО					**260**
Р. бр.	**Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		

		број	поени	број	поени	Вкупно
	Учебник	**2**	**10**			**20**
	Труд во стручно (научно популарно) списание бр. 65	1	2 2x1=2			**2**
	Ментор на докторанди/4 години	3	4			**12**
	Елаборати и експертизи - Елаборат за реакредитација на студиска програма Дентална медицина по англиски јазик – интегрирани студии од прв и втор циклус петгодишни студии (2025); - Елаборат за реакредитација на студиска програма Дентална медицина – интегрирани студии од прв и втор циклус петгодишни студии (2022); - Елаборат за реакредитација на прв циклус студии – студиска програма Забни техничари-протетичари (2022); - Елаборат за реакредитација на специјалистички студии за стручен забен техничар-протетичар (2022); - Елаборат за реакредитација на трет циклус на студии Базични и клинички истражувања во денталната медицина (2021). - Универзитетски стоматолошки центар при ФМН, УГД; - Универзитетска забно-техничка лабораторија при ФМН, УГД	7	2 7x2=14			**14**
	Член на факултетски орган, комисија - Член на Конкурсна комисија за запишување на студенти на втор циклус специјалистички стручни и академски студии во учебната 2025/2026 година на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип; - Член на повеќе комисии за полагање на специјалистички испит; - Член на Наставно-научен совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев - Штип; - Член на Наставно-научен совет на трет циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев – Штип - Член на комисија за спроведување на избор на двајца членови на Универзитетски сенат (сенатори) при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип	5	2 5x2=10			**10**
	ВКУПНО					**58**
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ					**358**

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАРДИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука 2002-220/14 од 13.7.2026 година, донесена на 361. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 13.7.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област кардиологија (3.02.00.02) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:

- проф. д-р Елизабета Србиновска Костовска, редовен професор за наставно-научната област кардиологија на Медицински факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј” во Скопје - претседател;
- проф. д-р Христо Пејков, редовен професор за наставно-научната област кардиологија на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - член;
- проф. д-р Милка Здравковска, редовен професор за наставно-научната област епидемиологија и здравствена статистика и информатика на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Вечер” и „Коха“ на 2.7.2026 година и во предвидениот рок се пријави:

насловен доцент д-р Тања Анѓушева, доктор на медицински науки, од научната област интерна медицина-кардиологија, вработена во Специјална болница „Жан Митрев клиника“ во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Д-р Тања Анѓушева е родена на 10.10.1966 година во Велес. Основно и средно образование завршува во Велес. Со високо образование се стекнува на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што дипломира во 1990 год. со просечен успех од 8,65. По завршување на Медицински факултет се вработува како општ доктор во Воената амбуланта во Велес, од 1994 г. се вработува на Одделението за интензивна нега за интерна медицина во Воената болница во Скопје, а од 2000 година работи во Одделот за интензивна нега во специјалната болница „Филип Втори” во Скопје. Во институцијата имала повеќе раководни функции како медицински директор на лекари. Се запишува на специјализација по интерна медицина во 1993 год. на Медицинскиот факултет на УКИМ Скопје. Специјалистичкиот испит по предметот Интерна медицина го положува во 1997 год. со што се стекнува со звање специјалист по интерна медицина. Во 2004 година ја завршува Школата за трансезофагеална ехокардиографија на Универзитетската болница „Дојче Херц центрум“ во Берлин, Германија, и ги усовршува сите инвазивни перкутани процедури на Одделот за интензивно

лекување, како што се перкутана трахеостома, перкутана гастростома, перкутано ставање на дренови, цистостома. Во 2006 година го заврши курсот за напредна 3Д ехокардиографија. Супспецијалистичкиот испит по кардиологија го положува во 2012 година на Медицинскиот факултет во Скопје, со што се стекнува со звање супспецијалист по кардиологија на Медицинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Постдипломски студии на Универзитетска клиника за кардиологија во Скопје завршува во 1994 година на тема „Имунолошка активност кај пациенти со исхемична крајна фаза на срцева слабост". Докторските студии ги завршува на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип во 2018 година, а од 2012 година е координатор за едукација и асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Прва започна со примена на Огзирис филтерот и континуираната вено-венска ултрафилтрација во третманот на акутната бубрежна инсуфициенција, како и акутната сепса во одделите за интензивно лекување во РС Македонија, но воедно две години беше активен едукатор за примена на Огзирис филтерот во третманот на сепса за Бакстер и одржа повеќе едукативни работилници не само во РС Македонија, туку и во единиците за интензивно лекување во Словенија, Босна и Херцеговина, Србија, со што отвори нов пристап пред се во третманот на акутниот ендокардит. Во 2019 година ја започна и разви програмата за третман на терминален стадиум на срцева слабост со примена на механичка циркулаторна потпора во болницата „Жан Митрев клиник", но и пошироко во земјава. Во ноември 2023 г. ја заврши Школата за ергоспирометрија во Белград. Во октомври 2024 г. ги заврши двогодишните постдокторски студии за срцева слабост во Лондон. Во 2026 г. е активирана како едукатор на АББОТТ за механичка циркулаторна потпора на Одделот за интензивно лекување во Минск Белорусија. Актуелно д-р Анѓушева е водич на тимот за механичка циркулаторна поддршка при крајна фаза за хронична срцева слабост, како и на тимот за трансплантација на срце на РС Македонија и активно учествуваше во успешната реализација на првата трансплантација на срце во РС Македонија.

Стручна активност

Од 26.2.2002 год. е во редовен работен однос во ПЗУ „Жан Митрев клиник". Насл. доц. д-р Тања Анѓушева ги постави и разви основите на модерното интензивно лекување и ги внесе сите инвазивни перкутани техиники во секојдневната пракса на интензивното лекување.

Д-р Тања Анѓушева има реализирано повеќе стручни престои и едукации, меѓу кои:

· Јуни 2000 г. – Ја завршува меѓународната имунолошка школа во Ферара, Италија;

· 12/2003-6/2004 – едукација за интензивно лекување, Берлин во Германскиот центар за срце. Во овој центар ги завршува следниве школи:

- Школа за интераоперативна трансезофагеална ехокардиографија,
- Школа за перкутана траехотомија и
- Школа за континуирана рено-ренална заместителна терапија;

· 5/2006 Завршен курс за 3Д ехокардиографија во Ротердам, Холандија;

· 9/2006 Го завршува напреднатиот курс за интреоперативна трансезофагеална ехокардиографија (Виена/Австрија);

· 4/2007 Курс за научноистражувачка дејност организиран од Европското здружение за кардиоторакална хирургија;
· 6/2007 Избрана за член на Програм комитетот на ИСМИКС – Рим, Италија;
· 12/2007 Го завршува напредниот курс за ЦРРТ организиран од Гамбро (Белград, Србија);
· 5/2008 е избрана за член на Програм комитетот на Светскиот конгрес за кардиоторакална хирургија КОС, Грција;
· 5/2008 Член на Претседателството на Здружението за кардиологија на РС Македонија;
· 6/2009 Избрана за член на Програм комитетот на ИСМИКС, Сан Франциско /САД;
· 5/2014 – key opinion лидер за CRRT за РС Македонија;
· 12/2018 – ја започна и разви Програмата за срцева слабост и третман со механичка циркулаторна потпора;
· 10/2019 – Школа за третман на терминален стадиум на срцева слабост со механичка циркулаторна потпора Прага, Чешка;
· 2019 – член на Претседателството на Здружението за кардиологија на РС Македонија, одговорна на групата за акутна срцева слабост.
· 5/2020 – Член на тимот за срцева трансплантација на РС Македонија;
· 10/22 – Школа за научна дејност во областа на срцевата слабост при Асоцијацијата за срцева слабост при Европското здружение по кардиологија – Соренто, Италија;
· 11/23 – Школа за ергоспирометрија – организирана од Шилер Белград;
· 10/24 - Постдокторски студии од областа на срцева слабост во Лондон;
· 9/25 - Главен организатор и предавач на Првиот мастер курс за срцева слабост во Скопје во 2025 г., сертифициран од Асоцијацијата за срцева слабост при Европското здружение по кардиологија;
· 5/26 – водич на групата за срцева слабост при Македонското здружение по кардиологија;
· 8/26 – водич на две сесии при Европскиот конгрес по кардиологија во Минхен;
· 9/26 – Повторно организатор на претстојниот Втор мастер курс за срцева слабост во Скопје во 2026 г.

Д-р Тања Анѓушева е активен член на повеќе меѓународни здруженија:

- 2001 ESAO, European Society for Artificial Organs;
- 2003 ISMICS, International society for minimal invasive cardio surgery;
- 2003 Heart Failure Association, ESCARDIO (European society of cardiology);
- 2004 Euro-Asian Bridge of cardio surgery;
- 2005 European Society for cardiology;
- 2009 European Resuscitation society;
- 2017 British Society for intensive care;
- 2017 European Society for intensive care;
- 2017 International Academy for fluid management (IFAD);
- 2023 Работната група за миокардни и перикардни заболувања при Европското здружение по кардиологија;
- 2024 Работната група за пулмонална циркулација и деснокоморна

функција при Европското здружение по кардиологија;

- 2025 Член на Советот за базична кардиоваскуларна наука при Европското здружение по кардиологија;
- 2025 Почесна титула FESC за членство при Европското здружение по кардиологија;
- 2026 Член на Кардио-онколошкиот совет Европското здружение по кардиологија.

Добиени признанија и награди

06.2003 Award for the best oral presentation and best audio and visual presentation on the 6th International Congress of the International Society for minimal invasive cardiac surgery. 19.06.2003.

03/2004 Award for the best case report -10th annual Meeting CTT, Miami, Florida.

06/2008 Letter of appreciation for professional approach as a doctor - from Ministry of defence, Slovenian armed forces SICON 17 KFOR, Republic of Slovenia.

11/2016 9-то Ноемвриска награда на Општина Велес.

09/2017 Award for oral presentation on topic –Surgery in septic patient with acute aortic endocarditis – Case report , 6th International Conference and Exhibition on Surgery, London , UK (prof Goldsmith).

09/2017 Award for oral presentation on topic – Intraoperative 3D transoesophageal valvular evaluation, 6th International Conference and Exhibition on Surgery, London, UK (prof Goldsmith.

11/2020 9-то Ноемвриска награда на Општина Велес.

11/2020 -13-то Ноемвриска награда на Град Скопје.

6/2021 - Пофалница од Лекарската комора на Република Северна Македонија за посебно залагање во третманот со КОВИД 19 заболените.

Наставна дејност

Во рамките на наставно-образовна дејност д-р Тања Анѓушева има одржано повеќе теоретски и практични предавања во склоп на континуираната едукација која се изведува во „Жан Митрев клиника“, РС Македонија, како и едукативни работилници (поканет предавач) во Р. Словенија, Босна и Херцеговина и Србија како едукатор за третман со континуирана вено-венска ултрафилтрација на одделите за интензивно лекување. Оваа година одржа едукативна настава од областа на механичка циркулаторна потпора во третманот на напредната срцева слабост во Минск, Белорусија.

Научна дејност

Докторските студии на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ги завршила во предвидениот рок, а својот докторски труд со наслов **„Трансезофагеална евалуација на реконструктивната хирургија на аортната валвуларна стеноза“** го одбранила на 18 декември 2020 год.

Како резултат на нејзиното досегашно залагање, како автор и коавтор, има публикувано и презентирано 46 научни трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, над 100 усни презентации на повеќе меѓународни собири,

124 трудови со оригинални научно-стручни резултати кои се објавени во книги на апстракти. Д-р Анѓушева има организирано 70-тина семинари и работилници во нашата република, на кои биле гости еминентни предавачи од земјата и ширум светот. Најзначаен настан е Првиот мастер курс по срцева слабост во Скопје во 2025 г., со кој Македонската кардиологија за првпат беше застапена како домаќин на еминентен европски научен и стручен настан.

Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент

- Насл. доц. д-р Тања Анѓушева е доктор на медицински науки од областа на интерна медицина – кардиологија, а нејзината научноистражувачка работа е главно фокусирана на ехокардиографската проценка кај пациенти со изразена аортна стеноза кои подлежат на хируршки третман, проценка на пациенти со срцева слабост со поставување на индикација за механичка циркулаторна потпора и постоперативент третман на истите, воедно главна цел и тенденција и е развојот на трансплантацијата на срце во републиката. Има продлабочени знаења од областа на срцевата слабост и лекувањето на истата.
- Има сертификат за владеење со англиски јазик.
- Има уверение за државјанство.
- Има остварен просечен успех на прв циклус (додипломски) студии од 8.65, завршена специјализација по интерна медицина, супспецијализација по кардиологија, завршени докторски студии, завршени постдокторски студии.
- Има доставено сепарати од сите нејзини научно-истражувачки трудови во соодветната област (законски предуслов за избор во насловен вонреден професор се најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации).

Научните трудови со кои д-р Тања Анѓушева ги исполнува законските критериуми за избор на звање доцент се:

Бр.	Автор	Наслов на трудот	Списание	Година на излегување на списанието
1	**Tanja Anguseva**,	Aortic insufficiency progression in patients with left ventricular assist devices and prior Impella support Mihalj M, Nguyen DT, Sales de Armas IA, Tosun S, et al. JHLT 2025 Feb;44(2):161-170 | DOI: 10.1016/j.healun.2026.02.1665 contributing text Tanja Angjusheva, MD, FESC Zan Mitrev Clinic, Skopje, North Macedonia, Published 29 June 2026	ISHLT,JOURNAL WATCH, June 2026, Cardiology	2026 IF= 6.7

2	Chioncel O, Savarese G, Laroche C, Amir O, Tokmakova M, Cannata A, Do Doan L, Kafafy TANA, Krejci J, Moura B, Lund L, Adamo M, Guillouche W, Volterani M, Iung B, Metra M; GRASP-HF Study National Leaders and Investigators(Tanja Angjusheva-N. Macedonia)	Global Registries and Surveys Programme-Heart Failure (GRASP-HF): Rationale, study design and research implications. Eur J Heart Fail. 2025 Nov;27(11):2061-2073. doi: 10.1002/ejhf.70065. Epub 2025 Oct 22.PMID: 41126578	Eur J Heart Fail	2025 IF= 10.8
3	Bosevski M, Bojovski I, Vuchinikj AG, **Anguseva T**, Taleski J, Dimitrovska B, Sheshoska HC, Taneska N, Jovchevska S, Konjanovski T, Zhaku V, Jovanoski M, Ilieva A, Tsonev S, Petkoska D, Jordanova SP	Uncommon Cases of Venous Thromboembolism. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2023 Jul 15;44(2):175-183. doi: 10.2478/prilozi-2023-0038. Print 2023 Jul 1.PMID: 37453105	Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki)	2023 SJR= 0.133
4	Víctor Daniel Rosenthal Ma,*, Tanja Anguseva MDbb, et all. On behalf of the International Nosocomial Infection Control Consortium April 2025	International Nosocomial Infection Control Consortium (INICC) report, data summary of 45 countries for 2012-2017: Device-associated module April 2025 American Journal of Infection Control 49(10):1267-1274	American Journal of Infection Control	2025 IF= 2.35
5	Rosenthal VD, **Anguseva T** et all	International Nosocomial Infection Control Consortium (INICC) report, data summary of 45 countries for 2013-2018, Adult and Pediatric Units, Device-associated Module. Am J Infect Control A. 2021 Oct;49(10):1267-1274. doi: 10.1016/j.ajic.2021.04.077. Epub 2021 Apr 24.PMID: 33901588	Am J Infect Control	2021 IF= 2.35

6	**Т.Анѓушева**	Дентален менаџмент кај кардиоваскуларни пациенти – Клиничка перспектива: Македонско медицинско електронско списание. 2025 ноем. 20; 5:29-30 https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6585 eISSN: 1857-9809 **Категорија:** *МИТ-ФДМ2025 - „МЕЃУ ПРАКСАТА И НАУКАТА“* **Секција:** *Стоматологија*	Македонско медицинско електронско списание	2025 SJR = 0.8
7.	**Tanja Anguseva**, Zan Mitrev	Nutritional screening and access in patients with terminal stadium of heart failure preparing for LVAD=BVAD; Congress Presentation-Part of LVADs-From Rehabilitationto Paliative Care,Ventricular Assist Device HFA Premium Access Heart Failure 2025, Heart Failure Association (HFA) 18.05.2025 https://esc365.escardio.org/person/1012492	ESC 365 - The cardiology knowledge hub	2025
8.	**Tanja Anguseva**, Z.Mitrev,M.Kliceva,V. Najdovski	Mitral valve due to primary myxofibrosarcoma – treatment strategies; ***Heart Failure 2026, ESC 365*** **https://esc365.escardio.org/presentation/323561**	ESC 365 - The cardiology knowledge hub	2026
9.	**T.Anguseva,** Z.Mitrev, S.Patcheva, Z.Atanasov	Acute left chamber failure after mechanical circulatory implantation; ***ESC 365 presentation;*** **https://esc365.escardio.org/person/1012492**	ESC 365 - The cardiology knowledge hub	2026
10	Константин Митев, Александар Митевски, Андреа Арсовски, Илија Милев, Влатко Цветановски, Стефан Петровски, Татјана Тројиќ Билјана Ефтимова, **Тања Анѓушева,** Кирил Лозанче	Општа хирургија https://e-lib.ugd.edu.mk **DOI: https://www.doi.org/10.46763/9786082770932**	https://e-lib.ugd.edu.mk **DOI: https://www.doi.org/10.46763/9786082770932**	2025

11	**Tanja N. Anguseva**, Jr., Zan Mitrev	Acute right Heart Infarction During LVAD Implantation, is It Possible to Survive? Crazy Case - Good Clinical Outcome Control/Tracking Number: 22-A-111-ECTSS	Control/Tracking Number: 22-A-111-ECTSS	2023
12	**Tanja Anguseva**	Mamagememt of sepsis in cardiac patients – Is it different? Symposium with international participation "HIGHLIGHTS IN CARDIOVASCULAR DISEASES" 01-03 October 2021, Skopje, North Macedonia; In extenso Publisher: Macedonian Society of Cardiology	Symposium with international participation "HIGHLIGHTS IN CARDIOVASCULAR DISEASES" 01-03 October 2021, Skopje, North Macedonia; In extenso Publisher: Macedonian Society of Cardiology	2021

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Нас. доц. д-р Тања Анѓушева била вклучена како едукатор на специјализанти од областа на интерната медицина и кардиологија.

Од доставените биографски и библиографски податоци на д-р Тања Анѓушева, очигледно е дека таа учествувала активно на голем број обуки, работилници, конгреси и семинари од подрачјето на кардиологијата, одржани во земјава, како и надвор од нашата земја. Притоа, д-р Тања Анѓушева се стекнува со неопходно искуство за примена на здобиените практични знаења.

Д-р Тања Анѓушева е искусен професионалец во својата област, со 29- годишен специјалистички стаж и 14-годишен супспецијалистички стаж. Член е на медицински организации како: Македонско здружение на кардиолози, Европското здружение на кардиолози (ESC), член на Работна група за срцева слабост при Европското здружение за кардиологија, член на Кардио-онколошкиот совет, Работната група за пулмонална циркулација и деснокоморна функција, Работна група за миокардни и перикардни заболувања и Советот за базична кардиоваскуларна наука при Европското здружение по кардиологија.

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Д-р Тања Анѓушева активно вклучена во стручно-апликативната работа на дијагностичкиот центар во „Жан Митрев клиника".

<u>Листа на трудови и евалуација на трудовите за избор на д-р Тања Анѓушева (публикувани во последните 5 години)</u>

Трудови со оригинални научни резултати објавени во списанија со фактор на влијание и списанија со меѓународен уредувачки одбор:

1. **Tanja Angjusheva**, MD, FESC Zan Mitrev Clinic, Skopje, North Macedonia; Aortic insufficiency progression in patients with left ventricular assist devices and prior Impella support Mihalj M, Nguyen DT, Sales de Armas IA, Tosun S, et al. JHLT 2025 Feb;44(2):161-170 | DOI: 10.1016/j.healun.2026.02.1665 contributing text, Published 29 June 2026,ISHLT,JOURNAL WATCH, June 2026, Cardiology

Во овој труд е дадена одлична анализа на трудот *Прогресија на аортната инсуфициенција кај пациенти со механичка циркулаторна потпора кои претходно се третирани со импела*. Во аналитичкиот текст објавен во JHLT 2025 одлично е потенцирана статистичката разлика во инциденцата на аортната инсуфициенција со хемодинамско значење кај пациенти со мехничка циркулаторна потпора тип ЛВАД претходно третирани со импела во споредба со оние кои не биле третирани со импела и статистички е докажано дека истите со полош клинички исход. Од ова се наметнува заклучокот дека можеби во иднина при вградување на механичка циркулаторна потпора кај пациентите претходно третирани со импела треба да се размисли за симултана замена на аортната валвула со механичка протеза.

2. https://pubmed.ncbi.nlm.nih.gov/41126578/, Chioncel O, Savarese G, Laroche C, Amir O, Tokmakova M, Cannata A, Do Doan L, Kafafy TANA, Krejci J, Moura B, Lund L, Adamo M, Guillouche W, Volterani M, Iung B, Metra M; GRASP-HF Study National Leaders and Investigators (**Tanja Angjusheva**). Global Registries and Surveys Programme-Heart Failure (GRASP-HF): Rationale, study design and research implications Eur J Heart Fail. 2025 Nov;27(11):2061-2073. doi: 10.1002/ejhf.70065. Epub 2025 Oct 22.PMID: 41126578 **Free article.**

Во овој труд се дадени сумарно податоците од реалната клиника пракса, со препораки за подобрување на квалитет. GRASP-HF регистарот е пополнет со податоците внесувани од страна на учесници од различни национални кардиолошки здруженија, меѓу кои учесник беше и македонското здружение. Овие податоци се крузијални за модулирање на националните и институционалните полиси и имаат огромно значење за развојот на водичите во иднина.

3. Bosevski M, Bojovski I, Vuchinikj AG, **Anguseva T**, Taleski J, Dimitrovska B, Sheshoska HC, Taneska N, Jovchevska S, Konjanovski T, Zhaku V, Jovanoski M, Ilieva A, Tsonev S, Petkoska D, Jordanova SP. Uncommon Cases of Venous Thromboembolism.Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2023 Jul 15;44(2):175-183. doi: 10.2478/prilozi-2023-0038. Print 2023 Jul 1.PMID: 37453105 **Free article.**

Одличен приказ на збир на различни ретки случаи на тромбоемболизам. Еден од најретките опишан во овој труд е тромбоемболизам на порталната вена со појава на ретрограна портална хипертензија и спленомегалија, последица на претходно прележана стафилококна сепса. Даден е приказ на терапевскиот пристап базиран на медицина базирана на докази, со одличен позитивен исход на пациентката.

4. Víctor Daniel Rosenthal Ma,*, Ider Bat-Erdene PhDb, Debkishore Gupta MDc, Souad Belkebir MDd,Prasad Rajhanse, Farid Zand MDf, Sheila Nainan Myatra MDg, Majeda Afeef MDh, Vito L Tanzi MDi,S. Muralidharan MDj, Vaidotas Gurskis MDk, Hail M. Al-Abdely MDl, Amani El-Kholy MDm,Safa A. Aziz AlKhawaja MDn, Suha Sen MDo, Yatin Mehta MDp, Vineya Rai MDq, Nguyen Viet Hung MDr,Amani F. Sayed MDs, Fausto Marcos Guerrero-Toapanta MDt, Naheed Elahi MDu,María del Rayo Morfin-Otero MDv, Suwara Somabutr MDw, Matias De-Carvalho MDx,Mary Shine Magdarao MDy, Velmira Angelova Velinova MDz, Ana Marcela Quesada-Mora MD aa,**Tanja Anguseva MDbb**, Aamer Ikramcc, Daisy Aguilar-de-Moros MDdd, Wieslawa Duszynska PhDee,Nepomuceno Mejia MDff, Florin George Horhat MDgg, Vladislav Belskiy MDhh, Vesna Mioljevic

MDii,Gabriela Di-Silvestre MDjj, Katarina Furova MDkk, May Osman Gamar-Elanbya MDll, Umesh Gupta MDmm,Khalid Abidi MDnn, Lul Raka MDoo, Xiuqin Guo MDpp, Marco Tulio Luque-Torres MDqq,Kushlani Jayatilleke MDrr, Najla Ben-Jaballah MDss, Achilleas Gikas MDtt,Harrison Ronald Sandoval-Castillo MDuu, Andrew Trotter MD, Sandra L. Valderrama-Beltr□an MD ww,Hakan Leblebicioglu MDч International Nosocomial Infection Control Consortium (INICC) report, data summary of 45 countries for 2012-2017: Device-associated module On behalf of the International Nosocomial Infection Control Consortium April 2025 American Journal of Infection Control 49(10):1267-1274

Мултицентрична студија во која се следи инциденцата на нозокомијални инфекции артефицијално предизвикани од поставување на различни дивајси кај пациентите и нивното одржување. Оваа студија е проследена во 45 земји Овој труд е ревијален и е еден од битните заклучоци на Интернационалниот конзорциум за контрола на нозокомијални инфекции, давајќи круцијални препораки за превенција. Модулот на INICC за периодот 2012–2017 за инфекции поврзани со уреди го истакнува постојано високото ниво на DA-HAI и отпорност на антимикробни средства во интензивните одделенија во земји со ниски и средни приходи, дури и со слична употреба на уреди, што ја нагласува потребата од континуирани интервенции за контрола на инфекции и примената на антибиотици.

5. Rosenthal VD, Duszynska W, Ider BE, Gurskis V, Al-Ruzzieh MA, Myatra SN, Gupta D, Belkebir S, Upadhyay N, Zand F, Todi SK, Kharbanda M, Nair PK, Mishra S, Chaparro G, Mehta Y, Zala D, Janc J, Aguirre-Avalos G, Aguilar-De-Morós D, Hernandez-Chena BE, Gün E, Oztoprak-Cuvalci N, Yildizdas D, Abdelhalim MM, Ozturk-Deniz SS, Gan CS, Hung NV, Joudi H, Omar AA, Gikas A, El-Kholy AA, Barkat A, Koirala A, Cerero-Gudiño A, Bouziri A, Gomez-Nieto K, Fisher D, Medeiros EA, Salgado-Yepez E, Horhat F, Agha HMM, Vimercati JC, Villanueva V, Jayatilleke K, Nguyet LTT, Raka L, Miranda-Novales MG, Petrov MM, Apisarnthanarak A, Tayyab N, Elahi N, Mejia N, Morfin-Otero R, Al-Khawaja S, **Anguseva T**, Gupta U, Belskii VA, Mat WRW, Chapeta-Parada EG, Guanche- Garcell H, Barahona-Guzmán N, Mathew A, Raja K, Pattnaik SK, Pandya N, Poojary AA, Chawla R, Mahfouz T, Kanj SS, Mioljevic V, Hlinkova S, Mrazova M, Al-Abdely HM, Guclu E, Ozgultekin A, Baytas V, Tekin R, Yalçın AN, Erben N. International Nosocomial Infection Control Consortium (INICC) report, data summary of 45 countries for 2013-2018, Adult and Pediatric Units, Device-associated Module.Am J Infect Control. 2021 Oct;49(10):1267-1274. doi: 10.1016/j.ajic.2021.04.077. Epub 2021 Apr 24.PMID: 33901588

Во овој труд се дадени мултицентричните резултати од 45 земји учеснички. Извештајот истакнува високи стапки на DA-HAI и значителна отпорност на антимикробни средства во различни светски средини, нагласувајќи ја потребата од континуирани, координирани напори за превенција на инфекции, правилна примена на антибиотици и адекватна нега и третман на пациентите.

6. **Т.Анѓушева**; Дентален менаџмент кај кардиоваскуларни пациенти – Клиничка перспектива; Македонско медицинско електронско списание. 2025 Ное 20; 5:29-30. https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6585 eISSN: 1857-9809

Категорија: *МИТ-ФДМ2025 - „МЕЃУ ПРАКСАТА И НАУКАТА "* **Секција:** *Стоматологија*

Во овој труд авторката ја поврзува клиничката пракса и водичите при менаџирањето на комплексните кардиолошки и кардиохируршки пациенти кои имаат потреба од стоматолошка интервенција. Дава посебен осврт на правилен прекин на антикоагулантната и антиагрегационата терапија кај кардиолошките пациенти при стоматолошка интервенција, како да се обезбеди правилна ендокардитис профилакса и кај кои пациенти. Дава препораки за стоматолошкиот третман кај пациенти со хипертензија, кога по срцев инфаркт се препорачува стоматолошка интервенција. На крај дава значајни препораки за пристап кај пациенти со акутен ангинозен синдром и шокова состојба. Труд којшто е од голема важност за секојдневната стоматолошка клиничка пракса.

7. **T.Angjusheva**; Nutritional screening and access in patients with terminal stadium of heart failure preparing for LVAD=BVAD Congress Presentation-Part of LVADs-From Rehabilitationto Paliative Care,Ventricular Assist Device HFA Premium Access Heart Failure 2025, Heart Failure Association (HFA) 18.05.2025 https://esc365.escardio.org/person/1012492 ESC365- The cardiology knowledge hub

Во овој труд е потенцирано значењето од правилна нутритивна процена на пациентите во напреднат стадиум на срцева слабост пред да се пристапи кон поставување на механичка циркулаторна потпора. Кај сите пациенти е користен MUST прашалникот како алатка за процена на тежината на потхранетост и врз основа на тоа подготовка на адекватна нутрициска диета. Воедно статистичките податоци покажуваат сигнификантна поврзаност на пробли во заздравување на раните и почести инфекции кај потхранетите пациенти.

8. **T.Anguseva. Z.Mitrev .M.Kliceva,V.Najdovski Mitral valve due to primary myxofibrosarcoma – treatment strategies;*Heart Failure 2026, ESC 365* https://esc365.escardio.org/presentation/323561,** ESC 365 - The cardiology knowledge hub

Трудот е приказ на редок случај на пациентка која пред една година е оперирана од леомиосарком на срце лоциран на преткоморната преграда, која и покрај хемио и зрачната терапија по неполна година пројавува клинички знаци на срцева слабост и на ехокардиографија е верифициран нов тумор израснат на атријалната страна на задниот митрален куспис (нова локализација). Ехокардиографски туморот е со мимикрија на миксом, но патохистолошката анализа покажа дека всушност се работи за миксофибросарком една многу ретка малигна форма со локализација на срце, која за жал често рецидивира и не ретко метастазира во коски, црн дроб и бели дробови и глава. Пациентката еден месец по хируршкиот третман е поставена на целна хемиотерапија. Задолжителни се чести ехо контроли за следење на локалниот наод за рана детекција на евентуално ново разраснување, според препораките од ретките објавени слични случаи.

9. T.Anguseva,Z.Mitrev,S.Patcheva,Z.Atanasov**;** Acute left chamber failure after mechanical circulatory implantation ***ESC 365 presentation;*** ESC365-The cardiology knowledge hub

Трудот дава приказ на случај на пациент кој 12 дена по имплантација на механичка циркулаторна потпора добива акутна левокоморна слабост поради тромбозирање на пумпата и почетниот дел на графтот кој излегува од пумпата. Во трудот е прикажана дијагностиката базирана на клиничката

слика, ехокардиографскиот наод потврдени со контрастната компјутерска снимка, како и целокупната животоспасувачка третман стратегија со болусни високи дози на хепарин со таргет АЦТ над 400 и хируршка процедура на повторно отворање и чистење на пумпата и графтот од тромби. Пациентот е со позитивен клинички исход со секвела на десностранa пареза на раката од потежок степен и отежнат говор. Во трудот е направена одлична анализа за причината за ова тромбозирање на пумпата. Во заднина најверојатно следи политрансфузијата која пациентот ја имал поради пролонгирана дренажа и ревизијата на градниот кош поради обилно крвавење. ЛДХ е одличен и клинички значаен маркер за следење на можното тромбозирање на вградената ЛВАД пумпа.

10**. Tanja N. Anguseva, Jr.**, Zan Mitrev. Zan Mitrev Clinic, Skopje, Macedonia, Acute right Heart Infarction During LVAD Implantation, is It Possible to Survive? Crazy Case - Good Clinical Outcome The Former Yugoslav Republic of. Control/Tracking Number: 22-A-111-ECTSS

Одличен приказ на случај на пациент со тросадовна коронарна болест кој има развиено терминален стадиум на срцева слабост на левата комора, со десна комора која е гранична по своите перформанси. Десната коронарна артерија е доминантна. Пациентот влегува во хируршка сала, се поставува механичка циркулаторна потпора на левата комора, но при излегување од машината за екстракорпорална циркулација развива деснокоморна слабост, поради што итно е вратен на машина и не е можно одвојувањето се до моментот додека не се направи бајпас на десната коронарна артерија. Во постоперативниот тек пациентот е со пролонгирано заздравување поради акутната деснокоморна декомпензација, но сепак со позитивен клинички исход и отпуштен дома по 2,5 месеци болнички третман. Овој приказ на случај потенцира дека во проценатa за третман на пациентите со напредната левокоморна слабост каде што етиологијата е исхемична премостувањето на левото стебло не се препорачува, но според Консензусот од 2019 година на Евгениј Потапов како главен автор при доминантна деснокоморна гранка се препорачува во ист акт и бајпасирање на десната коронарна артерија за превенирање на акутна десно коморна слабост.

11.Константин Митев, Александар Митевски, Андреа Арсовски, Илија Милев, Влатко Цветановски, Стефан Петровски, Татјана Тројиќ, Билјана Ефтимова, **Тања Анѓушева,** Кирил Лозанче; Општа хирургија, https://e-lib.ugd.edu.mk **DOI: https://www.doi.org/10.46763/9786082770932**

Во оваа книга поглавјето за предоперативна подготовка дава детален приказ за правилна и точна дијагностика на секој пациент кој треба да добие хируршки третман. Тргнувајќи од анамнестичките податоци, клиничката слика и неопходните дијагностички процедури, направено е детално стратифицирано на коморбидитетите и правилната процена на секој пациент од дополнителен ризик при хируршки третман.

12. **T. Anguseva** Zan Mitrev Clinic, Skopje, North Macedonia; Mamagememt of sepsis in cardiac patients – Is it different ? Symposium with international participation “HIGHLIGHTS IN CARDIOVASCULAR DISEASES” 01-03 October 2021, Skopje, North Macedonia; In extenso Publisher: Macedonian Society of Cardiology

Во овој труд се потенцирани спецификите на кардијалните пациенти во услови на сепса. Можноста за добивање на ендокардит и миокардит начинот

на третман, потребата од катехоламини и начинот на нивно менаџирање во услови на развој на срцева слабост и проценатa и третманот на пациентите со развој на миокардит во услови на сепса. Прикажано е значењето на третманот со ЦРРТ – Огзирис филтер во третманот посебно на ендотоксичниот шок и акутното срцево попуштање. Овој труд базиран на последните препораки на европското здружение е со јасни препораки за примена во клиничката пракса кај кардиолошките пациенти во услови на сепса.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложените документи, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа насловен доцент д-р Тања Анѓушева има голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да ја избере насловен доцент д-р Тања Анѓушева во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област кардиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Елизабета Србиновска Костовска, претседател, с.р.
Проф. д-р Христо Пејков, член, с.р.
Проф. д-р Милка Здравковска, член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ
Насловен доцент д-р Тања Анѓушева

Р. бр.	**Наставно-образовна дејност**	Поени				
	Насловен доцент	**30**				
Р. бр.	**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**	Поени				
		во земјава		во странство		
		број	поени	број	поени	вкупно
3	Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (15/10/5) **Труд со реден број 1 – прв автор (1 x 15)** **Труд со реден број 2,4,5 – останати автори** (3 **x 5**)	1 x 15 = 15 3 x 5 = 15				**30**
4	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3) **Труд под реден број 6 – прв автор (1 x 9)** **Труд под реден број 3 – останати автори (1 x 3 x 0,7)**	1 x 9 = 9 1 x 2,1				**11,1**
5	Труд објавен во зборник на трудови Труд под реден број 7,8,9,10 и 12	1	2	4	3	**14**
6	Пленарно предавање на научен собир	2	3	12	6	**78**
7	Секциско предавање на научен собир	7	2			**14**
11	Одбранет постдокторски труд			1	6	**6**
23	Студиски престој во странство	8				**8**
	Вкупно					**161,1**
Р. бр.	**Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**	Поени				
		во земјава		во странство		
		број	поени	број	поени	вкупно
2	Поглавје од книга / учебник (бр. 11)	4				**4**
12	Претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир	2 x 2				**4**
14	Прифатени иновации	3 x 5				**15**
19	Стручни награди и признанија	2 x 4				**8**
28	Член на факултетски орган, комисија	5 x 2				**10**
29	Член на институтски орган, комисија	6 x 2				**12**
	Вкупно					**53**
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ	**244,1 бода**				

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА (3.05.01.04) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-220/8 од 13.7.2026 година донесена на 361. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 13.7.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *стоматолошка протетика (3.05.01.04)* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- **проф. д-р Весна Коруноска-Стевковска**, редовен професор, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област протетика – претседател;
- **проф. д-р Никола Гиговски**, редовен професор во пензија, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област протетика – член;
- **проф. д-р Ерол Шабанов**, редовен професор во пензија, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област протетика – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 2.7.2026 година и во предвидениот рок се пријави **вонреден проф. д-р Катерина Златановска**, доктор на стоматолошки науки од областа на стоматолошка протетика, специјалист по стоматолошка протетика, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Д-р Катерина Златановска е родена на 27 декември 1980 година во Куманово, каде што завршува основно и средно образование со одличен успех. Во учебната 1999/2000 година се запишува на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на шестгодишни студии. По завршувањето на студиите, на 10.5.2006 година се стекнува со називот дипломиран доктор по стоматологија со просек 9,29. По полагање на стручниот испит на 27.11.2006 година се стекнува со работна лиценца издадена од Стоматолошката комора на Македонија.

Од 2007 до 2011 година работи како матичен стоматолог во Поликлиника „Карпош“ во Куманово.

Во 2011 година д-р Катерина Златановска се вработува на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, при што се здобива со соработничко звање помлад асистент, ангажирана да помага во наставно-образовниот процес во областа на стоматологија и стручни забни

техничари – протетичари.

225. Nikolovski Bruno, Trpevska Vesna, Belazelkovska Grezlovska Ana, Dimova Cena, **Zlatanovska Katerina, Radojkova-Nikolovska Vera** (2024) *Safe Harvest Rules and Recipient Bed Preparing.* In: 28th BaSS Congres, 25-27 April 2024, Avala

Resort and Villas, Budva, Montenegro. Abstract Book 161 (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34074

226. Longurova Natasa, **Zlatanovska Katerina**, Zarkova Julija, Kovacevska Ivona (2024) *The minimally invasive management of early occlusal caries.* In: 28th BaSS Congress, 25-27 April 2024, Avala Resort and Villas, Budva, Montenegro. (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/34166/

227. Mladenovski Marko, **Zlatanovska Katerina**, Petrovski Mihajlo, Longurova Natasa, Toneva Stojmenova Verica (2024) *Oral cancer screening: timely detection gives better results.* In: Congress od Macedonian orthodontic society with international participation "Excellence in orthodontics through diagnostics, treatment techniques, results and ethics", 26-29 Sept 2024, Hotel Granit, Ohrid, R.N.Macedonia. (Oral presentation), https://eprints.ugd.edu.mk/35069/

228. Longurova Natasa, **Zlatanovska Katerina**, Kovacevska Ivona (2023) *The most common occupational diseases among dentists from the Republic of North Macedonia.* In: 27th Congress of the Balkan Stomatological Society; "Past, Present and Future of Dental Implants and Gerodontology", 9-11 Nov 2023, Istanbul, Turkiye. (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/32574/

229. Longurova Natasa, **Zlatanovska Katerina**, Kovacevska Ivona (2023) *Root caries - risk factors, preventive and restorative measures.* In: 42nd International Scientific Conference: The Power of Knowledge, 05–08 Oct 2023, Perea, Greece. (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/32432/

230. Longurova Natasa, **Zlatanovska Katerina**, Kovacevska Ivona, Atanasova Sandra (2023) *The possibility of using ultrasound in endodontics: review.* In: Congress on Food Quality and Safety, Health and Nutrition - NUTRICON 2023. (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/32033/

231. Naskova Sanja, Dimova Cena, **Zlatanovska Katerina**, Rogoleva Gjurovski Sonja (2023) *Immunoglobulins IgA and IgG in children with permanent dentition and dental caries.* In: Nutricon & Economicon 2023 Congress, 07 June 2023, Ohrid, Republic of Macedonia. (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/33203/

232. Longurova Natasa, Toneva Stojmenova Verica, **Zlatanovska Katerina**, Denkov Nikola, Kovacevska Ivona (2022) *Застапеност на употреба на ласер низ ординациите во Источна Македонија.* In: 9. Конгрес на Македонско стоматолошко друштво со меѓународно учество (МСД): Стоматологијата пред предизвиците на новото време: можности и ограничувања, 15-18 Sept 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia. (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/30205/

233. Longurova Natasa, **Zlatanovska Katerina**, Toneva Stojmenova Verica, Kovacevska Ivona (2022) *Примена на CAD CAM системот во реставративната стоматологија.* In: 9. Конгрес на Македонско стоматолошко друштво со меѓународно учество (МСД): Стоматологијата пред предизвиците на новото време: можности и ограничувања, 15-18 Sept 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia. (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/30572/

234. Atanasova Sandra, Prosheva Pelivanova Ljubica, Carceva-Salja Sofija, Papakoca Kiro, Zarkova Atanasova Julija, **Zlatanovska Katerina** (2022) *Evaluation of lip position using different reference lines.* In: 9th Congress of Macedonian dental society with international participation "Challenging new era in dentistry: burden and opportunities", 15-18 Sept 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia. (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/31149/

235. Longurova Natasa, Toneva Stojmenova Verica, **Zlatanovska Katerina**, Kovacevska Ivona (2022) *Modern esthetic restorative procedures for the restoration of hard tooth tissues.* In: 25th Congress of Balkan Stomatological Society, 19-21 May 2022, Sarajevo, BiH. (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/30087/

236. Toneva Stojmenova Verica, Longurova Natasa, **Zlatanovska Katerina**, Kovacevska Ivona, Rogoleva Gjurovski Sonja (2022) *Dental care during SARS-COV-19 crisis.* In: 25th Congress of Balkan Stomatological Society, 19-21 May 2022, Sarajevo. (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/29775/

237. Toneva Stojmenova Verica, Longurova Natasa, Kovacevska Ivona, Rogoleva Gjurovski Sonja, Zarkova Atanasova Julija, **Zlatanovska Katerina** (2022) *Ledge formation: a complication in endodontics.* In: 9 th Congress of Macedonian dental society with international participation "Challenging new era in dentistry: burden and opportunities", 15-18 Sept 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia. (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/30214/

Пленарно предавање на научен собир

238. **Zlatanovska Katerina** (2023) *Како да ги класифицираме, дијагностицираме и третираме темпоромандибуларните дисфункции.* In: 26th BaSS Congress, 11-14 May 2023, Skopje, North Macedonia. (Oral presentation), https://eprints.ugd.edu.mk/32050/

239. **Zlatanovska Katerina** (2022) *Temporomandibular disorders – classification and etiological factors.* In: 13. Конгрес на К4-Групација „Интердисциплинарна стоматологија - идеи за нови иновации", 25-26 Nov 2022, Skopje. https://eprints.ugd.edu.mk/30993/

14. **Учесник во научен проект**

14.1 Dimova Cena, Naskova Sanja, **Zlatanovska Katerina**, Zarkova Julija, Mitevski Kiril, (2020) Современи аспекти на дезинфекција и стерилизација на инструменти и апарати во дентална медицина. https://eprints.ugd.edu.mk/27456/

14.2 CA24147 / Artificial Intelligence Driven Dental AgEstimation Network (AID-AgE) (2025). https://www.cost.eu/actions/CA24147/#tabs+Name:Working%20Groups%20and%20Membership

23. Студиски престој во странство

23.1Учесник во ACEploration Mission на Универзитетот во Гданск, Полска, мобилност на наставен кадар во рамки на проектот ACE2EU од **21-25.07.2025 година.**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ

1. **Книга/учебник**

- **Стоматолошки материјали 1** – учебник од Ивона Ковачевска, Катерина Златановска и Наташа Лонгурова (2024) ISBN 978-608-277-092-5, https://eprints.ugd.edu.mk/35717/

17. Елаборати и експертизи

17.1 Елаборат за акредитација на студиска програма Дентална медицина –

прв и втор циклус интегрирани академски студии (360 ЕКТС) (2022).

17.2 Елаборат за акредитација на прв циклус студии – студиска програма Забен-техничар – протетичар (2022).

17.3 Елаборат за акредитација на втор циклус студии – Специјалистички стручни студии за Забен-техничар – протетичар (2022).

17.4 Елаборат за акредитација на студиска програма Dental medicine – прв и втор циклус интегрирани академски студии на англиски јазик (300 ЕКТС) (2026).

17.5 Елаборат за акредитација на трет циклус студии – студиска програма Базични и клинички истражувања во дентана медицина (2026).

23. Декан

23.1 Одлука за избор на декан на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со бр. 2002-73/5 од 19.2.2026 година, со мандат до 14.9.2028 година. Одлука за потврдување на избор на декан на Факултетот за медицински науки од 255. седница на Универзитетски сенат со бр. 0201-206/4 од 26.2.2026 година.

24. Продекан

24.1. Одлука за избор на продекан за меѓународна соработка и наука на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со Одлука бр. 2002-270/9 од 4.10.2022 година, со мандат до 14.9.2025 година.

27. Член на универзитетски и владини тела

27.1. Член на Универзитетска комисија за самоевалуација на Универзитетот во 2021 со Одлука бр. 2002-258/6 од 31.8.2021 година со мандат од 4 (четири) години.

28. Член на факултетски орган, комисија

28.1. Член на Наставно-научниот совет на прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;

28.2. Член на Наставно-научниот совет на трет циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;

28.3. Претседател на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на ректор на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со Одлука бр. 2002-126/7 од 22.5.2025 година.

28.4. Претседател на Комисија за спроведување на приемни испити при упис на студенти на студиската програма по општа медицина кои немаат полагано државна матура на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во учебна 2024/2025 година, со Одлука бр. 2002-149/82 од 8.7.2024 година.

28.5. Член на Комисија за полагање специјалистички испит:

28.5.1 д-р В.Т. (Одлука бр. 2005-111/3 од 4.4.2022 год.);

28.5.2 д-р Б.Е. (Одлука бр. 2005-249/3 од 29.8.2022 год.);

28.5.3 д-р Х.Ч. (Одлука бр. 2005-271/4 од 29.9.2022 год.);

28.5.4 д-р Д.М. (Одлука бр. 2005-98/4 од 31.3.2023 год.);

28.5.5 д-р Н.А. (Одлука бр. 2005-109/3 од 20.4.2024 год.);

28.5.6 д-р П.Ѓ. (Одлука бр. 2005-259/14 од 18.10.2024 год.);

28.5.7 д-р М.З. (Одлука бр. 2005-137/6 од 17.4.2026 год.).

28.6 Претседател/член на комисија за избор:

28.6.1. Претседател на Рецензентска комисија за избор на асистент за наставно-научната област *протетика* – ас. д-р Љ.П. (Одлука бр.2002-167/14 од 7.6.2022 година);

28.6.2. Претседател на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање – насловен доцент / насловен вонреден професор за наставно-научната област *протетика* – д-р Б.П.Ш. (Одлука бр. 2002-212/12 од 8.7.2022 година);

28.6.3. Претседател на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање – насловен доцент / насловен вонреден професор за наставно-научната област *стоматолошка протетика* – д-р Б.Н. (Одлука бр. 2002-267/18 од 14.11.2025 година);

28.6.4. Претседател на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања - доцент за наставно-научната област *стоматолошка протетика* – ас. д-р Љ.П. (Одлука бр. 2002-282/16 од 1.12.2025 година);

28.6.5. Претседател на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања - доцент за наставно-научната област *стоматолошка протетика* – д-р П.А. (Одлука бр. 2002-346/21 од 24.12.2025 година).

28.7. Рецензент за рецензирање на учебно помагало:

28.7.1. Рецензент за рецензирање на скрипта „Орална патологија за стручен забен техничар - протетичар“ (Одлука бр. 2002-73/16 од 19.2.2026 година).

28.7.2. Рецензент за рецензирање на учебник „Дентална трауматологија“ (Одлука бр. 2002-113/73 од 30.5.2024 година).

28.8. Член на Комисија за евалуација и изработка на ранг-листи по објавен оглас за прием на кандидати на специјализација на Факултетот за медицински науки:

28.8.1. Одлука бр. 0204-617/1 од 4.10.2022 година;

28.8.2. Одлука бр. 0204-876/1 од 25.9.2023 година;

28.8.3. Одлука бр. 0204-140/1 од 5.2.2025 година.

28.9. Член и ментор на специјалистички труд на Хамиде Љатифи со Одлука бр. 2002-50/37 од 19.2.2025 година.

28.10. Претседател/член на Комисија за оценка и одбрана на докторски труд

28.10.1. Д-р А.Д. (Одлука бр. 0206-506/3 од 18.5.2023 год.);

28.10.2. Д-р П.А. (Одлука бр. 0206-589/13 од 15.8.2025 год.);

28.10.3. Д-р Љ.П.П. (Одлука бр. 0206-680/11 од 17.9.2025 год.);

28.10.4. Д-р Ф.А. (Одлука бр. 0206-148/7 од 30.1.2026 год.).

29. Член на институтски орган, комисија

29.1. Член на Комисија за стручни стоматолошки прашања и континуирана стоматолошка едукација при Стоматолошка комора на Македонија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупните презентирани досегашни активности, кои ги реализирала вонреден професор д-р Катерина Златановска, а ние како Рецензентска комисија ги елабориравме во овој извештај, се забележува и потенцира богата и широка активност во сферата на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и според целата приложена документација, може да се констатира дека кандидатката вонреден професор д-р Катерина Златановска, ги исполнува критериумите за да биде избрана во звањето редовен професор и за целокупната активност во извештајниот период од 2022 до 2026 година има остварено (НО=40, НИ=226,5 и САОР=87) или вкупно 353,5 поени.

Врз основа на приложениот материјал и изнесените податоци, според Правилникот за посебни услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатката вонреден професор д-р Катерина Златановска да биде избрана за наставник во звање редовен професор за наставно-научната област стоматолошка протетика, на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и Одлуката да се достави до Универзитетскиот сенат за потврдување.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Весна Коруноска Стевковска, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Никола Гиговски, редовен професор, член, с.р.
Д-р Ерол Шабанов, редовен професор, член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Р. бр.	**Наставно-образовна дејност**			**Поени**				
				Во земјава		**Во странство**		
				број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
5	Избор во звање вонреден професор			40				40
	ВКУПНО							**40**
Р. бр.	**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**			**Поени**				
				Во земјава		**Во странство**		
				број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
4	Научен труд објавен во меѓународно научно списание							
	- втор автор: Труд бр. 156, 157, 159, 161, 162, 164, 166, 167, 168, 170, 172, 173, 176;					13	6	78
	- останати автори: Труд бр. 158, 160, 163, 165, 169, 171, 174, 175, 177;					9	3	27
5	Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (во земјава) Труд бр. 222			1	2	/	/	2
	Труд со оригинални резултати објавен во зборник на трудови на научен собир (во странство) Труд бр. 178, 180, 186, 187, 203, 204, 205, 206, 207, 209, 210, 211, 218, 219, 220, 221.			/	/	16	3	48
6	Пленарно предавање на научен собир Труд бр. 238, 239;			2	3	/	/	6
9	Учество на научен собир со реферат (постер/усно) во земјава и странство							
	Постер	во зем.	Труд бр. 188, 196, 200, 201, 202, 212, 230, 231, 232, 233, 234, 237.	12	1	/	/	12
		во стр.	Труд бр. 179, 182, 183, 184, 190, 11, 192, 193, 197, 198, 213, 214, 215, 216, 217, 223, 225, 226, 228, 229, 235, 236.	/	/	22	1,5	33
	Усно	во зем.	181, 195, 199, 208, 227.	5	1,5	/	/	7,5
		во стр.	185, 189, 194, 224.	/	/	4	2	8
14	Учесник во научен проект (максимум во 3 проекти) Под реден бр. 14.1, 14.2;			1	2	1	3	5
	ВКУПНО							**226,5**
Р. бр.	**Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**			**Поени**				
				Во земјава		**Во странство**		
				број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
1	Книга/учебник			1	10	/	/	**10**
17	Елаборати и експертизи Под реден бр. 17.1; 17.2; 17.3; 17.4; 17.5;			5	2	/	/	**10**
24	Продекан			1	8	/	/	**8**

27	Член на универзитетски или владини тела Со реден бр. 27.1	1	5	/	/	**5**
28	Член на факултетски орган, комисија Со реден бр. 28.1; 28.2; 28.3; 28.4; 28.5.1-7; 28.6.1-5; 28.7.1-2; 28.8.1-3; 28.9; 28.10.1-4;	26	2	/	/	**52**
29	Член на институциски орган, комисија Со реден бр. 29.1;	1	2	/	/	**2**
	ВКУПНО					**87**
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ					**353,5**

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЛИКОВНА/ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ НА ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2402-50/5 од 11.5.2026 година донесена на 128. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовна академија, одржана на 6.5.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/ насловен вонреден професор за наставно-научната област ликовна/визуелна уметност на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија е во состав:

- м-р Јана Јакимовска, редовен професор од областа ликовна/визуелна уметност – 6.04.00.01, Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- м-р Слободанка Стевчевска, редовен професор од областите ликовна/визуелна уметност (6.04.00.01) и друго (6.04.00.08), Факултет за ликовни уметности, УКИМ – член;
- м-р Антони Мазневски, редовен професор на група предмети од областа цртање и сликање, Факултет за ликовни уметности, УКИМ – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 21.4.2026 година и во предвидениот рок се пријавија:

- м-р Верица Наумова;
- м-р Јована Трајанова.

Врз основа на приложената документација од кандидатките, чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. **М-р Верица Наумова**

Биографски податоци

М-р Верица Наумова е родена во 1982 година во Штип. Додипломските студии на отсекот Сликарство со насока Графички дизајн во класата на проф. Благоја Маневски на Факултетот за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје ги започнува во 2001 година, а ги завршува во 2006 година, со средна оценка 8,81, со што се стекнува со право на стручен назив дипломиран сликар со графички дизајн. Во 2007 година таа се запишува на магистерски студии на истиот факултет, каде што под менторство на проф. Благоја Маневски магистрира во 2011 година, со средна оценка 9,92, на тема со наслов „Мултиплицирање, серијалност во отвореното уметничко дело“, со што се стекнала со право на научен степен магистер на ликовни уметности од областа сликарство. Во периодот од 2008-2009 година, кандидатката запишува и успешно ја завршува студиската програма за стекнување наставнички компетенции на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во својата биографија, кандидатката наведува дека во 2011 г. се стекнала и со Уверение за стручен

испит издадено од Министерството за образование и наука. Дополнително, кандидатката наведува сертификати за учество на 2 обуки доделени од МОН - Биро за развој на образованието: Сертификат за учество во обука под наслов „Стратегии за менаџмент во училница – принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училницата и во онлајн/виртуелна училница“ (2023) и Сертификат за учество во обука под наслов „Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторства и сл.)“ (2024).

Работното искуство на кандидатката речиси исклучиво е врзано за образованието и ликовната уметност. Уште од 2009 година таа работи како наставник по ликовно воспитание и одделенски раководител во ООУ „Ванчо Прке“ – Штип, работа која ја работи и денес. Од 2022 година до денес, таа е и наставник во Ликовното ателје при Центар на култура „Ацо Шопов“ – Штип. Од 2023 година до денес, таа е континуирано ангажирана на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип како стручњак од праксата, каде што активно и успешно учествува во наставата.

Во својата биографија, кандидатката наведува повеќе активности - самостојни изложби во земјава и во странство, учества на групни изложби, но и менторски претставувања со своите ученици, од што се насетува испреплетеноста на овие две линии во нејзината пракса. Истите се испреплетени и во биографијата на кандидатката, па оттаму Комисијата се обиде најдобро што е можно да ги раздвои и класифицира овие активности за да можат да бидат најсоодветно бодувани и наведени во општите и посебните услови за избор. Кандидатката, исто така, наведува и учества на разни проекти и меѓународни конференции. Наведува дека е долгогодишен соработник на повеќе културни, образовни и уметнички институции во и вон земјава. Таа наведува дека била раководител на бројни проекти со ученици, учесник на културни и уметнички манифестации поддржани од Министерството за култура на РМ, како и на проекти финансирани од Владата на Република Романија.

Кандидатката наведува листа на сертификати и награди, листа на учества на проекти, како и меѓународни конференции. Комисијата за сите овие активности поединечно ќе се изнесе подолу во овој Извештај.

Општи услови за избор:

Просечен успех

Кандидатката м-р Верица Наумова има остварено просечен успех 8,81 на првиот циклус студии по сликарство на Факултетот за ликовни уметности при УКИМ во Скопје. На вториот циклус студии на истиот факултет, кандидатката има остварено просечен успех 9.92, со што вкупниот просечен успех на кандидатката од двата циклуси на студии е 9.36.

Научен степен- магистер

Кандидатката м-р Верица Наумова во 2011 година се стекнува со звањето магистер на ликовни уметности од областа сликарство на Факултетот за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со што го исполнува условот за научен/уметнички степен од соодветната област. Дополнително, кандидатката ја завршува студиската програма за стекнување наставнички компетенции на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

во 2009 година, за што има соодветна документација. Во својата биографија, кандидатката наведува дека во 2011 г. се стекнала и со Уверение за стручен испит издадено од Министерството за образование и наука, меѓутоа за овој податок нема доставено соодветна документација до Рецензентската комисија.

Претходен избор во звање

Кандидатката нема претходен избор во звање.

Објавени научни трудови во референтна научна публикација

Кандидатката има објавено следниот труд:

- Efremov, J., Naumova, V., Dimitrijeva Kuzmanovska, V., Janevski, A. i Ananijeva, M. (2025). „DEVELOPMENT OF FORM AS A FORMATIVE ELEMENT IN THE INDUSTRIAL FASHION PRODUCT", *Zbornik radova / Proceedings: VIII Međunarodna naučna konferencija "Savremeni trendovi i inovacije u tekstilnoj industriji" (CT&ITI 2025)*, Beograd: Union of Engineers and Textile Technicians of Serbia, стр. [283–297], ISBN 978-86-900426-8-5.

Комисијата констатира дека наведениот труд претставува научен труд објавен во Зборник на трудови од меѓународна научна конференција (Proceedings). Иако трудот ги поседува сите атрибути на научен труд и соодветно се бодува во рамките на научноистражувачката дејност (согласно со Правилникот), тој не е објавен во референтно научно списание со фактор на влијание (Impact Factor). Соодветно на тоа, Комисијата го признава и вреднува овој труд како научен труд објавен во зборник од меѓународен научен собир.

Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава

М-р Верица Наумова е авторка на повеќе признати уметнички и стручни дела и остварувања кои се од особено значење за афирмацијата на културата и уметноста во и надвор од земјава. Таа во биографијата наведува две самостојни ликовни претставувања во земјава (Бесконечен ритам, 2006, Младински културен центар во Скопје,и Волшебен ќилим, 2005, Младински културен центар во Скопје, во рамки на Бела ноќ). За второнаведената самостојна изложба која истовремено во биографијата е наведена и како учество на групна изложба, кандидатката нема доставено соодветна документација во вид на каталог, но има документација за нејзино случување. Поради природата на манифестацијата Бела ноќ и неможност да се утврди бројот и количеството на дела на кандидатката, истата ќе се разгледува како учество на групна изложба. Кандидатката има наведено и учества на неколку групни изложби. Конкретни наводи и документација за некои од овие активности е приложена и истите Комисијата ќе ги разгледа и вреднува во табелата подолу. Во овој контекст, во пријавата се приложени документи на повеќе страници на кои се прикажани фотографии од изложби и работилници, без наслов, како и неколку репродукции на уметнички дела. Со оглед на тоа дека не е приложена официјална документација (каталози или публикации од овие активности, покани, договори и слично) како доказ за дел од уметничките и стручните остварувања на кандидатката, Комисијата истите не може да ги вреднува. Кандидатката приложува и голем број менторски учества на

изложби со своите ученици, поткрепени со сертификати, пофалници и плакати. Комисијата заклучува дека овие активности ќе бидат разгледувани и бодувани во делот на стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Дополнително, кандидатката во документацијата која ја приложува, наведува учество во изработка на две монументални дела: мозаикот Универзум на Домот на култура „Ацо Шопов“ во Штип, 2022 (за кој има соодветна документација во вид на оригинален сертификат), како и учество во изработка на мозаик во Меморијалниот центар на АСНОМ во Пелинце, 2004, за кој има приложено црно-бела фотокопија од фотографија на споменикот, без конкретна документација која ги наведува имињата на авторите и учесниците, поради што оваа активност нема да се вреднува.

Кандидатката во својата биографија ги наведува и следните самостојни изложби во странство:

1. Самостојна изложба со уметнички слики „Традиционалните мотиви на традиционалната романска и влашка носија“, 26-30 март, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација, Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија (2026);
2. Самостојна изложба со уметнички слики „Мозаик фолклорните мотиви на Романците“, 23-27 октомври, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација, Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија (2025);
3. Самостојна изложба со уметнички слики „Традиционалните влашки носии од Северна Македонија“, 23-26 мај, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација, Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија (2025);
4. Самостојна изложба со уметнички слики разработки на мотиви од традиционалните појаси на Власите во Македонија, 23-27 мај, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација, Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија (2024);
5. Самостојна изложба со слики „Флоралните мотиви во традиционалните влашки носии“, 24-28 октомври, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација, Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија (2024);
6. Самостојна изложба „Инсталација традициите мостот на културите“, 25-28 мај, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација, Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија (2023);
7. Самостојна изложба со слики со традиционални влашки носии, 16-30 декември, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација, Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија (2021).

За две од овие активности (под ред. бр. 4 и 6) не е доставена соодветна поткрепувачка документација и истите нема да се разгледуваат, додека за преостанатите пет активности (под ред. бр. 1, 2, 3, 5 и 7) Комисијата детално ја разгледа доставената документација. Земајќи ги предвид нивното времетраење, карактерот и организациската поставеност на здружението, како и тематиката на настаните, Комисијата констатира дека овие активности не можат да се бодуваат како самостојни ликовни изложби во странство, туку соодветно се класифицираат и бодуваат како учество на ликовна изложба во странство.

Во прилог ги наведуваме најзначајните дела и претставувања на кандидатката м-р Верица Наумова:

Бр.	Автор	Наслов на делото / изложбата	Место на претставување	Година
1.	Верица Наумова	Самостојна изложба со уметнички слики „Традиционалните мотиви на традиционалната романска и влашка носија“, 26-30 март, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација	Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија	2026
2.	Верица Наумова	Самостојна изложба со уметнички слики „Мозаик фолклорните мотиви на Романците“, 23-27 октомври, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација	Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија	2025
3.	Верица Наумова	Самостојна изложба со уметнички слики „Традиционалните влашки носии од Северна Македонија“, 23-26 мај, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација	Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија	2025
4.	Верица Наумова	Самостојна изложба со слики „Флоралните мотиви во традиционалните влашки носии“, 24-28 октомври, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација	Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија	2024
5.	Верица Наумова	Учество со изложба на слики во Меѓународниот проект „Традицијата и културата обединуваат“ финансиран од Владата на Романија	Информативен центар на Романија, Скопје, Р. Северна Македонија	2023
6.	Верица Наумова	Учество во проектот „Холокаустот низ призмата на детските очи“	Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија, Скопје, Р. Северна Македонија	2023
7.	Верица Наумова	Учество на изложба „Мојот град“	НУ Центар на култура „Ацо Шопов“ - Штип, Р. Северна Македонија	2022
8.	Верица Наумова	Учество во изработка на мозаикот УНИВЕРЗУМ (проект на Welcome center)	НУ Центар на култура „Ацо Шопов“ - Штип, Р. Северна Македонија	2022
9.	Верица Наумова	Самостојна изложба со слики со традиционални влашки носии, 16-30 декември, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација	Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија	2021
10.	Верица Наумова	Самостојна изложба „Бесконечен ритам“	МКЦ, Скопје, Р. Македонија	2006
11.	Верица Наумова	Штипско културно лето 2005: ФЛУ Апсолвенти 2005, класа на проф. Благоја Маневски	Безистен, Штип, Р. Македонија	2005
12.	Верица Наумова	Бела ноќ 2005: инсталација „Волшебен ќилим“	МКЦ, Скопје, Р. Македонија	2005
13.	Верица Наумова	7. Биенале на млади уметници	МСУ Скопје, Р. Македонија	2004

14.	Верица Наумова	„Еклектизам“	Безистен, Штип, Р. Македонија	2004
15.	Верица Наумова	„Еклектизам“	Дом на култура – Виница, Р. Македонија	2004
16.	Верица Наумова	„Еклектизам“	Галерија Куманово, Р. Македонија	2004

Со оглед на тоа дека станува збор за истата изложба која била изложувана во повеќе градови, активностите под редните броеви 14, 15, и 16 во оваа табела ќе бидат бодувани како една активност. Дополнително, кандидатката ги има наведено следните учества на изложби, меѓутоа за нив нема доставено материјален доказ во документацијата:

- Учество на изложба „Крафт фестивал“ при НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ - Штип (2023);
- Учество на изложба за време на одржувањето на Макфест (музички фестивал) - НУ Центар на култура „Ацо Шопов“ - Штип (2023);
- Учество на биенале на цртеж на уметници на град Штип, НУ Центар на култура „Ацо Шопов“ – Штип (2022);
- Учество на модна ревија со колекција „Кирилицата магичниот мост до уметноста“, Факултет за уметности, Југозападен универзитет „Неофит Рилски“ (2022);
- „International Fashion Days“ Faculty of Technology, University „Goce Delcev“ - Stip (2022);
- Учество на групна изложба на жените од источниот регион - НУЦК „Ацо Шопов“ - Штип (2019);
- „Млади уметници“ Безистен Штип (2006);
- Интернационално биенале на млади уметници, Музеј на Град Скопје. (2004)

Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик

Кандидатката Верица Наумова активно го владее англискиот јазик (III степен), за што има приложено соодветна документација од Центар за странски јазици при Работнички универзитет „Ванчо Прќе“ – Штип.

Способност за изведување на високообразовна дејност

Имајќи ја предвид биографијата на кандидатката, нејзината педагошка доквалификација, како и нејзиниот долгогодишен ангажман во образованието од областа на ликовната уметност и воспитание како наставник во ООУ „Ванчо Прке“ во Штип, ангажманот како ликовен наставник во Домот на култура „Ацо Шопов“, бројните менторства на ученици и нивни учества на изложби, конкурси и манифестации, како и тригодишниот ангажман во високото образование како стручњак од пракса на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, може да се заклучи дека кандидатката покажува исклучителна способност за изведување на високообразовна дејност.

Посебни услови:

Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати

Кандидатката во својата биографија има наведено учество на повеќе проекти. За дел од наведените активности не е доставена соодветна

документација, поради што Комисијата не ги зема предвид при вреднувањето. Воедно, проектите во кои кандидатката се јавува како ментор на ученици од основното и средното образование не можат да се земат предвид во рамките на овој посебен услов.

Релевантните учества кои Комисијата ги зема предвид се прикажани во следната табела:

Бр.	Автор	Наслов на проект	Место на претставување	Година
1.	Верица Наумова	Меѓународен проект: Мозаична инсталација како културна соработка и современо живеење, Платформа за меѓународна соработка	Дом на култура „Ацо Шопов“ - Штип, Р. Северна Македонија	2022
2.	Верица Наумова	Учество во меѓународниот проект Меѓународни денови на Власите, финансиран од Министерството за култура на Македонија	Општина Крушево, Р. Северна Македонија	2022
3.	Верица Наумова	Учество во Меѓународниот проект Денови на влашката култура и уметност, 2020, Крушево	Општина Крушево, Р. Северна Македонија	2020

Успешно дејствување во соодветната област на уметноста

Кандидатката во својата биографија наведува самостојни и групни претставувања во земјава и во странство, кои се веќе наведени погоре во овој реферат. Но, нејзиниот суштински успех во областа е успешното образување и менторирање на ученици од основното и средното образование и нивно насочување кон ликовната уметност. За тоа сведочат нејзините работни ангажмани во формалното и неформално образование наведени погоре во овој реферат, како следните активности во вид на менторски учества, одржани работилници и останати активности, поткрепени со документација:

- Ментор на ликовна работилница „Ехото на мозаикот“ при НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ – Штип, 2025;
- Менторско учество на изложба „Пејзаж“ при НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ – Штип;
- Годишна студентска изложба на факултетите од визуелните уметности - 2025, ментор на студенти;
- Годишна студентска изложба на факултетите од визуелните уметности - 2024, ментор на студенти;
- Менторско учество на изложба „Штип град на текстилот“ при НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ - Штип (2024);
- Менторско учество на изложба посветена на надреализмот, Надреализмот како личен израз - НУ Центар на култура „Ацо Шопов“ - Штип (2023);
- Менторско учество на 1st National Space Olympiad - при НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ - Штип (2023);
- Менторско учество на изложба „100 год. од раѓањето на Ацо Шопов“ во чест на поетот во галерија при НУ Центар на култура „Ацо Шопов“ - Штип (2023);
- Менторско учество на ликовниот конкурс на тема „Креативноста низ дизајнот и уметноста“ СОУ „Димитар Мирасчиев“ - Штип (2022); Менторско учество на изложба „Цветови “ - Центар на култура „Ацо Шопов“ - Штип (2022).

Освен овие активности кои се наведени во нејзината биографија, кандидатката кон пријавата приложува уште документи кои сведочат за нејзиното залагање во областа на остручувањето на младите во областа на ликовната уметност:

- Благодарница како наставник во ООУ „Ванчо Прке“ – Штип за особен придонес и менторска поддршка на ученичката Бјанка Читкушева за освоено I (прво) место на Ликовен конкурс на тема „Облекувај се паметно – одржлива мода“, доделена од Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието (2025);
- Благодарница за изработка на слики за модна колекција доделена од НУ Спомен куќа „Тодор Проески“ – Крушево (2023);
- Ментор на Работилница за мозаик со млади таленти насловена „Мозаикот денес“, Плато – Дом на култура „Ацо Шопов“ - Штип, РС Македонија (2022);
- Благодарница за изработка на детски цртежи од НУ Спомен куќа „Тодор Проески“ – Крушево (2022);
-Сертификат за учество во активности организирани од Информативниот центар на Романија во Република Северна Македонија, доделена од Информативен центар на Романија во Скопје (2022);
- Благодарница за менторство на учениците на Ликовниот конкурс на тема „Војната долго се осветува“ по повод 6 Април – Ден на цивилните инвалиди од војната на Македонија, доделена од Национален сојуз на цивилни инвалиди од војната на Македонија (2019);
- Пофалница за освоена дополнителна награда во категоријата севкупно творештво, како ментор на Меѓународниот културно-уметнички конкурс „Уметноста – моја инспирација, 2019“, доделена од Академија „Еуроарт“ – Штип, РС Македонија (2019);
-Благодарница за менторско учество на еко-хепенингот во ОУ „Ванчо Прке“, Штип, доделена од Просветно дело АД, Детска радост (2013)
-Благодарница за учество како наставник на Ликовниот конкурс „Битола 2013“, доделена од Детско ликовно студио „Св. Кирил и Методиј“ - Битола – Македонија (2013).

Освен горенаведените, кандидатката приложува уште 9 благодарници и 1 признание кои Комисијата не може да ги валоризира во контекст на успешно делување во областа на уметноста.

Кандидатката ја има наведено следната активност, која не кореспондира со времето на нејзиниот ангажман на Ликовната академија при УГД:
- Годишна студентска изложба на факултетите од визуелните уметности - 2023, ментор на студенти.

Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници

Бидејќи кандидатката во работата на Академијата е вклучена како стручно лице од праксата (во учебните години 2023/2024, 2024/2025, 2025/2026), таа овој услов го исполнува индиректно, преку работа со студентите од студиската програма Класично сликарство и нивно оспособување во практичниот дел од наставата.

Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД

Кандидатката нема објавено учебник, скрипта ниту практикум,

но имајќи предвид дека станува збор за прв избор во насловно звање овој критериум не е неопходен за исполнување на условите.

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Кандидатката Верица Наумова поседува долгогодишно наставно и педагошко искуство во областа на ликовните уметности. Нејзиниот професионален ангажман во образовниот процес го опфаќа следново:

- Основно образование: Од 2009 година до денес работи како наставник по ликовно образование и одделенски раководител во ООУ „Ванчо Прке“ – Штип.
- Неформално и уметничко образование: Од 2022 година е наставник во Ликовното ателје при НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ – Штип.
- Високо образование**:** Од 2023 година е ангажирана на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип како стручно лице од пракса, каде што учествува во изведувањето на практичната настава и вежби по предмети од областа на ликовните уметности. Кандидатката за време на овие студиски години беше ангажирана на вкупно 4 предмети: Сликање 1, Сликање 2, Визуелна култура и Теорија на ликовни уметности – 2 во летниот и 2 во зимскиот семестар. На овие предмети кандидатката асистираше на студентите во делот на практичните вежби, но како стручно лице од праксата таа и одржа по едно предавање во секој семестар. Комисијата констатира дека оваа конкретна активност се вреднува како одржано предавање по покана од научна институција во делот на Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности.

Покрај редовната настава, кандидатката има остварено исклучителен придонес во менторството на ученици и студенти, водејќи бројни проекти, како и организирање и менторирање на годишните студентски изложби на факултетите од визуелните уметности во годините во кои била ангажирана како стручно лице од праксата.

Творечкиот и истражувачкиот опус на кандидатката Верица Наумова се одликува со стручна примена и поврзаност меѓу традиционалните уметнички форми (мозаик, фолклорни мотиви, текстил) и нивна современа трансформација во уметноста и дизајнот.

Кус осврт на научниот труд (коавторство):

- Jordan Efremov, Verica Naumova, Vangja Dimitrijeva Kuzmanovska, Aco Janevski, Marija Ananijeva, *„DEVELOPMENT OF FORM AS A FORMATIVE ELEMENT IN THE INDUSTRIAL FASHION PRODUCT“*, VIII Меѓународна научна конференција „Savremeni trendovi i inovacije u tekstilnoj industriji“, 18–19 септември 2025, Белград, Србија.

Евалуација: Трудот се фокусира на аналитичкиот и креативниот процес на развој на формата како примарен конститутивен елемент во индустрискиот моден производ. Научниот придонес на кандидатот се гледа во интердисциплинарниот пристап, поврзувајќи ги визуелните уметности со текстилната индустрија и индустрискиот дизајн.

Кандидатката во извештајниот период нема објавено трудови во списанија со ИФ, бидејќи нејзината примарна дејност е во областа на уметничко-применетото творештво, изложбената дејност и стручно-апликативните проекти.

Врз основа на увид во целокупната документација може да се заклучи дека кандидатката Верица Наумова поседува соодветни квалификации, темелно академско образование (магистер по ликовни уметности – сликарство) и богато наставно-педагошко искуство. Нејзиното ангажирање како стручњак од пракса на Ликовната академија претставува директен мост меѓу образовниот систем и уметничката пракса. Со оглед на изложбените активности во земјава и во странство, учеството во меѓународни проекти, учество во изработка на 1 монументално дело и континуираното менторство, кандидатката целосно ги исполнува условите за избор во соодветното звање за кое аплицира.

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Во рамките на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, Комисијата го разгледа и синтетизираше целокупниот професионален, стручен и организациски ангажман на кандидатката м-р Верица Наумова. Нејзиниот стручен придонес примарно се огледа преку континуираната примена на ликовната уметност во заедницата и културните установи, изработката на сложени уметнички инсталации и монументални дела, како и крос-секторската соработка меѓу визуелните уметности и индустријата. Посебен акцент во оваа категорија се става врз нејзиното учество во изработката на монументалниот мозаик „Универзум“ за потребите на НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ во Штип, а во организација на Welcome center (2022), како и реализацијата на мозаичната инсталација остварена преку Платформата за меѓународна соработка (2022). Воедно, нејзиното научно-стручно профилирање во апликативните области е потврдено и преку интердисциплинарниот труд објавен во зборникот на трудови од VIII Меѓународна научна конференција во Белград (2025), каде што преку коавторство ја обработува проблематиката на развојот на формата во индустрискиот моден производ.

Организациско-развојниот сегмент од нејзината кариера е силно обележан со создавањето соработка со повеќе образовни, културни и локални институции. Кандидатката остварува докажана дејност преку организација, раководење и менторска реализација на широк спектар уметнички и едукативни содржини, меѓу кои се издвојуваат авторските и менторските ликовни работилници „Ехото на мозаикот“ (2025) и „Мозаикот денес“ (2022), остварени во соработка со НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ во Штип. Во тој контекст се вбројуваат и организираните тематски изложби (10), ликовните конкурси и културните манифестации во кои таа активно ги насочува и подготвува младите автори и студентите, што е валидирано со повеќе благодарници и признанија (9) издадени од релевантни државни и културни институции, како што се Министерството за образование и наука – Биро за развој на образованието (2025), НУ Спомен куќа „Тодор Проески“ во Крушево (2022, 2023), Информативниот центар на Романија (2022), како и локални образовни и уметнички центри (2013, 2019).

Паралелно со ова, кандидатката остварува континуиран професионален развој преку следење и учество на стручни обуки (2) организирани од Бирото за развој на образованието (2023, 2024), насочени кон менаџментот во училиштата и унапредувањето на професионалната соработка меѓу наставниците. Сите овие сегменти потврдуваат дека м-р Верица Наумова поседува изразен капацитет за практична примена на уметноста, организација на стручно-апликативни проекти и развој на институционалната соработка.

1. **М-р Јована Трајанова**

Биографски податоци

М-р Јована (род. Велинова) Трајанова е родена во 1996 година во Штип, каде што ги завршува основното и средното образование. Додипломските студии ги започнува во учебната 2014/2015 година на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на насоката Класично сликарство. Дипломира во 2018 година со просечен успех 9,56, стекнувајќи се со стручниот назив дипломиран ликовен уметник од областа на класичното сликарство, а за покажаниот исклучителен успех за време на студиите е одликувана и со Пофалница за најдобар студент. Во 2019 година завршува Академија за графички дизајн во Едукативниот центар „Брејнстер“ во Скопје, стекнувајќи се со соодветен сертификат, а во 2020 година на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип успешно ја завршува и студиската програма за стекната педагошко-психолошка и методска подготовка. Во учебната 2023/2024 година ги запишува едногодишните постдипломски студии по сликарство на Ликовната академија при УГД – Штип, каде што магистрира во 2025 година со просечен успех 9,75 и го стекнува уметничкиот степен магистер по ликовна уметност – сликарство.

По дипломирањето во 2018 година, кандидатката професионално дејствува како графички дизајнер и илустратор. Во рамките на својот стручен и авторски ангажман, таа креира авторски сликовници и персонализирани изданија за деца, а се јавува и како илустратор на повеќе детски изданија за Издавачката куќа „Арс Ламина“. Покрај професионалната дејност во областа на дизајнот, м-р Јована Трајанова остварува и континуирана уметничка активност преку реализација на самостојни и групни изложбени проекти (вклучително учества на изложби во организација на ДЛУШ, Фестивалот „Паратисима“ и меѓународни мултимедијални колаборации), а ангажирана е и како предавач на меѓународни работилници. За својата дејност е добитник на повеќе признанија, меѓу кои и Прва награда на Националниот конкурс за стрип „ЛИФТ“ (2019).

Општи услови за избор:

Просечен успех

Кандидатката м-р Јована Трајанова има остварено просечен успех 9,56 на првиот циклус на студии по класично сликарство на Ликовна академија при УГД во Штип. На вториот циклус на студии на истиот факултет, кандидатката има остварено просечен успех 9,75, со што вкупниот просечен успех на кандидатката од двата циклуси на студии е 9,65.

Научен степен магистер

Кандидатката м-р Јована Трајанова во 2025 се стекнува со звањето магистер по ликовна уметност - сликарство на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со што го исполнува условот за научен/уметнички степен од соодветната област. Дополнително, кандидатката ја завршува студиската програма за стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип во 2020 година, за што има соодветна документација. Во својата биографија, кандидатката наведува дека во 2019 година се стекнала и со сертификат за успешно завршување на Академија за графички дизајн во Едукативниот центар „Брејнстер“ во Скопје, што исто е поткрепено со документација во нејзината пријава.

Претходен избор во звање

Кандидатката нема претходен избор во звање.

Објавени научни трудови во референтна научна публикација

Во списокот на трудови кандидатката ги наведува следните трудови:

1. Магистерски труд „Од платно до бајка: употреба на класичните сликарски техники во креирањето на илустрации за деца“; јуни 2025 г.
2. Стручен труд „Сликарство и илустрирање наменето за деца и млади - разбирање и учење преку слика“; Објавено во годишен ликовен преглед за 2024 година при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип; февруари 2024 г.

Комисијата заклучува дека магистерскиот труд на кандидатката не може да се признае во оваа категорија, бидејќи истиот се вреднува и бодува како посебен услов за стекнат научен/уметнички степен. Соодветно на тоа, стручниот труд на кандидатката е објавен во публикација која не се смета за референтна научна публикација, па оттаму Комисијата смета дека овој труд треба да се разгледува и бодува како труд објавен во стручно (научно-популарно) списание.

Врз основа на наведеното, Комисијата констатира дека кандидатката нема објавено научни трудови во референтна научна публикација.

Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава

Кандидатката е авторка на повеќе признати уметнички и стручни дела и остварувања кои се од особено значење за афирмацијата на културата и уметноста во и надвор од земјава. Во прилог ги наведуваме најзначајните такви дела и претставувања.

Бр.	Автор	Наслов на делото / изложбата	Место на претставување	Година
1.	Јована Трајанова	Atiny's Castle, Hailblade x Leodav	Base 42, Скопје, Р. Северна Македонија	2025
2.	Јована Трајанова	Уметник/ илустратор во македонскиот анимиран филм „The Toothstars“	Продукција: InnovaRights & Licensing	2025
3.	Јована Трајанова	Боите на приказните, изложба на илустрации за деца	Ликовна академија, УГД, Штип, Р. Северна Македонија	2024
4.	Јована Трајанова	Уметник/ илустратор во македонскиот анимиран филм „Јон Вардар против галаксијата“	Продукција: Lynx Animation Studios 3D2D Animatori Invictus Umatik Entertainment	2024
5.	Јована Трајанова	Уметник/ илустратор во американскиот анимиран филм „Olive“	Продукција: Aeon Production, Best Yet Entertainment	2024
6.	Јована Трајанова	Комплетно илустрирање на сликовницата „Детето на Месечината“ на авторката Јана Глигороска ISBN 978-608-267-797-2	Издавач Либи, дел од Арс Ламина, Скопје, Р. Северна Македонија	2023

7.	Јована Трајанова	Комплетно илустрирање на сликовницата „Перуника“ на авторот Сибо ISBN 978-608-267-471-1	Издавач Либи, дел од Арс Ламина, Скопје, Р. Северна Македонија	2022
8.	Јована Трајанова	Комплетно илустрирање на сликовницата „Игра со придавки“ на авторката Оливија Георгиевска ISBN 978-608-267-456-8	Издавач Либи, дел од Арс Ламина, Скопје, Р. Северна Македонија	2021
9.	Јована Трајанова (како Јована Велинова Трајанова)	Учество на четвртиот конкурс за наградата за стрип „Лифт“ за 2021, објавување на стрипот во рамки на публикацијата Стрип награда Лифт #4, добитничка на трета награда	Издавач Темплум, Скопје, Р. Македонија	2021
10.	Јована Трајанова (како Јована Велинова)	Учество на Вториот конкурс за наградата за стрип „Лифт“ за 2019 г., објавување на стрипот во рамки на публикацијата Стрип награда Лифт #2, добитничка на прва награда	Издавач Темплум, Скопје, Р. Македонија	2020
11.	Јована Трајанова (како Јована Велинова)	Учество на Првиот конкурс за наградата за стрип „Лифт“ за 2018, објавување на стрипот во рамки на публикацијата Стрип награда Лифт #1	Издавач Темплум, Скопје, Р. Македонија	2019
инвазивните процедури е единствен спец. радиолог во Клиничка болница кој работи Кор биопсија и аспирациона биопсија на дојка.

Кандидатката д-р Габриела Димова активно учествува и успешно завршува тренинзи, семинари, стручни состаноци, курсеви и обуки, како и студиски престој со цел унапредување на теориските и практични искуства и сознанија. Од бројните обуки, курсна концентрирана настава, тренинзи и семинари ги издвојуваме:

- Тренинг семинарот *Capacity building Programme for Young Medical Specialists* во рамките на проектот "Integration of European healthcare standards and innovations on the way for development of cross-border health cluster" Ref:CB006.1.31.017, Interreg-IPA CBC,CCI2014TC1615CB006 во Благоевград, Бугарија, 29-30 мај 2017 година;
- Курсот „*Teaching Course in Mammography – Detection and Diagnosis of Breast Diseases Using the Multimodality Approach Course*"from Laszlo Tabar, M.D., FACR (Hon), Professor emeritus, September 18-21, 2019 Belgrade;
- Стручниот состанок организиран од МАР (Македонската асоцијација на радиолози) на тема „Ургентни состојби во радиологијата - приказ на случаи од секојдневната пракса", Скопје, 24.2.2023 г., кој е акредитиран од Лекарската комора на РСМ со 6 бода;
- Курсот *„Колор доплер крвних судова екстремитета"* организиран од Поликлиника „Antamedica" во Белград, Србија. 8.5.2023-12.5.2023 година;
- Хоспитациско-апликативната работа во клиниката „МБАЛ - Уни хоспитал" ООД гр. Панаѓуриште, округ Софија, Бугарија, во периодот 1.7.2024-31.7.2024 година.

Кандидатката д-р Габриела Димова ја развива и унапредува високообразовната дејност преку изведување на бројни предавања и вежби, пишување и објавување научни и стручни трудови, учества во научни конференции и проекти. Од друга страна учествува и во бројни работилници организирани од студентската организација на Факултетот за медицински науки, СОМА (Студентски организирана медицинска асоцијација) при Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип со пленарни предавања и водење на работилници, од кои издвојуваме:

- работилницата на тема „Дијагностички методи за карцином на дојка", Штип, 25.10.2023 година;
- во работилницата како предавач на тема „Breast cancer awareness", 18.10.2024, Штип;
- предавач на семинарот „Телото зборува. Умот страда. Ајде да слушаме!" на тема „Улога на радиодијагностиката во поставување на дијагноза на карцином на дојка", одржан на 9.10.2025 г. во Штип.

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Кандидатката д-р Габриела Димова наставно-образовната дејност ја почнува како соработник во настава на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, во студиската 2011/2012 година низ интензивна соработка со студентите во реализацијата на наставните активности во рамките на повеќе предметни програми во соработка со предметните наставници. Искуството како соработник во настава на Факултетот го продолжува и како специјалист радиолог од 2021/2022 година,

при што соработката со студентите и предметните наставници продолжува до денес.

Професионалниот раст и развој на д-р Габриела Димова е димензиониран и од аспект на научноистражувачката работа, преку учеството на научно-стручни собири во земјава и во странство и објавени публикации.

СПИСОК
на објавени научни и стручни трудови

1. **Габриела Димова (2014).** Современото воспитание и образование во контекст на градење здрав животен стил, зборник на трудови *Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи*, Штип, стр.20-25

Трудот третира прашања кои се однесуваат на здравјето, чување и негување на здрава личност преку поттикнување и градење на здрав животен стил како дел од современото образование и воспитание во заедницата денес.

2. **Габриела Димова (2015).** Здравственото воспитание и образование и формирањето на здравствена култура кај децата од предучилишна возраст, зборник на трудови *Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија*, Штип, стр.18-25

Во трудот авторот посебно внимание посветува на здравствената култура како дел од културата на живеење на секој поединец**.** Посебно е значајно што се повикува на определбите на СЗО за суштината на здравствената култура и тоа посебно на поставување на цврсти основи заради градење на здрава личност во физичка и ментална смисла истакнувајќи го предучилишниот период како најзначаен период од развојот на личноста.

3. **Габриела Димова (2016).** Здравствената едукација на родителите – тенденција на образованието денес, зборник на трудови *Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи*, Штип, стр.26-29

Современото образование денес особено ја истакнува улогата на родителите и нивната активна партиципација во целокупниот образовен процес. Формирање на здрава личност на детето не ги исклучува родителите ниту пак е грижа само на здравствените работници. Имајќи го тоа предвид, авторот инсистира на прашањето за градење здравствена култура на родителите како еден од многуте облици на нивна активна партиципација во образованието и воспитанието на своите деца.

4. M. Gacova, V. G.Timovska, **Gabriela Dimova, (2017).** Nealth education and health training, Proceedings *Modern education-conditions, challenges and perspectives*, Stip, pp.11-15

Трудот претставува слика на здравственото воспитание и образование кај нас. Имено, достапноста на информациите доведуваат до „здравствено образовани“ поединци, но не и „здравствено воспитани“. Впрочем образованието е во нераскинлив однос со воспитанието, па секој обид за сепарација на едно од друго води кон неуспех. Затоа трудот е одлично четиво за сите оние кои инсистираат на здравствено воспитание и образование истовремено.

5. Z.Sh.Markovska, I.R.Bushljetikj, V.Ristovska, L.Trajceska, Z. Janevski, N.Gjorgievski, J.Usprcov, A.C.Tanevska, **Gabriela Dimova** and G.Spasovski

(2022). Enterorrhagia presented in patient with granulomatosis and poliangitis - a case report *BANTAO Journal 2022; 20(1): 24-26.* достапно на https://www.bantaojournal.com/_files/ugd/356e34_48860692f7f441479d62fa1024e30606.pdf.

Трудот е приказ на случај на 50-годишен пациент со ANCA асоциран васулит кој како термин вклучува микроскопски полиангит, грануломатоза со полиангит и еозинофилна грануломатоза со полиангит. Грануломатозата се карактеризира со формирање на гранолуми и инфламација на мали крвни садови кои водат до дисфункција на органот. Гастроинтестиналното засегање како во случајов со појава на ентерорагија е ретко, но со лоша прогноза.

6. Shterjova-Markovska Z., Rambabova- Bushljetikj I., Ristovska V., Trajceska L., Usprcov J., **Dimova G.,** Gjorgjievski N., Canevska A., Janevski Z., Spasovski G. **(2023).** Enterorrhagia presenting in patient with granulomatosis with polyangitis - a case report, book abstract of 49th ESAO - IFAO Annual Congress Bergamo, Italy, from August 29th to September 1st, 2023, pp. 64-65

Трудот е приказ на случај на 50-годишен пациент со ANCA асоциран васулит кој како термин вклучува микроскопски полиангит, грануломатоза со полиангит и еозинофилна грануломатоза со полиангит. Грануломатозата се карактеризира со формирање на гранолуми и инфламација на мали крвни садови кои водат до дисфункција на органот. Гастроинтестиналното засегање како во случајов со појава на ентерорагија е ретко, но со лоша прогноза.

7. R. M. Runcheva, D. **G. Dimova**, K. A. Karpichrova **(2023**). A case of sternoclavicular osteoarhritis, posters abstracts p1152, book abstract of 2023 IOF-ESCEO World Congress on Osteoporosis, Osteoarthritis and Musculoskeletal Diseases in Barcelona, WCO-IOF-ESCEO May 4-7, 2023, pp.649-650

Овој case repost е приказ на стерноклавикуларен остеоартрит. Стерноклавикуларниот остеоартрит често е случаен наод на рентгенграфија без значителна клиничка манифестација, најчесто на доминантниот екстремитет. Но во некои случаи, како во презентираниот се манифестира со силна болка, дислокација и нестабилност на стерноклавикуларниот зглоб.

8. Z.Sh. Markovska, I.R.Bushljetikj, G.Severova, L.Trajceska, I.Nikolov, V.Karanfilovski, J.Usprcov, S.Filipovski, A.C.Taleska, **Gabriela Dimova**, N.Gjorgjievski and G. Spasovski **(2023).** Association of autosomal dominant polycystic kidney disease and abdominal aortic aneurysm - A Case Report, 01/23 BJ *BANTAO Journal 2023; 21(1): 23-27 https://www .bantaojournal. com/_files/ ugd/ 356e34_48860692f7f441479d62fa1024e30606.pdf*

Трудот е приказ за пациент со докажана доминантна автозомна полицистична болест на бубрезите (ADPKD) со коморбидитет артеријална хипертензија и придружни нарушувања на сврзните ткива. Овие болести во комбинација со ADPKD го зголемуваат ризикот од аортална аневризма како екстраренална манифестација на болеста. Во случајов пациентот е со инфраренална сакуларна аневризма, на постконтрастните скенови со зони на течна колекција суспектна за хеморагија во организација без знаци за активна екстравазација на контраст.

9. **Gabriela Dimova**, V.Stojanova, G.T.Zahariev, S.Ivanovski, A.Ordev **(2023).** *Radiological findings on CT examinations during the evolution of pancreatitis from acute to necrotizing in correlation with autoimmune diseases,* 7th Macedonian National Congress of Radiology with International Participation 9-11 November 2023, Skopje, Macedonia

Пациентите со инфламаторна болест на цревата (IBD) каде улцерозниот колит е една од двете главни форми имаат 2-3 пати поголем ризик од панкреатит во споредба со останатата група на IBD пациенти. Ваквите сознанија се предмет на интерес во трудот низ случај за пациент со докажани коморбидитети улцеративен колит и миастениа гравис како предиспонирачки фактор за рапидна еволуција на акутен панкреатит во некротизирачки.

10. **Gabriela Dimova**, M. K.Ilova, A.Gligorievski, S.Ivanovski **(2024).** Do we really need triple phase computed tomography to detect and follow-up liver metastases of git(gastrointestinal tract) origin?, *International Medical Journal Medicus 2024, Vol. 29 (3):* 274-280, https://imjm.mk/medicus-xxix-3-2024/

Во овој труд е направено истражување со компјутерска томографија кај пациенти со докажан малигнитет на гастроинтестиналниот тракт и веќе развиени хепатални метастази. Направено е трифазно постконтрастно скенирање на КТ, при што е докажан 100% приказ на метастазите во венска фаза. Трудот наоѓа примена во секојдневната пракса на радиологот за монофазно скенирање при follow up на ваков тип на пациенти со цел да се заштитат од дополнителна јонизација.

11. **Gabriela Dimova**, A. Gligorievski, M. K.Ilova. **(2025).** US or CT when it Comes to Monitoring Hepatic Metastases in Patients with Primary GIT and Breast Cancer? Comparative Results of Sensitivity and Specificity of CT and US, *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), Vol. 76 No. 1 (2025), 50-57.* / https://gssrr.org/index.php/JournalOfBasicAndApplied

Карциномот на дојка, како и карциномите со потекло од ГИТ, се голема, хетерогена група на болести со различна клиничка презентација, па оттука навремената дијагноза и следење на болеста е круцијална за целосниот менаџмент на истата. Идеалниот дијагностички пристап треба да овозможи висока сензитивност и специфичност, неинвазивност и достапност. Трудот прикажува студија на пациенти од горенаведените групи, следени на КТ и ултразвук во исто време, како и компаративна анализа на добиените резултати.

12. **Gabriela Dimova**, M.K.Ilova, A.Gligorievski. **(2025).**How Reliable Is Ultrasound for Detection and Follow Up on Breast Cancer Liver Metastases? DOI: https://doi.org/10.3889/oamjms.2025.11984, *Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences (OAMJMS, Vol. 13 No. 1 (2025): Mar 15, pp 14-18,* https://oamjmseu/index.php/mjms//view/251

Трудот е дел од едно поголем и сеопфатно истражување и се однесува на серија од пациенти со докажан карцином на дојка и веќе развиени хепатални метастази следени на ултразвук, каде што е направена статистичка проценка за можноста на ординирачкиот онколог да се базира само на ултразвучниот наод.

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Кандидатката д-р Габриела Димова активно учествува на научни собири во земјава и во странство, самостојно и во коавторство. Од нив издвојуваме неколку и тоа:

- **Габриела Димова (2016).** Здравствената едукација на родителите – тенденција на образованието денес, четвртата конференција од меѓународен карактер *Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи*, Штип, мај 2016 год.

- M. Gacova, V. G.Timovska, **Gabriela Dimova, (2017).**Nealth education and health training, International Conference *Modern education-conditions, challenges and perspectives*, Stip.
- Kamceva, G., Karagozova, G., Dokuzova, S., **Dimova, Gabriela (2020)** *Spontaneous pneumothorax in a patient with COVID 19.* In: International Symposium of Cardiovascular Imaging and COVID 19 experience in collaboration with EACVI Heart Imagers of Tomorrow. (Online)
- Kamceva, G.,Karagozova, G., Dokuzova, S., **Dimova, Gabriela (2020)** *Spontaneous pneumomediastinum in an adult male with bilateral pneumonia. Complication of COVID-19 or not?* In: International Symposium of Cardiovascular Imaging and COVID 19 experience in collaboration with EACVI Heart Imagers of Tomorrow, 04-05 Oct 2020, Skopje, Macedonia. (Online)
- Kamceva, G., Karagozova, G., Dokuzova, S., **Dimova, Gabriela (2020)** *False negative Covid-19 test in a patient with coronavirus infection symptoms.* In: International Symposium of Cardiovascular Imaging and COVID 19 experience in collaboration with EACVI Heart Imagers of Tomorrow, 04-05 Oct 2020, Skopje, Macedonia. (Online)
- Kamceva, G.,Dokuzova, S., **Dimova, Gabriela** and Jordanova, S., Serafimov, A., Jovev, M. (2021) *Intracardiac thrombi in a patients with acute abdomen.* In: Symposium with international participation "Highlights in Cardiovascular Diseases", 01-03 Oct 2021, Online
- R. M. Runcheva, D. **G. Dimova**, K. A. Karpichrova **(2023).** A case of sternoclavicular osteoarhritis, posters abstracts p1152, book abstract of 2023 IOF-ESCEO World Congress on Osteoporosis, Osteoarthritis and Musculoskeletal Diseases in Barcelona, WCO-IOF-ESCEO May 4-7, 2023, Barcelona, Spania.
- Shterjova-Markovska Z., Rambabova- Bushljetikj I., Ristovska V., Trajceska L., Usprcov J., **Dimova G.,** Gjorgjievski N., Canevska A., Janevski Z., Spasovski G. **(2023).** Enterorrhagia presenting in patient with granulomatosis with polyangitis- a case report , 49th ESAO - IFAO Annual Congress Bergamo, Italy, from August 29th to September 1st, 2023.
- **Gabriela Dimova**, V.Stojanova, G.T.Zahariev, S.Ivanovski, A.Ordev (**2023**). *Radiological findings on CT examinations during the evolution of pancreatitis from acute to necrotizing in correlation with autoimmune diseases,* 7th Macedonian National Congress of Radiology with International Participation 9-11 November 2023, Skopje, Macedonia.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, а по деталното разгледување на доставената документација, Рецензентската комисија со големо задоволство констатира дека д-р Габриела Димова го надмина вкупниот предвиден квантум на поени за избор во звање насловен доцент остварувајќи вкупно 85.1 поени.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката д-р Габриела Димова може да се заклучи дека во сите наведени дејности таа постигнала мошне значајни резултати. Д-р

Габриела Димова во научноистражувачката, стручно-апликативната дејност и организациско-развојната дејност се афирмирала како солиден истражувач кој ја совладал методологијата на научното истражување, како од теориски така и од практичен аспект. Анализата на објавените трудови и трудовите презентирани на научно-стручни собири во земјава и во странство покажува дека кандидатката ја насочила својата истражувачка дејност кон сопствено надградување за реализација на наставата која треба да и биде доверена, но едновремено дала свој придонес за афирмација на теоријата и праксата и нивно унапредување кај нас. Професионалниот ангажман е силен мотив за потполна посветеност како несебичен, рефлексивен практичар во доменот на едукација на идните доктори на медицина. Тоа упатува на сознанието дека станува збор за формиран практичар, но и инспиративен и плоден млад истражувач.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и е на мислење дека таа ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање. Затоа, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му предложиме д-р Габриела Димова да ја избере во звањето насловен доцент за наставно-научната област анатомија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Доц. д-р Сања Маркова, насловен доцент, претседател, с.р.
Доц. д-р Тони Крстев, насловен доцент, член, с.р.
Проф. д-р Џенгис Јашар, насловен вонреден професор, член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Р. бр.	Наставно-образовна дејност	Поени				
		Во земјава		Во странство		
		број	поени	број	поени	Вкупно
	ВКУПНО					
Р. бр.	**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
4	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) *трудови: 5 и 8 =2x3=6x0.7=4.2* *трудови: 10,11 и 12=3x9=27x1=27*	9/6/3				31.2
5	Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир *труд 6=1x3x0.7=2.1* *труд 7=1x3x1=3*			1 1	2.1 3	5.1
9	Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство			3	2	6
10	Одбранета докторска дисертација	1	8			8
11	Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација	1	6			6
14	Учесник во научен проект (максимум во три проекти) 1x3=3			1	3	3
23	Студиски престој во странство					8
	ВКУПНО					**67.3**
Р. бр.	**Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
5	Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир *трудови:1,2,3=3x2=6x1.3=7.8* *труд 4,9=2x2x1=4*	5	2			**11.8**
7	Пленарно предавање на стручен собир	3	2			**6**
	ВКУПНО					**17.8**
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ					**85.1**

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ НЕВРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2002-192/8 од 17.6.2026 година донесена на 359. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 17.6.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област неврологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха” на 23, 24 и 25.5.2026 година и во предвидениот рок се пријави:

доц. д-р Татјана Чепреганова Чанговска, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на неврологијата.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Татјана Чепреганова Чанговска е родена на 3.2.1972 година во Скопје, каде што се стекнала со основно и средно (медицинско) образование, отсек Медицинска сестра, со одличен успех. Своето образование го продолжува на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што се запишува во учебната 1990 година и завршува во 1996 година со просечен успех 8,8.

Во текот на студирањето редовно учествува на бројни студентски конгреси по медицина со свои трудови. По дипломирањето и положениот стручен испит, повеќе од една година волонтира на Клиниката за неврологија на која во февруари 1998 година се вработува.

На 20.5.2003 година го полага специјалистичкиот испит и се стекнува со звање специјалист по неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје. По завршување на специјализацијата е распределена да работи на Одделот за интензивна нега на Неврологија, а потоа на Одделот за цереброваскуларни болести и Одделот за невроимунологија.

Магистерските студии ги запишува во 2003 година, а својот магистерски труд го брани на 29.6.2007 година – **„**Мерење на интима медија задебелување на заедничката каротидна артерија кај болни со транзиторни исхемични акати во корелација со класичните ризик фактори за исхемичен инзулт”. Постдипломските студии ги завршува со просечен успех 9,8.

Својот докторат го одбранила на 4 јули 2014 година со наслов „Клиничка, електрофизиолошка и анатомо-морфолошка корелација на темпоралните и екстратемпоралните лобни епилепсии“ на Медицински факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Во областа на неврологијата и посебно во делот на методите за дијагностицирање на невролошките заболувања се едуцирала преку повеќекратни стручни престои во земјава и во странство – во 2000 година, шестмесечен престој во АКХ Виена Австрија за невроимејџинг методи,

компјутерска томографија. Во 2001 г. тримесечен престој во Софија, Бугарија, на Медицински факултет - Клиника за неврологија, од каде што има диплома за завршен курс за доплер сонографија на екстра и интракранијалните крвни садови на мозокот и диплома за завршен курс *Современа терапија кај невролошките заболувања*.

Од 2000 година станува одделенски лекар на Одделот за епилепсии. Од октомври 2014 година се вработува во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ на Одделот за неврологија.

Во 2004 година на истиот факултет уште еден успешно завршен курс по доплерова сонографија. Во јуни 2006 година се здобива со сертификат од областа на електроенцефалографијата. Во април 2006 година во склоп на European Epilepsy Academy (EUREPA) завршува курс за модерните трендови во епилепсијата –„Клиничка епилептологија" во Брно, Чешка. Дел е од истражувачкиот тим „Bioprojet Pharma" во 2012 година за Опструктивна слип апнеа (Obstructive Sleep Apnea).

Во февруари 2014 година станува раководител на Отсекот за ЕЕГ при Клиниката за неврологија.

Дел е од основан прв тим за трансплантација на органи и ткива во склоп на Министерството за здравство на Р Македонија, поради кој учествува на втората работа во групи за мозочна смрт во Љубљана,Словенија, во септември 2012 година – „2nd Workshop on brain death diagnostics", Slovenia Transplant, Institute for Transplantation of organs and tissues of the R of Slovenia.

Од 30.9. до 6.10.2013 година се здобива со сертификат за завршен Тренинг курс по фармаколошки третман на епилепсиите во Израел, Ерусалим.

Учество во ЕФНС регионален курс - EFNS Regional Teaching Course одржан во Охрид, 16-18 мај 2013 година.

До 2015 година активно учествува во континуирана медицинска едукација во склоп на Светската федерација за неврологија - Continuing medical education program, World federation of Neurology.

Од декември 2016 година до април 2017 година била како набљудувач (observership) на Одделот за епилепсии во „Cleveland Clinic", Флорида, САД.

Во 2019 година се здобива со сертификат за CRA/CRC.

Од 2020 до 2025 година како вработена во училиште „Даниа" се здобива со сертификати и сертифицирани обуки во областа за проценка и одредување на степенот на заболување кај децата со спектар на аутизам, епилепсија и други невролошки состојби.

Од 2020 до 2025 г. била вработена како консултант специјалист невролог во тимот на „H&T Care Hollywood", Флорида, Америка.

Од септември 2025 година се вработува во КБ „Аџибадем Систина" под договор на дело.

Член е на Здружението на невролози на РМ; Европското здружение за неврологија European Federation of Neurology Society (EFNS); American Headache Association (AHA); American Epilepsy Association (AES); Светското здружение за неврологија - World Neurology Federation (WNF); Интернационалната лига за борба против епилепсија - International League of Against Epilepsy (ILAE); член и благајник во Лигата против епилепсија на Република Македонија - League Against Epilepsy of Republic Macedonia.

Дел е од Уредувачкиот одбор на списанието „Епилепсија и неврологија" кое се печати еднаш годишно, издавач е Лигата против епилепсија на Република Македонија.

Општи услови за избор:

- Просечен успех 8,8;
- Научен степен – д-р Татјана Чепреганова Чанговска има диплома за завршени докторски студии (доктор по медицински науки);
- Претходен избор во звање – насловен вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- Објавени научни трудови во референтна научна публикација – Има доставено 6 објавени научни трудови во соодветната област;
- Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава. Има доставено 4 објавени стручни дела во соодветната област, неврологија;
- Има потврда за познавање на најмалку еден странски јазик - има сертификат за владеење со англиски јазик;
- Има способност за изведување на високообразовна дејност.

Бр.	Автор	Наслов на трудот	Научна публикација (Списание)	Година и линк
1	Zorcec D., Cepreganova-Cangovska T., Zorcec T.	Psychological alienation and feeling of self-efficiency in young male and female adults	**Prilog(Makedon Akad NaukUmet Odd Med Nauki)**	https://pubmed.ncbi.nlm.nih.gov/38109447/
2	Dodevski A., Zhivadinovic J., Matveeva N., Zafirova B., Chadikovska E., Trpkovska B., Paunkovska A., Aliji V., Dimitrovska M., Jovanovska E., Chepreganova T.	Persistent trigeminal artery-anatomical features and clinical significance	**Journal of Morphological Science**	https://jms.mk/jms/article/view/vol6no2-16
3	Cepreganova Cangovska T., Zdravkov I., Aleksovska A., Ristic-Stomnarska D., Joveva E	Central nervous system tuberculosis-case report	**Journal of Morphological Science**	https://jms.mk/jms/article/view/vol6no2-14
4	Zorcec T., Cepreganova Cangovska T., Zorcec D.	Covid 19 and young people: understanding the impact	**Journal of Morphological Science**	https://jms.mk/jms/article/view/vol6no2-13
5	Demjanki V., Jovanovski Srceva M., Donev Lj., Davceva O., Cepreganova Cangovska T., Soljakova M.	Can neuron-specific enolase and S100 markers evaluate neuro-damage from sevoflurane in children?	**Macedonian Journal of Anesthesia**	http://e-mja.finki.ukim.mk/wp-content/uploads/2024/03/Spisanie_07-3.pdf
6	Demjanski V.,Mikjunovikj Derebanova L.,Litajkovska S., Ristov M.,Koskarov Malinkov K., Cepreganova-Cagovska T.	Perioperative anesthetic Management in a child with Beckwith-Wiedman syndrome	**Macedonian Journal of Anesthesia**	http://e-mja.finki.ukim.mk/wp-content/uploads/2024/03/Spisanie_07-3.pdf

Посебни услови:

- Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати. Активно учествува во една домашна клиничка студија „Леветирацетам како дополнителна антиепилептична терапија кај активна епилепсија со неконтролирани напади: студија со генерички препарат Ливам“, изведена на Клиника за неврологија.

Учествувала во неколку меѓународни клинички студии во соработка со фармацевтска куќа „TEWA“, како истражувач во Concerto study - Laquinimod Double Blind Placebo Controlled Study in MS patients, и MARINER trial-Rivaroxaban.

- Има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници. Активно учествува преку предавања од областа на неврологијата.

Како автор/коавтор на стручно-научни трудови има свои презентации на конгреси и симпозиуми од меѓународен и републички карактер.

Дел од трудовите кои се на списокот се веќе рецензирани во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за избор на помлад асистент и асистент на Катедрата по неврологија.

- Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД - Автор или коавтор е на 58 труда и коавтор на 25 публикувани книги.

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Во 1999 година кандидатката е избрана за помлад асистент, а потоа и за асистент по предметот Неврологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” и во периодот до 2014 година активно водела практична настава за студентите по медицина и стоматологија, а потоа била и активно вклучена во доедукацијата на специјализантите по семејна медицина и како едукатор на специјализантите по неврологија.

Од 2014 година станува насловен доцент на приватниот „Европски универзитет” на Катедрата по стоматологија, каде што предава предмет Неврологија на студентите по стоматологија.

Од 2018 година е избрана за насловен доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, каде што предава Неврологија на студентите на Општа медицина и Стоматологија и Неврологија и Психијатрија со нега на Медицински сестри и Физиотерапевти.

Од јули 2024 година е избрана за насловен вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, каде што предава Неврологија на студентите на Општа медицина и Неврологија на англиската група на студенти и Неврологија и Психијатрија со нега на Медицински сестри и Физиотерапевти (ВЗШ).

Во овој извештај се евалуирани трудовите на д-р Татјана Чепреганова Чанговска публикувани во последните 5 години.

Научните трудови со кои д-р Татјана Чепреганова Чанговска ги исполнува законските критериуми за избор во звање насловен вонреден професор се:

1. Zorcec D**., Cepreganova-Cangovska T**., Zorcec T. Psychological alienation and feeling of self-efficiency in young male and female adults. Contribution Sec of Med., XLIV 3, 2023.

Во оваа студија е спроведена можната поврзаност меѓу психолошкото отужување и чувството на самоефикасност кај младата популација од машкиот и од женскиот пол. Студијата е спроведена кај 167 испитаници на возраст од 18 до 25 години. Користена е Скала за психолошко отуѓување и Општа скала за самоефикасност, каде што се покажа дека постои значајна корелација меѓу отуѓеноста и самоефикасноста, поточно колку е поголемо психолошкото отуѓување толку е помала самоефикасноста кај испитаниците. Постои статистичка значајна разлика во односот на отуѓувањето помеѓу машкиот и женскиот пол, мажите се изјасниле дека се чувствуваат повеќе отуѓени од жените. Во однос на чувството на самоефикасноста, мажите се чувствуваат помалку ефикасни од жените, како и во чувството на бесцелност, мажите се чувствуваат повеќе бесцелно од жените.

Психолошкото отуѓување и самоефикасноста се во корелација и постојат полови разлики во однос на двете измерени варијабли во корист на женскиот пол.

2. Dodevski A., Zhivadinovic J., Matveeva N., Zafirova B., Chadikovska E., Trpkovska B., Paunkovska A., Aliji V., Dimitrovska M., Jovanovska E., **Chepreganova T**.Persistent trigeminal artery-anatomical features and clinical significance.JMS 2023; Vol 6(2):113-119.

Евалуирани се пациенти каде што се испитуваат морфолошките карактеристики на перзистентна тригенинална артерија (ПТА) и нејзиното нагласување на клиничката симптоматологија. Во оваа студија се вклучени 234 пациенти, 130 од машки и 104 женски пол, користена е компјутеризирана томографска ангиографија (КТА) во период од 5 години. Инјектиран е интравенски контраст кај пациентите и направена е посебна реконструкција на сликите за подобра визуализација на ПТА. Кај голем дел од испитаниците се најдени варијации на перзистентната тригеминална артерија.

Овој труд е од интерес за анатомистите, но и варијациите на мозочните артерии се, исто така, важни за радиолозите и хирурзите за да можат да ги спроведат безбедно сите процедури на снимање и лекување кај пациентите.

3. **Cepreganova Cangovska T**., Zdravkov I., Aleksovska A., Ristic-Stomnarska D., Joveva E. Central nervous system tuberculosis-case report.JMS 2023; Vol 6(2):104-108.

Во овој труд е презентиран случај на пациент кај кој болеста започнува бавно, прогресивно и хронично, со почетна клиничка манифестација на синдром на деменција. Обично, туберкулозниот менингит се манифестира со субакутна прогресивна фебрилна болест. За неколку недели се дефинира фаза на менингитис со главоболка, менингизам, повраќање, блага конфузија. Ретка е атипична презентација на ЦНС туберкулоза, како во овој случај.

За време на хоспитализацијата е извршена мозочна магнетна резонанца со сомнителен наод за невроинфекција, поради сомнителен наод на магнетна резонанца, направена е лумбална пункција и цереброспиналната течност е испратена на анализа за специфични причини, меѓу кои и Mycobacterium tuberculosis. Важноста на овој труд е пред се почетната клиничка манифестација која е атипична за оваа проблематика но правилната дијагноза и терапијата кај овие пациенти е голем предизвик за невролозите.

4. Zorcec T., **Cepreganova Cangovska T.,** Zorcec D.Covid 19 and young people: understanding the impact.JMS 2023; Vol 6(2):98-103.

Во овој труд е опишано влијанието на КОВИД-19 кај поединци од сите возрасни групи, вклучително и млади луѓе. Младите луѓе генерално искусуваат поблаги симптоми и подобри резултати, тие се подложни на заразување и пренесување на вирусот. Тие може да имаат пониски стапки на инфекција, од клучно значење е младите да се придржуваат до превентивните мерки бидејќи сè уште можат да го шират вирусот, што потенцијално влијае на ранливите популации. Пандемијата и сродните мерки, исто така, имаа влијание врз менталното здравје на младите луѓе, со зголемен стрес, изолација и промени во социјалните интеракции што доведуваат до чувство на анксиозност, депресија и осаменост. Оваа студија била направена од јануари до септември 2022 година, испитани се 267 испитаници вклучувајќи ги и младите од 15 до 30-годишна возраст. Тестирани се преку прашалници кои се спроведени онлајн. Затворањето на училиштата и преминувањето кон учење на далечина беа предизвици во однос на образованието и социјалниот развој кај испитаниците. Со овој труд се докажа дека од суштинско значење за младите е да останат информирани, да ги следат упатствата кои беа дадени и да дадат приоритет на нивната физичка и ментална благосостојба во времето на КОВИД-19. Се докажа дека достапните информации за менталното здравје и практичните предлози за управување со ризиците треба да бидат достапни за секого. За оние кои беа посериозно погодени, високо се препорачува да побараат стручна помош.

5. Demjanki V., Jovanovski Srceva M., Donev Lj., Davceva O., **Cepreganova Cangovska T.,** Soljakova M. Can neuron-specific enolase and S100 markers evaluate neuro-damage from sevoflurane in children? MJA 2023; Vol 7 (3):46-51.

Севофлуранот е често употребуван анестетик во педијатриската хирургија и во овој труд се испитува неговата невротоксичност. Се испитуваат Неурон-специфичен енолаза (НСЕ) и С100 маркерите како дијагностичка алка во проценка на невроштетувањето предизвикано од севофлуран кај децата. Овие маркери се наоѓаат во крвта и цереброспиналната течност и даваат позитивни резултати на врската помеѓу анестезијата со севофлуран и потенцијалните невролошки ефекти. За целосно да се разбере овој анестетик потребно е да се знае неговото дејство во педијатриската анестезија и значењето на маркерите, како и нивната практична импликација во книничките услови.

6. Demjanski V., Mikjunovikj Derebanova L., Litajkovska S., Ristov M., Koskarov Malinkov K., **Cepreganova-Cagovska T.** Perioperative anesthetic Management in a child with Beckwith-Wiedman syndrome.MJA 2023; Vol 7 (3):81-86.

Беквит-Видеман е комплексно нарушување на прекумерен раст со инциденца од 1:13.700 живородени деца. Синдромот Беквит-Видеман е ретко генетско нарушување и претставува предизвик на анестезиолозите поради неговите поврзани физички аномалии и потенцијални компликации. Во овој труд се е прикажан анестетичкиот третман на 2-годишно момче со БВС кое е подложено на процедура за билатерална агенеза тестис. Основните разгледувања вклучуваат макросомија, ризик од хипогликемија, абнорналности на дишните патишта, кардиоваскуларни аномалии и дефекти на абдоминалниот ѕид. Успешната перипоративна нега вклучува прецизна предоперативна проценка, внимателно планирање и соработка со специјализирани медицински тимови. Во заклучокот се нагласува потребата за искусни анестезиолози запознаени со предизвиците поврзани со БВС нагласувајчи го значењето на приспособените

пристапи, сеопфатните проценки и заедничката грижа за безбедноста и благосостојбата на овие пациенти при хируршки интервенции.

За овој избор кандидатката има поднесено 4 стручни монографии кои се публикувани во последните пет години:

1. Чепреганова М., Дитман ЈЛ**., Чепреганова Чанговска Т.,** Милановска М. Атрофии на мозокот. Европа 92 - Кочани, Скопје, 2021.

Трудот дава осврт на кортикобазиларната атрофија, таупатија, која е спорадична и се споредува со клиничката екстресија и асоцијација кај болните со атрофија. На многу експлицитен начин се објаснети најновите дијагностички критериуми. Постојат пет фенотипа на кортикобазиларни синдроми кои се дефинирани според топографијата на мозочните атрофии и акумулацијата на тау протеинот. Резимирано, се пронаоѓаат варијабилни клинички фенотипови, специфични патолочки лезии, нови мутации, биомаркери во ликворот, прецизни електрофизиолошки испитувања кои ги подобруваат дијагностичките критериуми. Во иднина авторката објаснува дека целта на терапијата е тау протеинот и неговите различни изоформи.

2. Чепреганова М., Дитман ЈЛ., **Чепреганова Чанговска Т.,** Милановска М. Епилептологија (актуелни поглавја). Европа 92 - Кочани, Скопје, 2021.

Во контекст на првото поглавје *Етиологија на епилепсиите*, епилепсијата е една од најчестите невролошки консултации. Се смета дека 5% од популацијата во текот на животот доживува некаков напад со губење на сознанието, кој наликува на епилептичен. Во поглавјето е даден комплетен приказ на сите епилептогени фактори со основните нивни специфичности. Со напредокот на молекуларната цитогенетика се овозможи бројни состојби да бидат разрешени. Голем број трудови на ова поле го покажаа генетскиот хетерогенитет во доменот на епилептичните енцефалопатии, со што многу се промени и меѓународната класификација. Овие нови технологии на молекуларната цитогенетика денес се користат како рутински во дефиницијата на новите синдромски ентитети. Прецизната етиолошка дијагноза овозможи фамилијарна генетска анализа и многу подобар и поефикасен терапевтски одговор. Повеќе од актуелните идиопатски епилепсии, генерализирани или фокални, не се трансмитираат само на начин преку Менделеовиот хередитет, туку нивниот детерминизам е мултифакториелен, кој се карактеризира со интеракција на повеќе генетски фактори. Идентификацијата на овие различни фактори е патот на идните иследувања. Ова е тематиката на второто поглавје**.** Третото поглавје е посветено на фокални-структурално метаболички епилепсии или фокални епилепсии со идентификувана етиологија. Антиепилептичниот третман е посебно обработен во шестото поглавје. Никогаш не треба да се започне со основен третман, доколку не се објективизираат нападите, преку анамнестичкиот распит на клиничката експресија на нападите. Секако дека многу важна улога играат комплементарните иследувања ЕЕГ, КТМ, МНР, спектроскопија, посебни секвенци за фронталните пресеци, за прецизна експлорација на хипокампо-амигдалните регии, со кортикална морфометрија за морфологијата на кортикалните регии, ЕЕГ со депривација на сонот, евентуално спектроскопија и трактографија.

3. Чепреганова М., Дитман ЈЛ., Чепреганова Чанговска Т. Клинички, дијагностички и терапевтски аспекти на патологијата кај возрасна популација. Европа 92 - Кочани, Скопје, 2021.

Оваа стручна монографија содржи осум поглавја преку кои се обработени детално клиничките, дијагностичките и терапевските пристапи при различна патологија кај возрасната популација. Епилепсиите кај возрасната популација се прво обработено поглавје во оваа книга. Епилептичните напади кај возрасната популација над 65-годишна возраст се пет пати почести во корелација со младата популација. Во сите случаи еден напад по 65-годишна возраст, секогаш има симптоматски карактер. Притоа како најчести епилептогени етиолошки фактори доминираат невроваскуларните афекции, деменциите и мозочните тумори, каде што инциденцата се зголемува со возраста на пациентот. Екстресијата на клиничката слика е таа која ја поставува дијагнозата и ја води терапевтската игра.

4. Чепреганова М., Дитман ЈЛ., **Чепреганова Чанговска Т**., Врчаковски М., Кусакатски С. Инфраселарна патологија, физиолошка клиничка експресија и невроимејџинг дијагностика. Европа 92 - Кочани, Скопје, 2021.

Стручно дело од едицијата селарна патологија, поточно патологијата на питуитарната жлезда, интраселарна, супраселарна, латероселарна и инфраселарна регија. Комплетно елаборирана од клинички и неврорадиолошки аспект, со казуистички приказ за секој ентитет. Хипофиза - инфраселарна патологија од авторското трио М. Чепреганов, Ж.Л. Дитман и Т. Чепреганова-Чанговска се состои од три поглавја: прво, опис на невроендокрина функција со анатомија и физиологија на хипофизата и хипоталамичниот невроендокрин систем. Второ, анатомија на инфраселарната регија, поточно за базисвеноидот (свеноидалната коска) и трето поглавје посветено на патологијата на инфраселарната регија. Првата глава ја елаборира невроендокрината функција, со анатомијата и физиологијата на хипофизата и хипоталамичниот невроендокрин систем. Во втората глава е обработена анатомијата на инфраселарната регија, поточно на базисвеноидот (свеноидалната коска) со сите специфичности, со цел да биде многу подобро и полесно разбрана и протолкувана патологијата на инфраселарната регија. Третата глава е посветена на невроимејџинг дијагностиката на патолошките процеси.

Прва и единствена едиција на овие простори која на сеопфатен начин обработува тема која е ретка, но претставува предизвик во дијагностицирањето и бара мултидисциплинарен пристап на лекување.

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Кандидатката д-р Татјана Чепреганова Чанговска активно учествувала во една домашна клиничка студија „Леветирацетам како дополнителна антиепилептична терапија кај активна епилепсија со неконтролирани напади: студија со генерички препарат Ливам“, изведена на Клиника за неврологија.

Исто така, учествувала во неколку меѓународни клинички студии во соработка со Фармацевтска куќа „TEWA“, како истражувач во Concerto study-Laquinimod Double Blind Placebo Controlled Study in MS patients и MARINER trial- Rivaroxaban.

Како автор/коавтор на стручно-научни трудови има свои презентации на конгреси и симпозиуми од меѓународен и републички карактер.

Автор или коавтор е на 58 труда и коавтор на 25 публикувани книги.

Д-р Татјана Чепреганова Чанговска е благајник во Лигата против епилепсија на Република Македонија-League Against Epilepsy of Republic Macedonia.

Дел е од Уредувачкиот одбор на списанието „Епилепсија и неврологија" кое се печати еднаш годишно, издавач е Лигата против епилепсија на Република Македонија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Татјана Чепреганова Чанговска е доктор по неврологија од областа на медицинските науки и единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент/вонреден професор од областа неврологија. Таа професионално се занимава со невролошка дејност 25 години, при што нејзината научноистражувачка дејност е главно фокусирана во епилептологијата, од која област одбранила докторат. Потесно поле на интерес во кое кандидатката постигнала забележителен успех претставуваат дијагностичките методи кои се користат во неврологијата и се алатка за брза и прецизна дијагностика на невролошките заболувања. Сите овие методи таа ги користи и променува во сите научноистражувачки трудови од каде што преку нив ги добива крајните резултати на испитувањето. Проучувајќи ги симптоматските епилептолошки заболувања повеќе од 10 години, со нејзините публикации во интернационални списанија со импакт фактор, д-р Чепреганова Чанговска дала голем придонес во дефинирањето, дијагностицирањето и толкувањето на оваа честа болест, а посебно во дефинирањето на нејзиното медикаментозно лекување. Со својот ангажман како асистент по неврологија во времетраење од 15 години и едукатор на специјализанти по неврологија и со повеќе усни презентации на англиски јазик, д-р Чепреганова Чанговска несомнено ги поседува потребните вештини на добар предавач и едукатор. Д-р Чепреганова Чанговска е препознатлива по резултатите од нејзините истражувања кои се публикувани, така што се јавува како коавтор на 20 книги и автор/коавтор на 60 трудови публикувани во меѓународни научни списанија од областа на медицинските науки и презентирани на интернационални научни манифестации од областа на медицината, при што еден дел од нив се јавува како носечки автор.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип **да ја избере д-р Татјана Чепреганова Чанговска во наставно-научно звање *вонреден професор за наставно-научната област неврологија* на Факултетот за медицински науки при УГД Штип**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска, претседател, с.р.

Проф. д-р Анита Арсовска, член, с.р.

Проф. д-р Кирил Лозанче, член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Р. бр.	**Наставно-образовна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	**Вкупно**
2.	Избор во звање доцент	30				30
	ВКУПНО					**30**
Р. бр.	**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	**Вкупно**
1.	Монографија или научна книга	4	10			40
2.	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор)	1	9			9
3.	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор)	1	6			6
4.	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (останати автори)	4	3			12
	ВКУПНО					**67**
Р. бр.	**Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	**Вкупно**
1.	Учесник во научен проект	3	2			6
2.	Член на уредувачки одбор на научно списание	1	1			1
3.	Студиски престој во странство	1	8			8
4.	Стручни награди и признанија	1	4			4
	ВКУПНО					**19**
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ					**131**

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (6.04.00.05) МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ И (6.04.00.08) МЕТОДИКА ПО МУЗИЧКО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1602-110/4 од 13.7.2026 година, донесена на 228. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 13.7.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во сите звања за наставно-научните области (6.04.00.05) музички уметности и науки и (6.04.00.08) методика по музичко воспитание и образование на Факултетот за образовни науки во следниов состав:

- **проф. д-р Томислав Таневски**, редовен професор во пензија, наставно-научни области методика на настава по уметности (6.04.00.07) и музички уметности и науки (6.04.00.05), претседател;
- **проф. д-р Милица Шкариќ**, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
- **проф. д-р Валентина Велковска-Трајановска**, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

На Конкурсот, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 2.7.2026 година, за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области (6.04.00.05) музички уметности и науки и (6.04.00.08) методика по музичко воспитание и образование во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

- д-р Огненка Герасимовска-Димитровска, доктор по музички науки и магистер по музички уметности (пијано).

Врз основа на приложената документација од кандидатката проф. д-р Огненка Герасимовска-Димитровска (која е во целост со барањата на Конкурсот), чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Д-р Огненка Герасимовска-Димитровска е родена на 23 ноември 1984 година во Скопје. Таа е концертна пијанистка, педагог по пијано и истражувач во областа на музичката интерпретација и музичкото образование. Нејзината професионална дејност опфаќа континуирана наставна, уметничка и научна работа, со значајно присуство на концертната сцена во земјава и во странство. Основно и средно музичко образование завршува во МБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во Скопје, паралелка за талентирани ученици во класата по пијано на проф. Рита Т. Поповиќ. Во 2007 година дипломира на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во класата по пијано на проф. Борис Романов, со оценка cum laude и просечен успех 10,00. Магистерските студии ги завршува во 2010 година на истиот

факултет, повторно со оценка cum laude и просечен успех 10,00. Во периодот 2012-2019 година ги завршува докторските студии на Факултетот за музичка уметност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, под менторство на проф. д-р sci Томе Манчев и проф. Волфганг Манц од Нирнберг, Германија, и се стекнува со научен степен доктор на науки од областа на музичките уметности.

- **д-р Даринка Ѓоргиева-Ацкова**, редовен професор за наставно-научните области *фармацевтска токсикологија* и *применета хемија и фармацевтски анализи* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Вечер” и „Коха“ на 15.6.2026 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

- **д-р Дино Карпичаров**, асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата на кандидатот е навремена, целосна и ја содржи следнава документација:

- диплома за завршено соодветно образование за научниот степен доктор на науки (оригинал на увид и копија заверена на нотар);
- уверение за положени испити од трет циклус на студии (оригинал на увид и копија заверена на нотар);
- диплома за завршен интегриран прв и втор циклус на студии (оригинал на увид и копија заверена на нотар);
- уверение за положени испити од интегриран прв и втор циклус на студии (оригинал на увид и копија заверена на нотар);
- доказ за познавање странски јазик (оригинал на увид и копија заверена на нотар);
- уверение за државјанство (оригинал, не постар од 6 месеци);
- кратка биографија;

- листа на објавени научни и стручни трудови;
- по еден примерок од објавените трудови;
- примерок од докторскиот труд (во печатена форма);
- препораки од професори.

Врз основа на приложената документација од кандидатот д-р Дино Карпичаров, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Кандидатот д-р Дино Карпичаров е роден на 21 август 1994 година во Штип. Основно образование завршува во Штип, со континуиран одличен успех. Четиригодишно средно стручно образование завршува во Средното општинско училиште „Јане Сандански“ во Штип, на образовниот профил фармацевтско-лабораториски техничар, со континуиран одличен успех. По завршувањето на средното образование се запишува на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Фармација (интегриран прв и втор циклус на студии). За време на своите студии заминува на двонеделен студиски престој – летна практична настава на Фармацевтскиот факултет при Државниот медицински универзитет „СамГМУ“ во Самара, Руска Федерација. Во 2018 година, со одбрана на својот дипломски труд со наслов: „*Механизам на дејство и карактеристики на одредени антисептици и дезинфициенси во корелација со нивната активност врз селектирани микроорганизми*“, се стекнува со академскиот назив магистер по фармација, со просечен успех при студирањето – 9,80. Една година подоцна, односно во 2019 година, го положува државниот испит за здравствени работници со високо образование од областа на фармацијата и станува член на Фармацевтската комора на РСМ. Во 2020 година запишува здравствена специјализација и истата ја завршува три години подоцна, односно во 2023 година, стекнувајќи се со звањето специјалист по испитување и контрола на лекови. Почнувајќи од 2021 година, ги отпочнува своите докторски студии на студиската програма Фармацевтски науки, на матичниот факултет. За време на докторските студии заминува на еднонеделен студиски престој на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот во Белград, каде се стекнува со теоретски и практични вештини за работа со различни инструментални техники кои се применуваат за испитување и контрола на лекови. Во 2026 година, со одбрана на својот докторски труд со наслов: „*Развој и валидација на метод базиран на течна хроматографија за определување на мелоксикам и негови сродни супстанции при испитување на стабилност во раствор за инјектирање*“, се стекнува со академскиот назив доктор по фармацевтски науки, со просечен успех на трет циклус студии – 10,00.

Својата наставно-образовна кариера, д-р Дино Карпичаров најпрво ја започнува како универзитетски демонстратор на матичниот факултет, а потоа и како асистент, избран во наставно-научната област фармацевтска хемија, на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Автор и коавтор е на повеќе научни трудови од областите од интерес (https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Karpicarov=3ADino=3A=3A.html), објавени во домашни и меѓународни научни списанија, дел со фактор на влијание. Во текот на својот работен ангажман како асистент, активно учествува на домашни и меѓународни научни собири. Дел е и од неколку домашни и меѓународни проекти.

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Ознака: ОНУ.ПРВ.01).

Општи услови за избор во звање доцент

Кандидатот д-р Дино Карпичаров ги исполнува сите општи услови за избор во звање доцент, согласно Законот за високо образование и чек-листата за избор на доцент (Образец ОНУ.ОБ.22), врз основа на кои се утврдува исполнетоста на критериумите во рефератот на Рецензентската комисија, односно:

1. Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус:

Кандидатот д-р Дино Карпичаров ги завршил студиите по фармација, интегриран прв и втор циклус на студии, на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со просечен успех 9,80 и освоени 300 кредити според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), стекнувајќи се со академскиот назив магистер по фармација;

2. Стекнат научен степен доктор на науки од научната област за која се избира:

Кандидатот д-р Дино Карпичаров ја одбранил својата докторска дисертација на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, стекнувајќи се со академскиот назив доктор по фармацевтски науки;

3. Објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација согласно Законот за високо образование во последните 5 (пет) години пред објавувањето на огласот за избор:

При поднесување на пријавата, во листата на научни и стручни трудови, кандидатот д-р Дино Карпичаров има наведено вкупно седум труда, објавени во референтни научни публикации согласно Законот за високо образование. Сите трудови се достапни на е-репозиториумот на Универзитетот „Гоце Делчев“.

Објавени научноистражувачки трудови во референтна научна публикација во последните 5 (пет) години – научно списание со фактор на влијание:

Бр.	Автори	Наслов на публикацијата	Наслов на списание	Фактор на влијание
1.	Apostolova, P., Atanasova Lazareva, M., Davalieva, K., Arev, M., **Karpicarov, D.**, Makreski, P., Slaveska Spirevska, I., Mitrevska, I., Dimovski, A., Vranjes-Djuric, S., Janevik-Ivanovska, E.	*Freeze-dried kit formulation and physicochemical assessment of a daratumumab-based radiopharmaceutical* (https://eprints.ugd.edu.mk/38440/)	Acta Pharmaceutica, **2026**; 76(2): 260013	IF 1,8 (2025), Scopus indexed
2.	Drakalska Sersemova, E., Arev, M., Apostolova, P., **Karpicarov, D.**, Maksimova, V., Miceva, D., Cvetskovski, A., Samardziska, M.	*Preparation and characterization of amphiphilic cream formulations with meloxicam* (https://eprints.ugd.edu.mk/35071/)	Pharmacia, **2024**; 71: 1–7	IF 1,5 (2025), Web of Science & Scopus indexed

Објавени научноистражувачки трудови во референтна научна публикација во последните 5 (пет) години – меѓународни научни списанија без фактор на влијание:

Бр.	Автори	Наслов на публикацијата	Наслов на списание	Година на излегување на списанието
1.	**Karpicarov, D.**, Mitrevska, I., Manchevska, B., Apostolova, P., Tonic Ribarska, J., Gjorgjeska, B.	*Software-assisted analytical Quality by Design for stability-indicating method development: integration of DoE and predictive retention modeling using MODDE® and DryLab®* (https://eprints.ugd.edu.mk/37279/)	Macedonian pharmaceutical bulletin, **2026**; 72(2): 3–15	2001
2.	**Karpicarov, D.**, Mitrevska, I., Apostolova, P., Arev, M., Arsova-Sarafinovska, Z., Darkovska-Serafimovska, M., Dražić, B., Tonic Ribarska, J., Gjorgjeska, B.	*Estimation of Measurement Uncertainty Using Top-Down and Bottom-Up Approaches for Accurate Content Determination of Meloxicam in Injectable Dosage Forms* (https://eprints.ugd.edu.mk/37126/)	Arhiv za farmaciju, **2025**; 75(6): 493–507	1951
3.	Gjeorgiev, B., Miceva, D., **Karpicarov, D.**, Apostolova, P., Bogevski, K., Arev, M., Gjorgjeska, B.	*A Comparative Study of the Procedures for Medicine Approval in the European Union and the United States* (https://eprints.ugd.edu.mk/35908/)	Arhiv za farmaciju, **2025**; 75(2): 101–113	1951
4.	**Karpicarov, D.**, Apostolova, P., Arev, M., Arsova-Sarafinovska, Z., Gjorgjeska, B.	*Development and validation of HPLC method for content determination of Meloxicam in injections* (https://eprints.ugd.edu.mk/31666/)	Knowledge – International Journal, **2023**; 57(4): 517–522	2009
5.	Apostolova, P., **Karpicarov, D.**, Arev, M., Janevik-Ivanovska, E., Gjorgjeska, B., Arsova-Sarafinovska, Z.	*Development and Validation of HPLC method for determination of Methylprednisolone aceponate in cream* (https://eprints.ugd.edu.mk/30820/)	Macedonian Pharmaceutical Bulletin, **2022**; 68(Suppl 1): 97–98	2001

4. Познавање на најмалку еден странски јазик:

Кандидатот д-р Дино Карпичаров приложил потврда за познавање на англискиот јазик, издадена од овластена институција регистрирана за странски јазици, односно од Институтот за јазици при Филолошкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;

5. Способност за изведување на високообразовна дејност:

Кандидатот д-р Дино Карпичаров поседува способност за изведување високообразовна дејност, имајќи предвид дека во 2020 година бил избран во звање асистент за наставно-научната област фармацевтска хемија, а во 2023 година повторно бил избран во истото звање и област, на Катедрата за аналитика на лекови и фармацевтска хемија при Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во текот на својот редовен работен ангажман, активно учествувал во изведба на лабораториски и аудиториски вежби со студенти на додипломски студии на студиските програми Фармација, Општа медицина и Медицински лаборанти, на македонски и англиски јазик.

Посебни услови за избор во звање доцент

Кандидатот д-р Дино Карпичаров ги исполнува сите посебни услови за избор во звање доцент, согласно чек-листата за избор на доцент (Образец ОНУ.ОБ.22), односно:

1. Постигнувања во примената на истражувачките резултати и учество во научно-истражувачки проекти:

Кандидатот д-р Дино Карпичаров учествувал, односно се уште е вклучен во три проекти:

- Митревска, И., **Карпичаров, Д.**, Апостолова, П. и др. (2025–…) *Проектна стратегија и акционен план за имплементирање на одржливо пакување во фармацевтската и козметичката индустрија согласно барањата на новата ЕУ регулатива за пакувања и отпад од пакување (Packaging and Packaging Waste Regulation, PPWR)*, Алкалоид АД, Скопје;
- Drakalska Sersemova, E., Janevik Ivanovska, E., Zdravkovska, M., Apostolova, P., Arev, M., **Karpicarov, D.**, Miceva, D., Mitrevska, I., Makazlieva, T., Stojanovski, S., Manevska, N., Makreski, P., Velkovski, M., Makraduli, L., Dimova, D., Slaveska Spireska, I., Bakovska Stoimenova, T., Milosevic Krstevska, S., Milanovic, N., Smiljanovska, N. (2024–2029) *Freeze-Drying Process Design for Radiopharmaceutical Development of Peptide-Based FAPI and PSMA Ready-to-Use Kits for Labeling with Technetium-99m Including Stability Studies on Batch Formulations*. International Atomic Energy Agency CRP Project (F22077);
- Janevik Ivanovska, E., Angelovska, B., Gjorgjeska, B., Arsova Zarafinovska, Z., Drakalska Sersemova, E., Darkovska Serafimovska, M., Apostolova, P., **Karpicarov, D.**, Miceva, D. (2021) *ACLEMETH Knowledge Transfer – Active Learning Methodologies in Good Manufacturing Practices*. EU4TECH PoC Western Balkans.

Кандидатот д-р Дино Карпичаров ги применува истражувачките резултати во текот на докторските студии, при изработка на докторската дисертација, при објавување научни трудови, како и при нивно презентирање на научни собири.

2. **Две препораки од професори**:

Кандидатот д-р Дино Карпичаров има приложено три препораки од редовни професори и една препорака од доцент;

3. **Остварен минимален број поени кои се однесуваат на целокупната активност на лицето: НО = 30, НИ = 38, САОР = 7, или вкупно 75 поени**:

Врз основа на извршената евалуација на целокупната активност, кандидатот д-р Дино Карпичаров остварува вкупно 126,9 поени, и тоа: НО = 30,0, НИ = 67,9 и САОР = 29,0. Со тоа, кандидатот ги исполнува и надминува минималните бодовни критериуми за избор во звање доцент.

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Својата наставно-образовна дејност кандидатот д-р Дино Карпичаров ја започнал во 2017 година, уште за време на студиите, кога бил ангажиран како универзитетски демонстратор на матичниот факултет. Почнувајќи од 2020 година, стапил во редовен работен однос на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кога бил избран во звање асистент за наставно-научната област фармацевтска хемија на Факултетот за медицински науки (Одлука бр. 2002-217/4), а во 2023 година повторно бил избран во истото звање и област (Одлука бр. 2002-231/20).

Во периодот како универзитетски демонстратор и асистент, кандидатот д-р Дино Карпичаров активно учествувал во изведување практична настава со студенти на додипломски академски и стручни студии, на македонски и англиски јазик, на следните студиски програми:

- Студиска програма Фармација: Аналитика на лекови 1 и 2, Инструментални фармацевтски анализи, Фармацевтска хемија 1, 2 и 3, Општа биохемија (биохемија 1), Клеточна биохемија (биохемија 2), Фармакологија 1 и 2;
- Студиска програма Општа медицина: Фармакологија со токсикологија 1 и 2;
- Студиска програма General Medicine, на англиски јазик: Medicinal Chemistry, Basics of Biochemistry 1 и 2;
- Студиска програма Дентална медицина: Фармакологија;
- Студиска програма Медицински лаборанти: Добра лабораториска практика, Клеточна биохемија, Фармацевтска анализа;
- Студиска програма Медицински сестри/техничари: Фармакологија;
- Студиска програма Акушерки: Фармакологија.

Со завршувањето на здравствената специјализација и стекнувањето на звањето специјалист по испитување и контрола на лекови, кандидатот д-р Дино Карпичаров се здобил со дополнителни компетенции за самостојно вршење лабораториска работа, особено при изведба на стандардни лабораториски постапки, со фокус на развој и валидација на аналитички методи за квалитативни и квантитативни фармацевтски анализи. Овие компетенции се потврдуваат и преку неговите досегашни научни публикации од соодветната област.

Во рамките на своите научноистражувачки активности, кандидатот д-р Дино Карпичаров применува хроматографски и спектроскопски аналитички техники, особено за идентификација, определување содржина и анализа на

онечистување кај активни фармацевтски супстанции и готови фармацевтски производи. Дополнително, бил активно вклучен во тимови за изработка на специјалистички и докторски тези од истата област, со што стекнал значајно искуство во тимска лабораториска работа, научноистражувачка соработка и примена на современи аналитички пристапи во испитувањето и контролата на лекови.

I. ***Објавени трудови во научни списанија кои претставуваат референтни научни публикации (во последните пет години)***

Од вкупно седум приложени научни труда од кандидатот д-р Дино Карпичаров, два труда се објавени во научни списанија со фактор на влијание, индексирани во Scopus или Web of Science, а пет труда се објавени во меѓународни научни списанија без фактор на влијание.

A. **Објавени трудови во референтни научни публикации во последните пет години – научни списанија со фактор на влијание**

1. Apostolova, P., Atanasova Lazareva, M., Davalieva, K., Arev, M., **Karpicarov, D.**, Makreski, P., Slaveska Spirevska, I., Mitrevska, I., Dimovski, A., Vranjes-Djuric, S., Janevik-Ivanovska, E. (2026) *Freeze-dried kit formulation and physicochemical assessment of a daratumumab-based radiopharmaceutical*. Acta Pharmaceutica, 76(2): 260013 (IF 1,8). https://eprints.ugd.edu.mk/38440/

Трудот претставува оригинално научно истражување од современа и актуелна област, насочено кон развој на лиофилизиран кит базиран на вектор моноклонално антитело даратумумаб, како потенцијален имуноконјугат за обележување со ^{177}Lu. Научната вредност на трудот произлегува од јасно поставениот истражувачки концепт, кој опфаќа избор и оптимизација на соодветен хелатор, развој на лиофилизирана формулација и сеопфатна физичко-хемиска карактеризација на добиениот имуноконјугат. Посебен квалитет на трудот дава примената на повеќе комплементарни аналитички техники, меѓу кои MALDI-TOF за определување на односот хелатор–антитело, SE-HPLC за евалуација на чистотата на имуноконјугатот, ATR-FTIR и Raman спектроскопија за следење на структурниот интегритет, како и проценка на ефикасноста на обележувањето, радиохемиската чистота и *in vitro* стабилноста на радиоимуноконјугатот. Добиените резултати имаат значајна научна и апликативна вредност, бидејќи потврдуваат дека даратумумаб-*p*-SCN-Bn-DOTA претставува најсоодветен кандидат, со висок принос при радиобележување, зачуван структурен интегритет на антителото и подобра стабилност во споредба со DTPA-аналогот. Дополнително, изборот на формулација што содржи физиолошки раствор, сахароза, манитол и полисорбат 20, без присуство на пуфер, укажува на рационален и релевантен пристап кон развој на *ready-to-use* кит. Севкупно, трудот се одликува со добра научна поставеност, методолошка комплексност, интердисциплинарен карактер и јасен потенцијал за транслација кон понатамошен развој на тераностички радиофармацевтици.

2. Drakalska Sersemova, E., Arev, M., Apostolova, P., **Karpicarov, D.**, Maksimova, V., Miceva, D., Cvetkovski, A., Samardziska, M. (2024) *Preparation and characterization of amphiphilic cream formulations with meloxicam*. Pharmacia, 71: 1–7 (IF 1,5). https://eprints.ugd.edu.mk/35071/

Овој труд, кој претставува оригинално научно истражување, е насочен кон развој и карактеризација на амфифилни формулации со мелоксикам во форма на крем за топикална примена. Научната релевантност на трудот произлегува од фактот што истражувањето обработува формулациски проблем, односно развој на дозирана форма на мелоксикам за локална примена, со цел надминување на ограничувањата поврзани со системската примена на лекот и неговата ниска растворливост. Посебен научен квалитет на трудот е рационалниот пристап во изборот на амфифилна база како носач, како и вклучувањето на ментол како рубефациенс, кој потенцијално ги подобрува пенетрирачките својства. Во трудот се подготвени три формулации со различна содржина на ментол, што овозможува споредбена проценка на неговото влијание врз физичко-хемиските својства и ослободувањето на активната супстанција од дозираната форма. Методолошки, трудот се одликува со систематска и сеопфатна карактеризација на подготвените формулации, вклучувајќи: испитување на физичките својства, идентификација и определување на содржината ма мелоксикам, определување на pH-вредноста, вискозитетот, размачкувањето и микробиолошката чистота, определување на *in vitro* ослободување на активната супстанција од дозираната форма, како и студии на стабилност во траење од шест месеци. Добиените резултати покажуваат дека формулациите се хомогени, со pH-вредности погодни за топикална примена, со соодветна содржина на активната супстанција и прифатлив микробиолошки квалитет. Дополнително, трудот покажува дека зголемувањето на концентрацијата на ментол во формулацијата, резултира со намалување на вискозитетот и подобрување на ослободувањето на мелоксикам, што е значајна предност во контекст на апликативната вредност на формулацијата. Севкупно, трудот има јасна научна и практична вредност, поткрепена со развој на стабилна, прифатлива и потенцијално корисна топикална формулација на мелоксикам во амфифилна база.

B. **Објавени трудови во референтни научни публикации во последните пет години – меѓународни научни списанија без фактор на влијание**

1. Karpicarov, D., Mitrevska, I., Manchevska, B., Apostolova, P., Tonic Ribarska, J., Gjorgjeska, B. (2026) *Software-assisted analytical Quality by Design for stability-indicating method development: integration of DoE and predictive retention modeling using MODDE® and DryLab®*. Macedonian pharmaceutical bulletin, 72(2): 3–15. https://eprints.ugd.edu.mk/37279/

Трудот претставува прегледен научен труд од современа област на фармацевтската анализа, со фокус на примената на AQbD при развој на stability-indicating методи. Научната вредност на трудот произлегува од обработка на актуелен концепт во модерниот аналитички развој: премин од традиционалниот OFAT пристап кон систематски, податочно воден и регулаторно усогласен развој на аналитички методи. Посебен квалитет на трудот е интегрирањето на AQbD, DoE и предиктивно ретенциско моделирање преку современи софтверски алатки како MODDE® и DryLab®. Во трудот се истакнува нивната улога во проценка на критичните параметри на методот, дефинирање на работниот простор на методот, намалување на бројот на експерименти и подобрување на робусноста. Дополнителна вредност е поврзувањето на овој пристап со современата регулаторна рамка, особено со

ICH Q2(R2), Q8(R2), Q9(R1), Q10 и Q14. Севкупно, трудот има значајна научна, стручна и апликативна вредност, бидејќи претставува практично ориентиран преглед за развој, валидација и управување со животниот циклус на stability-indicating методите во фармацевтската индустрија.

2. **Karpicarov, D.**, Mitrevska, I., Apostolova, P., Arev, M., Arsova-Sarafinovska, Z., Darkovska-Serafimovska, M., Dražić, B., Tonic Ribarska, J., Gjorgjeska, B. (2025) *Estimation of Measurement Uncertainty Using Top-Down and Bottom-Up Approaches for Accurate Content Determination of Meloxicam in Injectable Dosage Forms*. Arhiv za farmaciju, 75(6): 493–507. https://eprints.ugd.edu.mk/ 37126/

Трудот претставува оригинално научно истражување насочено кон проценка на мерната неодреденост при определување на содржина на мелоксикам во инјекциони фармацевтски форми. Научната релевантност на трудот произлегува од значењето на мерната неодреденост како параметар за обезбедување доверливост, точност и регулаторна прифатливост на аналитичките резултати. Посебен квалитет на трудот е споредбената примена на два комплементарни пристапи за проценка на мерната неодреденост: пристапот одозгора-надолу (Top-down) и пристапот одоздола-нагоре (Bottom-up). Методологијата е поставена согласно EDQM рамката, преку идентификација на мерената величина, изворите на неодреденост, нивна квантификација и пресметка на комбинирана и проширена неодреденост. Добиените резултати покажуваат дека Top-down пристапот обезбедува практична проценка базирана на податоци од валидација, додека Bottom-up пристапот овозможува подетална анализа преку вклучување на поединечните извори на неодреденост. Севкупно, трудот има значајна научна и апликативна вредност, бидејќи нуди следлива и практично применлива методологија за проценка на мерната неодреденост, особено важна за регулаторно прифатлива интерпретација на аналитички резултати блиску до спецификациските граници.

3. Gjeorgiev, B., Miceva, D., **Karpicarov, D.**, Apostolova, P., Bogevski, K., Arev, M., Gjorgjeska, B. (2025) *A Comparative Study of the Procedures for Medicine Approval in the European Union and the United States*. Arhiv za farmaciju, 75(2): 101–113. https://eprints.ugd.edu.mk/35908/

Трудот претставува прегледен научен труд насочен кон компаративна анализа на постапките за одобрување лекови во ЕУ и САД. Научната и стручната релевантност на трудот произлегува од обработката на значајно прашање во современата фармацевтска регулатива: проценка на безбедноста, ефикасноста и квалитетот на лековите како предуслов за добивање одобрение за ставање лек во промет. Во трудот се анализираат основните европски постапки за регистрација на лекови, како централизирана, децентрализирана и постапка на заемно признавање, и се споредуваат со американските регулаторни апликации IND, NDA и ANDA. Посебна вредност на трудот е систематското прикажување на институционалните и процедуралните разлики меѓу EMA и FDA, вклучително и разликите во организацијата, времетраењето на постапките и можностите за регулаторно усогласување. Севкупно, трудот има значајна научна, стручна и апликативна вредност, бидејќи придонесува кон подобро разбирање на двата водечки регулаторни системи и на предизвиците поврзани со глобалната регистрација на лекови.

4. Karpicarov, D., Apostolova, P., Arev, M., Arsova-Sarafinovska, Z., Gjorgjeska, B. (2023) *Development and validation of HPLC method for content determination of Meloxicam in injections*. Knowledge – International Journal, 57(4): 517–522. https://eprints.ugd.edu.mk/31666/

Овој труд претставува оригинално истражување насочено кон развој и валидација на брза, едноставна и економски исплатлива RP-HPLC метода за определување на содржина на мелоксикам во инјекции. Научната и практичната релевантност на трудот произлегува од потребата за сигурни, валидирани и рутински применливи аналитички методи во контролата на квалитет на готови фармацевтски производи. Методата е валидирана согласно со насоките на ICH, преку проценка на точност, прецизност, специфичност, линеарност, опсег и робусност. Добиените резултати покажуваат дека методата е точна, прецизна, специфична и линеарна во испитуваниот опсег, како и стабилна при мали намерни варијации на хроматографските услови. Севкупно, трудот има јасна научна и апликативна вредност, бидејќи предлага валидирана и практично применлива метода за рутинска контрола на содржината на мелоксикам во инјекции.

5. Apostolova, P., **Karpicarov, D.**, Arev, M., Janevik-Ivanovska, E., Gjorgjeska, B., Arsova-Sarafinovska, Z. (2022) *Development and Validation of HPLC method for determination of Methylprednisolone aceponate in cream*. Macedonian pharmaceutical bulletin, 68(Suppl 1): 97–98. https://eprints.ugd.edu.mk/30820/

Овој труд претставува краток труд со оригинални резултати, насочен кон развој и валидација на брза и едноставна RP-HPLC метода за определување на содржина на метилпреднизолон ацепонат во крем. Научната и практичната релевантност на трудот произлегува од фактот што во периодот на изработка и публикување на трудот не постоела индивидуална фармакопејска монографија за конкретната активна супстанција во посочената дозирана метода, што ја наметнува потребата од развој на соодветна, валидирана и рутински применлива аналитичка метода за квантитативно определување на метилпреднизолон ацепонат во крем. Методата е валидирана согласно насоките на ICH, преку проценка на точност, прецизност, специфичност, линеарност, опсег и робусност. Добиените резултати покажуваат дека методата е селективна, со прифатлива резолуција помеѓу пиковите на активната супстанција и конзервансот, без интерференции од ексципиенсите, како линеарна, точна, прецизна и робусна. Севкупно, трудот има јасна научна и апликативна вредност, бидејќи предлага валидирана и практично применлива метода за рутинска контрола на содржината на метилпреднизолон ацепонат во крем.

II. ***Објавени трудови од научни и стручни собири печатени во зборници на трудови и книги на апстракти од научни собири (во последните пет години)***

Во последните пет години, кандидатот д-р Дино Карпичаров учествувал на седум научни собири со меѓународно учество, од кои произлегле трудови објавени во книги на апстракти и презентирани како постер-презентации, и тоа:

1. Митревска, И., **Карпичаров, Д.** (2025) *Студии што поддржуваат транспорт и дистрибуција на медицински производи*. Втор симпозиум со

меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтот како алка помеѓу традиционалната и иновативната терапија“, 27 септември 2025, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, РСМ. Книга на апстракти, стр. 23 (постер-презентација). https://eprints.ugd.edu.mk/36510/

2. Вучковски, А., **Карпичаров, Д.**, Митревска, И. (2025) *Споредба на инфрацрвената спектроскопија со Фуриева трансформација и Рамановата спектроскопија за структурно определување на ацетаминофен*. Втор симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтот како алка помеѓу традиционалната и иновативната терапија“, 27 септември 2025, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, РСМ. Книга на апстракти, стр. 57 (постер-презентација). https://eprints.ugd.edu.mk/36509/

3. Minevska, E., Apostolova, P., **Karpicarov, D.**, Vitanov, P., Grozdanov, A., Paunovic, P., Arsova-Sarafinovska, Z. (2024) *A Simple and Sensitive HPLC Method for Determination of Tacrolimus in Pharmaceutical Dosage Forms*. 27th Congres of Chemists and Technologists of Macedonia, 25–28 September 2024, Ohrid, N. Macedonia. Book of abstracts, p. 54 (poster presentation). https://eprints.ugd.edu.mk/34794/

4. Ѓеоргиев, Б., **Карпичаров, Д.**, Ѓорѓеска, Б. (2023) *Спектрофотометриска применливост на нефармакопејски хроматографски метод за определување на содржина на мелоксикам во инјекции*. Прв симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтска грижа: актуелности, можности и предизвици“, 23 септември 2023, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, РСМ. Книга на апстракти, стр. 44 (постер-презентација). https://eprints.ugd.edu.mk/33865/

5. Бојковска, А., Величковска, М., Апостолова, П., **Карпичаров, Д.** (2023) *Евалуација на робустност на аналитички метод за определување на содржина на конзерванс во полуцврста дозирана форма*. Прв симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтска грижа: актуелности, можности и предизвици“, 23 септември 2023, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, РСМ. Книга на апстракти, стр. 43 (постер-презентација). https://eprints.ugd.edu.mk/33864/

6. **Карпичаров, Д.**, Ѓорѓеска, Б. (2023) *Евалуација на соодветност на систем кај HPLC метод за определување содржина на мелоксикам во инјекции*. Прв симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтска грижа: актуелности, можности и предизвици“, 23 септември 2023 година, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, РСМ. Книга на апстракти, стр. 45 (постер-презентација). https://eprints.ugd.edu.mk/32270/

7. Apostolova, P., **Karpicarov, D.**, Arev, M., Janevik-Ivanovska, E., Gjorgjeska, B., Arsova-Sarafinovska, Z. (2022) *Development and Validation of HPLC method for determination of Methylprednisolone aceponate in cream*. 7th Congress of Pharmacy in North Macedonia “Modern trends in pharmacy: opportunities and challenges”, 5–9 October 2022, Ohrid, N. Macedonia. Book of abstracts, p. 97–98 (poster presentation). https://eprints.ugd.edu.mk/31121/

Севкупно, наставно-образовната и научно-истражувачката дејност на кандидатот д-р Дино Карпичаров укажуваат на континуирана вклученост во академскиот процес, преку учество во практична настава на повеќе студиски програми, како и на јасно профилирана научна активност.

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Во рамките на стручно-апликативната дејност, кандидатот д-р Дино Карпичаров, како дел од Катедрата за аналитика на лекови и фармацевтска хемија, учествувал во подготовката и воспоставувањето на Лабораторијата за фармацевтски анализи и контрола на квалитет при Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатот д-р Дино Карпичаров остварува значајно учество и во организација на настани на матичниот факултет. Тој бил член на организацискиот одбор на два симпозиуми со меѓународно учество од областа на фармацијата: „Фармацевтска грижа: актуелности, можности и предизвици“, одржан на 23 септември 2023 година, и „Фармацевтот како алка помеѓу традиционалната и иновативната терапија“, одржан на 27 септември 2025 година. Дополнително, бил еден од техничките уредници на книгите на апстракти кои произлегле од овие симпозиуми.

Кандидатот д-р Дино Карпичаров, во четири наврати, бил именуван како член од Факултетот за медицински науки во Комисија за спроведување на писмен и устен испит по Македонски јазик за странци, рамништа А1, А2 и Б1, во повеќе испитни сесии во периодот од 2022 до 2025 година, организирани од страна на Институтот за јазици при Филолошкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр. 1902-184/12, Одлука бр. 1902-104/3, Одлука бр. 1902-135/7, Одлука бр. 1902-221/27). Ваквиот ангажман го потврдува неговото континуирано учество во организациските активности на матичниот Универзитет и во спроведување постапки од значење за странските студенти.

Како член на Фармацевтската комора на РСМ, кандидатот д-р Дино Карпичаров бил именуван за член на Избирачкиот одбор за Изборната единица бр. 2, надлежен за спроведување на изборните дејствија во рамките на изборите за органите на Комората за мандатниот период 2026–2030. Овој ангажман укажува на негово активно вклучување во организациски активности од значење за Комората и за професионалната фармацевтска заедница во државата.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на разгледаната документација и извршената евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Дино Карпичаров ги исполнува сите општи и посебни услови за избор во звање доцент, согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатот има соодветно образование, континуирано наставно искуство како универзитетски демонстратор и асистент, како и јасно профилирана научно-истражувачка активност во областа аналитика на лекови. Во последните пет години има објавено седум научни трудови во референтни научни публикации, од кои два во научни списанија со фактор на влијание, а активно учествувал и на научни собири со меѓународно учество. Дополнително, кандидатот покажува значајна стручно-апликативна и организациско-развојна активност, преку учество во проекти, организација

на симпозиуми, работа во комисии и активности од значење за матичниот факултет, Универзитетот и професионалната фармацевтска заедница во државата.

Врз основа на извршената квантификација на целокупната активност, кандидатот д-р Дино Карпичаров остварува вкупно 126,9 поени, и тоа: НО = 30,0, НИ = 67,9 и САОР = 29,0 поени, со што ги исполнува и ги надминува минимално пропишаните бодовни критериуми за избор во звање доцент.

Имајќи го предвид сето наведено, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го избере кандидатот д-р Дино Карпичаров во звање доцент за наставно-научната област *аналитика на лекови* (3.05.02.07).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Ивана Митревска, доцент, претседател, с.р.
Д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор во пензија, член, с.р.
Д-р Анета Димитровска, редовен професор, член, с.р.
Д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, редовен професор, член, с.р.
Д-р Даринка Ѓоргиева-Ацкова, редовен професор, член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Ред. бр.	Наставно-образовна (НО) дејност	Поени				
		во земјава		во странство		Вкупно
		број	поени	број	поени	
1.	Избор во звање асистент (Одлука бр. 2002-217/4, Одлука бр. 2002-231/20)	2	15	/	/	30,0
Вкупно за наставно-образовна дејност:						**30,0**

Ред. бр.	Научноистражувачка (НИ) дејност	Поени				
		во земјава		во странство		Вкупно
		број	поени	број	поени	
2.	Научен труд објавен во списание со ИФ (останати автори, повеќе од 5 коавтори): бр. I/A.1, I/A.2	2 x (5 x 0,7)				7,0
3.	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, повеќе од 5 коавтори): бр. I/B.1, I/B.2	2 x (9 x 0,7)				12,6
4.	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (останати автори, повеќе од 5 коавтори): бр. I/B.3	1 x (3 x 0,7)				2,1
5.	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, до 5 коавтори): бр. I/B.4	1 x (9 x 1,0)				9,0
6.	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор, повеќе од 5 коавтори): бр. I/B.5	1 x (6 x 0,7)				4,2
7.	Учество на научен собир со реферат (постер): бр. II/1, II/2, II/3, II/4, II/5, II/6, II/7	7	1	/	/	7,0
8.	Одбранета докторска теза	1	8	/	/	8,0
9.	Одбранета специјализација	1	6	/	/	6,0
10.	Уредник на зборник на трудови од научен собир: - Прв симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтска грижа: актуелности, можности и предизвици“, 23.9.2023, УГД, Штип, РСМ; - Втор симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтот како алка помеѓу традиционалната и иновативната терапија“, 27.9.2025, УГД, Штип, РСМ	2	1	/	/	2,0
11.	Член на организационен одбор на научен собир: - Прв симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтска грижа: актуелности, можности и предизвици“, 23.9.2023, УГД, Штип, РСМ; - Втор симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтот како алка помеѓу традиционалната и иновативната терапија“, 27.9.2025, УГД, Штип, РСМ	2	1	/	/	2,0
12.	Студиски престој во странство	/	/	1	8	8,0
Вкупно за научноистражувачка дејност						**67,9**

Ред. бр.	Стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) дејност	Поени				
		во земјава		во странство		Вкупно
		број	поени	број	поени	
13.	Учесник во научен проект: - *во земјата*: 1. Проектна стратегија и акционен план за имплементирање на одржливо пакување во фармацевтската и козметичката индустрија согласно барањата на новата ЕУ регулатива за пакувања и отпад од пакување (Packaging and Packaging Waste Regulation) - *во странство*: 1. Freeze-Drying Process Design for Radiopharmaceutical Development of Peptide-Based FAPI and PSMA Ready-to-Use Kits for Labeling with Technetium-99m Including Stability Studies on Batch Formulations; 2. ACLEMETH Knowledge Transfer – Active Learning Methodologies in Good Manufacturing Practices	1	5	2	8	21,0
14.	Член на факултетски орган, комисија: - Комисија за спроведување на писмен и устен испит по Македонски јазик за странци (Одлука бр. 1902-184/12, Одлука бр. 1902-104/3, Одлука бр. 1902-135/7, Одлука бр. 1902-221/27)	4	2	/	/	8,0
Вкупно за стручно-апликативна и организациско-развојна дејност						**29,0**
ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ (ДЕЈНОСТИ)						**126,9**

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ИНТЕРНА МЕДИЦИНА И ЕНДОКРИНОЛОГИЈА И ЗАБОЛУВАЊА НА МЕТАБОЛИЗМОТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-192/9 од 17.6.2026 година донесена на 359. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 17.6.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област интерна медицина (3.02.00.01) и ендокринологија и заболувања на метаболизмот (3.02.00.03) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

- проф. д-р Бранкица Крстевска -проф. д-р Самуел Садикарио -проф. д-р Ивица Смоковски, редовен професор за наставно-научната област ендокринологија, дијабетес и заболувања на метаболизмот, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ -проф. д-р Снежана Марковиќ, редовен професор за наставно-научната област интерна медицина и ендокринологија, дијабетес и заболувања на метаболизмот, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ -проф. д-р Милка Здравковска – член, редовен професор за наставно-научната област епидемиологија и здравствена статистика и информатика, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ -Пријава;
- Кратка биографија (4 примероци);
- Уверение за положени испити од додипломски студии на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ -Диплома за завршени додипломски студии на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ -Диплома за завршен втор циклус на студии на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ -Диплома за завршен трет циклус студии на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ -Уверение за државјанство (оригинал);
- Список со објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од секој труд, примероци од трудовите во оригинална форма се прикачени и одобрени во базата на УГД е-репозиториум);
- Сертификати од присуство на стручни конференции;
- Сертификат за познавање на англиски јазик (оригинал);
- Примерок од магистерски и докторски труд;
- Одлука за избор во редовен професор во наставно -Објавен рецензиран учебник во Е-библиотека на УГД;
- Одлуки и решенија за членство во универзитетски / факултетски комисии;
- Останати сертификати, одлуки и решенија.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Кандидатката д-р Валентина Велкоска Накова е родена на 22.10.1979 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип со континуиран одличен успех. Во учебната 1998/1999 се запишува на студии на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што дипломира во 2004 година со просечен успех 9,12 и се стекнува со звање дипломиран доктор на медицина. Од 2004 до 2006 година работи како професор по стручни предмети во средното државно медицинско училиште „Јане Сандански“ во Штип. Во 2005 година го положува стручниот испит и се стекнува со лиценца за работа.

Во 2007 година се запишува на последипломски студии по интерна медицина на Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, каде што ги положува сите предвидени испити со среден успех 10,0 и на 4.4.2011 година ја брани магистерската теза со наслов „ Влијание на супклинички хипотироидизам врз некои фактори на ризик за атеросклероза“, со што се стекнува со титулата магистер на медицински науки.

Од 2007 година со одлука на Матичната комисија при основањето на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип е избрана за помлад асистент на Високата здравствена школа. Во 2010 година е реизбрана во истото звање на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Во 2008 година се запишува на специјализација по интерна медицина на Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и истата ја завршува во септември 2013 година, станувајќи специјалист по интерна медицина.

Во 2011 година се запишува на докторски студии по клиничка медицина на Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и на 22.5.2015 година ја брани докторската дисертација на тема „Евалуација на ефектот од тироидна супституциона терапија врз левовентрикуларната систолна и дијастолна функција кај супклинички хипотироидизам”.

Во 2012 година е избрана во звањето асистент, а во 2015 година по одбранетата докторска дисертација е избрана во звањето доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Од 2014 година работи како специјалист по интерна медицина на Одделението за внатрешни болести во Клиничката болница во Штип, а во 2019 година се запишува на супспецијализација по ендокринологија, која ја завршува во март 2022 година и се здобива со супспецијализација по ендокринологија.

Во февруари 2021 година е избрана во звање вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, а од јуни 2021 година е со двојно вработување во Клиничка болница - Штип и Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, каде што се уште работи.

На 24.12.2025 година е избрана со звање редовен професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик, работа со компјутери и статистичка обработка на податоци во Statistics 7,0 и SPSS.

Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно - стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

1. Кандидатката д-р Валентина Велкоска Накова има остварено просечен успех од 9,12 на додипломските студии по медицина и 10,0 на втор циклус (магистерски) студии по интерна медицина на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

2. Кандидатката д-р Валентина Велкоска Накова во 2015 година ја брани докторската дисертација со наслов „Евалуација на ефектот од тироидна супституциона терапија врз левовентрикуларната систолна и дијастолна функција кај супклинички хипотироидизам”, која обработува научни согледувања за потребата од третман на супклиничкиот хипотироидизам и ефектот од болеста и терапијата на левовентрикуларната функција на срцето, при што се стекнува со научен степен доктор на медицински науки. Со Одлука 2002-203/19 од 2.9.2015 година е избрана во наставно-научно звање доцент. Со Одлука 2002-36/11 од 1.2.2021 година е избрана во насловен вонреден професор, а со Одлука 2002-182/31 од 2.6.2021 година е избрана во наставно-научно звање вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Со Одлука 2002-346/17 од 24.12.2025 г. е избрана во наставно-научно звање редовен професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

3. Има објавено рецензиран учебник по Ендокринологија во Е-библиотека при УГД. https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=1202&ugd=1fe23e2072f879079934199ead04572c

4. Објавени најмалку 6 научни трудови во референтни научни публикации во последните пет години:

Бр.	Автори	Наслов на публикацијата	Списание	Години на излегување на списанието
1	Brankica Krstevska, Sasha Jovanovska Mishevska, **Valentina Velkoska Nakova**, Vladimir Serafimoski	Prevalence and predictors of impaired glucose tolerance and diabetes mellitus type 2 in patients with polycystic ovary syndrome.	CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci., XLII 2, 2021 SJR= 0.133	1969
2	**Valentina Velkoska Nakova**, Brankica Krstevska, Biljana Todorova, Sasha Jovanovska Mishevska	The effect of thyroid substitution therapy on serum lipids in patients with a mild form of subclinical hypothyroidism.	Rev Mex Endocrinol Metab and Nutr. 2023;10:15-22.	2014
3	**Valentina Velkoska Nakova**, Zoran Nakov, Stojka Dokuzova, Tatjana Prosheva, Brankica Krstevska	Efficacy and safety of empagliflozine and semaglutide (once weekly) in T2DM patients in Shtip.	Contributions. Sec of med sci. XLIV 1, 2023, p. 71-77. SJR = 0.133	1969

4	Brankica Krstevska, Sasha Jovanovska Mishevska, **Valentina Velkoska Nakova,** Iskra Bitoska, Nevenka Laban Guceva, Irfan Ahmeti, Snezana Markovic, Biljana Todorova, Ivana Mladenovska	Assessment of prevalence and risk factors for diabetic retinopathy in patients with type 1 and type 2 diabetes examined at a tertiary care.	Contributions. Sec of med sci. XLIV 2,2023, p. 23-30. SJR = 0.133	1969
5	Zoran Nakov, **Valentina Velkoska Nakova**. Short communication	Comparison of quality of life in patients with type 2 diabetes mellitus with and without insulin treatment	Macedonian pharmaceutical bulletin, 68 (Suppl 1) 503 - 504 (2022)	1964
6	Aleksandra Aleksoska Gjuzelova, **Valentina Velkoska Nakova**, Zorica Nanovic, Marija Metodieva, Aleksandra Jorganovic Stojkoska, Nikola Camurovski, Vladimir Mitreski, Slagjana Simeonova Krstevska.	Association of inflammatory markers with disease severity and outcome in Covid-19 patients.	Contributions. Sec of med sci. XLIV 1,2023, p. 89-95. SJR = 0.133	1969
7	Tatjana Milenkovikj, Biljana Chekorova Mitreva, Sasha Jovanovska Mishevska, Iskra Bitoska-Mileva, Irfan Ahmeti, On behalf of the MIRAGE study group (Katerina Adamova, Tatjana Bajraktarova Prosheva, Biljana Todorova, Marija Zhivkovikj Hristova, Cvetanka Volkanovska Ilijevska, Argjent Mucha, Ivana Mladenovska Stojkoska, Aleksandra Stevchevska, Taner Hasan, Natasha Nedeska Minova, Daniela Doneva, Ivana Mickovski, Radmila Milosheska, Branko Aleksov, Slavica Lakinska, Vera Penshovska Nikolova, Nadica Bozhinovska Dimova, Dushica Stefanovska, Bekjir Mahmudi, Zulkjufli Misimi, **Valentina Velkoska Nakova**, Julijana Tomska, Olga Lozanovska, Elena Levkova Kjulumova, Stojo Boshkoski, Alsada Veseli Abazi, Zlatko Savoski, Mira Kostojchinoska, Liljana Angeleska, Daniela Misoska Pendova, Goce Hristov, Marija Bajdevska Spirkovska, Ismail Bajrami, Metodi Tashev, Adjija Kurtoski, Tanja Ilijoska, Verica Jakimova)	Once-weekly semaglutide use in glucagon-like peptide-1 receptor agonist naïve patients with type 2 diabetes in North Macedonia: Real-world data from the MIRAGE study.	Diabetes Research and Clinical Practice 206 (2023) 111018. JCR=7,4 Citescore=10,5	1980

8	Igor Tomasevic, Garegin Hambardzumyan, Gayane Marmaryan, Aleksandra Nikolic, Alen Mujcinovic, Weizheng Sun, Xiao-Chen Liu, Danijela Bursać Kovačević, Anica Bebek Markovinović, Nino Terjung, Volker Heinz, Maria Papageorgiou, Adriana Skendi, Gunjan Goel, Mamta Raghav, Antonella Dalle Zotte, Dimitar Nakov, **Valentina Velkoska**, Bartosz G. Sołowiej, Anastasia A. Semenova, Oksana A. Kuznetsova, Miroslav Krocko, Viera Duckova, Jose M. Lorenzo, Noemi Echegaray, Emel Oz, Fatih Oz, Ilija Djekic.	Eurasian consumers' food safety beliefs and trust issues in the age of COVID-19: evidence from an online survey in 15 countries.	J Sci Food Agric 2023;103: 7362–7373. IF=3,5 Citescore=7,9	1950
9	Chamovska Sheshoska H, Vasileva Koleski K, Milachikj B, **Velkoska Nakova V.**	Influence of non-HDL-C levels on Carotid Intima-Media Thickness in healthy individuals.	E-journal CVM. (Електронско списание за кардиоваскуларна медицина) 2023, 8-10.	2022
10	Zoran Nakov, Stevche Acevski, **Valentina Velkoska**, Stojka Naceva Fushtik, Natalija Nakov, Jasmina Tonikj Ribarska, Suzana Trajkovikj Jolevska.	Health-related quality of life of teen/adult patients with cystic fibrosis in the Republic of North Macedonia.	Macedonian pharmaceutical bulletin, 2021; 67 (1) 33 – 41.	1964
40. Nikolovska Vrateovska, D., Mojsoska, S., & Nikoloska, K. (2025). Foreign direct investments in the context of perceived security and institutional trust: A comparative regional analyze. Во 16th International Scientific Conference: Systemic Corruption – The Greatest Security Threat: Security and Strategic Approaches to Addressing Complex Challenges (стр. 140–150). Skopje, Macedonia. ISSN 2671-3624, UDK 339.727.22:340.131(497.7).

Трудот ја анализира поврзаноста помеѓу институционалната доверба, владеењето на правото и приливот на странски директни инвестиции преку компаративен регионален пристап. Емпириската анализа се заснова на примена на Пирсоновиот коефициент на корелација, со што се оценува јачината на врската помеѓу индикаторите за институционален квалитет и СДИ, а добиените резултати придонес кон согледувањето на институционалните детерминанти на инвестициската активност во економиите групирани по ниво на догод во четири групи.

Евалуација на трудот бр.41

41 Pavleski, D., Jolakoski, S., & Nikolovska Vrateovska, D. (2025). Socio-economic costs of road traffic accidents and road safety management capacity assessment in N. Macedonia. Во 16th International Scientific Conference: Systemic Corruption – The Greatest Security Threat: Security and Strategic Approaches to Addressing Complex Challenges (стр. 159–173). Skopje, Macedonia. UDK 351.811(497.7); UDK 656.1(497.7).

Трудот нуди систематизиран преглед на методите за процена на социо-економските трошоци од сообраќајните незгоди. Добиените резултати претставуваат корисна основа за понатамошни истражувања и за креирање политики насочени кон подобрување на сообраќајната безбедност.

Евалуација на објавените книги на кандидатката д-р Данче Николовска-Вратеовска

1. Данче Николовска Вратеовска (2015) – Економската стабилност низ призмата на финансискиот систем, Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип

Во оваа научна книга кандидатката го разработува значењето на финансискиот систем како еден од клучните носители на макроекономската стабилност. Посебно внимание е посветено на улогата и функциите на финансиските институции, нивната меѓусебна поврзаност и влијанието врз алокацијата на финансиските ресурси, како и на интеракцијата помеѓу финансиската и макроекономската стабилност. Трудот претставува значаен придонес кон проучувањето на институционалните и системските детерминанти на економската стабилност.

2. Данче Николовска Вратеовска (2015) – Финансиските институции во генезата и еволуирањето на економските кризи – фокус на глобалната економска криза (2007), Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип

Во оваа научна книга кандидатката ја анализира улогата на финансиските институции во настанувањето, ширењето и продлабочувањето на економските и финансиските кризи, со посебен осврт на глобалната финансиска криза од 2007 година. Преку систематски пристап се обработуваат теоретските концепти, видовите и причините за финансиските кризи, како и нивните економски последици, при што се идентификуваат заедничките карактеристики и механизми на нивното повторување. Трудот обезбедува солидна теоретска основа за разбирање на улогата на финансискиот сектор во зачувувањето на макроекономската стабилност.

3. Данче Николовска Вратеовска (2015) – Влијанието на финансиските институции врз макроекономската и финансиската стабилност во случајот на Република Македонија, Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип

Научната книга е фокусирана на анализа на финансискиот систем во Република Македонија и неговото влијание врз макроекономската и финансиската стабилност. Во трудот се разработуваат структурата, развиеноста и перформансите на финансискиот сектор, како и улогата на банкарските и небанкарските финансиски институции и финансиските пазари во обезбедувањето стабилно економско окружување. Преку сеопфатна анализа се согледуваат импликациите на финансискиот систем врз макроекономските движења и се потенцира неговото значење за одржлив економски развој.

Учество со усно обраќање на меѓународни научни конференции и научно-стручни трибини (научни собири) во земјава и во странство (пријавна листа 7)

1. International Scientific Conference – Archibald Reiss Days, The Academy of Criminalistic and Police Studies, Belgrade, Serbia, 1–2 March 2012. Impact of Money Laundering on Economic Security – Case Macedonia.
2. The 20th NISPAcee Annual Conference-Public Administration East and West: Twenty Years of Development 23-26 May, 2012 Ohrid, R. Macedonia (Fiscal decentralization: success or failure in case study Macedonia), NISPA, University "St. Kliment Ohridski" Bitola;
3. International Scientific Conference: Security and Euro-Atlantic Perspectives of the Balkans, University "St. Kliment Ohridski" Bitola, Faculty of Security, Ohrid, North Macedonia, 25–26 May 2012. Money Laundering on the Financial Markets.
4. International Scientific Conference: Migration and Labour Market, Hotel Montana Palace, Krushevo, North Macedonia, 19–20 October 2012. Clothing Industry as a Source for Employment in Macedonia – Focus on the Municipality of Shtip.
5. Меѓународна научна конференција: Родовата рамноправност и родовата перспектива во одбраната и безбедноста, Министерство за одбрана на Р. Македонија, Факултет за безбедност, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Скопје, 23–24 април 2013.

The Labor Market and the Position of Women in the Sector of Defence.

6. International Scientific Conference: The Balkans between Past and Future – Security, Conflict Resolution and Euro-Atlantic Integration, Ohrid, North Macedonia, 5–8 June 2013. Money Laundering as Actor in Economy (Economic Approach).
7. Меѓународна научно-стручна конференција: Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 14 мај 2014. Micro and Macro Economic Aspects about the Impact of Education on Human Capital, Labor Market and Economic Growth and Development.
8. International Scientific Conference: SMEs Development and Innovation – Building Competitive Future of South-Eastern Europe, Faculty of Economics – Prilep, University "St. Kliment Ohridski", 3–4 October 2014. Elements Needed for Economy Based on Knowledge Contributing for Growth and Development of the Small and Medium Companies.
9. International Student Conference for Environmental Protection (FISEC14), University of Novi Sad, Novi Sad, Serbia, November 2014. Economy of Environment: Legal Framework, the Instruments, Mechanisms and the Future Challenges in Macedonia.
10. 3rd International Scientific Conference: Knowledge – Capital of the Future, Bansko, Bulgaria, 27–29 November 2014. The Function of Education and the Scientific-Research and Artistic Activity in the Creation of Human Capital and Knowledge-Based Economy in the Republic of Macedonia.
11. Fourth International Scientific Conference: Knowledge for Health, Bansko, Bulgaria, 17–19 April 2015. The Ecological Economy – Factor and the Environment – Determinant of Health: Regulation and Challenges in Macedonia.

12. International Scientific-Technical Conference: Situation, Challenges and Perspectives in the Upbringing and Education of the Republic of Macedonia, Штип, 13 May 2015.

I. The Socio-Economic Stratification and Education as a Factor of Social Mobility.

II. The Evolution of Economic Knowledge about Macroeconomic Stability through the Prism of Macroeconomic Paradigm.

13. International Scientific Conference: Researching Security – Approaches, Concepts and Policies, Ohrid, 2–3 June 2015. Redefinition of Macroeconomic and Macroprudential Policy and the BASEL III Concept.

14. Second International Scientific Conference: Social Change in the Global World, Stip, 3–4 September 2015. The Latest Control Mechanisms for Criminal-Legal Protection of the Public Procurements in Macedonia in Function of Preventing Public Finances Abuse.

15. Научно-стручна трибина: Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, 3 October 2015. The Function of Teachers and Education in the Genesis of Human Capital and the Knowledge-Based Economy.

16. Научно-стручна трибина: Учителот и средината за учење и развој, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, October 2015. Investing in and Measurement of Knowledge-Based Economies.

17. Seventh International Conference: Knowledge – Capital of the Future, Bansko, Bulgaria, 2–4 December 2016. The New Knowledge of Crisis and the New EU Bank Union in Function of Financial Stability.

18. Eighth International Scientific Conference: Knowledge without Borders, Bansko, Bulgaria, 8–10 April 2016. The Credit Booms and the Concept of Macro Financial Stability.

19. World LUMEN Congress 2016, Romania, 12–17 April 2016 (online presentation).

Savings and Ethics of the Population in the Republic of North Macedonia.

20. Четврта меѓународна научно-стручна конференција: Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи, Штип, 18 May 2016.

I. Functions of the Management of Human Resources and the Banking Institutions.

II. The Economic Growth and the Knowledge about the Banking vs. Market Financial Systems.

III. The Lessons of the Global Economic Crisis (2008) about the Strengths and Weaknesses of the Financial System and Macroeconomic Stability in Macedonia.

IV. Determinants of Inflation through the Various Macroeconomic Schools.

21. Научно-стручна трибина: Предизвиците и перспективите на учителската професија, Штип, 7 October 2016.

Stylized Facts of the Economic Cycles and the Need for Counter-Cyclical Macroeconomic Policy.

22. Петта меѓународна научно-стручна конференција: Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи, Штип, 15 May 2017.

I. (Un)learned about Globalization, Liberalization and the Financial (Micro and Macro) Economic Discrepancies.

II. The European Investment Funds as an Instrument of Harmonized Economic Development in Europe.

III. The Scientific Acknowledgment of Financial Development and Economic Growth.

23. Петта научно-стручна трибина: Да се биде учител..., Штип, 6 October 2017. The Education, Teacher and Economic Growth and Development.

24. 5th International Scientific Conference: Is it Time for a Total Reset?, University of Maribor, Faculty of Economics and Business, Maribor, Slovenia, 18 May 2021. Savings of the Households in the Republic of North Macedonia – Seven Years After.

25. 12th International Scientific Conference: 30 Years of Independent Macedonian State, University "St. Kliment Ohridski", Ohrid, September 2021. Dynamics of the Issued Payment Cards in the Republic of North Macedonia in the Period from 2005 to 2019.

26. International Scientific Conference: The Role of Higher Education in Society Advancement (REAS 2021), University "St. Kliment Ohridski", Ohrid, 24–2 September 2021.

The Correlation between Education and Human Capital and Their Impact on the Creation of a Knowledge-Based Economy.

27. XI International Scientific Conference: Archibald Reiss Days, University of Criminal Investigation and Police Studies, Belgrade, 9–10 November 2021. The Economic Crime, Social Costs and Economic Growth.

28. International Scientific Conference: Economy, Business & Society in Digitalized Environment (EBSiDE 2022), Faculty of Economics, University "St. Kliment Ohridski", Prilep, 23–25 September 2022. The Impact of Financial Education on Savings, Financial Development and Economic Growth.

29. 14th International Scientific Conference: The Strategic and Security Concept for the Countries of Southeast Europe, University "St. Kliment Ohridski", Struga, 27–29 September 2023. Qualitative Analysis of the Banking Sector for the Protection of Citizens Regarding the Safe Usage of Payment Cards in the Municipality of Prilep.

30. International Scientific Conference: Economy, Business & Society in Digitalized Environment (EBSiDE 2024), Faculty of Economics, University "St. Kliment Ohridski", 20–21 September 2024. Assessing Financial Performance from Digital Marketing Strategy in SMEs.

31. 16th International Scientific Conference: Systemic Corruption – The Greatest Security Threat: Security and Strategic Approaches to Addressing Complex Challenges, Skopje, 23 September 2025. Foreign Direct Investments in the Context of Perceived Security and Institutional Trust: A Comparative Regional Analysis. Socio-Economic Costs of Road Traffic Accidents: Road Safety Management Capacity Assessment in North Macedonia.

32. 10th FEB International Scientific Conference: Sustainable Governance and Management – Navigating the ESG and AI Transformation, University of Maribor, Faculty of Economics and Business, Maribor, Slovenia, 12 May 2026. The Impact of Innovation Capacity of Economies and Digital Government Maturity on Economic Growth.

Членство во научни и организациски одбори на меѓународни научни конференции

Кандидатката е член на Научниот одбор на International student conference on environmental sciences 2015 – FISCES 2015 во Загреб, Хрватска, како и четирикратен член на Организацискиот одбор на Меѓународната научно-стручна конференција „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи (2013-2017)“ во организација на Локалната самоуправа на Општина Штип и Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип (6.1, 6.2, 6.3, 6.4, 6.5)

Одржано предавање по покана од научна институција

По покана на Правен факултет, Катедра за финансиско право при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, на 18.12.2025 година таа се јавува како предавач на гостинско предавање на тема „Правни аспекти на јавните приходи, даноците и улогата на УЈП“ (7.34).

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Кандидатката има богато портфолио на учества на обуки и семинари во земјава и во странство, кое покажува континуирано јакнење на капацитетите во областа на локален развој, јавни финансии и економски политики. Од првите обуки организирани од ОБСЕ и Фондација Отворено општество (2005–2006), каде што се стекнува со знаења за менаџмент на промени, проектно планирање, техники на преговарање, ненасилно решавање на конфликти и презентациски вештини, па сè до меѓународни тренинзи како Budva campaign skills training for female activists (IRI, 2007) и Seminar of the European Commission on Gender Equality and Human Rights (TAIEX, Brussels, Belgium, 2014), нејзиниот ангажман е насочен кон градење лидерски и организациски способности. Во периодот 2012–2025, фокусот е ставен на економски и финансиски теми преку серија обуки на Управата за јавни приходи и Даночната академија: карактеристики на даночни обврзници, алатки за инспекција, нови закони за данок на личен доход и добивка, меѓународни сметководствени стандарди, присилна наплата и управување со долг, како и користење на нови апликативни решенија и аналитика на книговодствени списи. Во рамки на посетуваните обуки се и обуките за родово одговорно буџетирање (UN Women, 2015) и семинарите за препознавање и превенирање на коруптивно однесување (УЈП, ДКСК, 2025). Најновите учества, како Executive Leadership Seminar организиран од Public Revenue Office и United States Treasury – Office of Technical Assistance Revenue Program, ја потврдуваат нејзината експертиза и лидерски компетенции во областа на јавните финансии (пријавна листа 4).

Исто така, во изминатите години, нејзиниот фокус е насочен кон финансиски и економски теми: научни собири по повод денот на денарот, како и учества на стручни регионални меѓународни форуми организирани од IMF - International Monetary Fund, SECO - State Secretariat for Economic Affairs, Switzerland и IOTA - Intra-European Organisation of Tax Administrations за управување со даночен долг и воведување на дигитализација и иновативни решенија во управувањето со јавните финансии (пријавна листа 5).

Автор е на прирачник

Прирачник за оперативно и финансиско работење на мултисекторски тела – Локални совети за превенција (2020), доц. д-р Данче Николовска Вратеовска - во рамки на проект „Заедно сме посигурни и побезбедни“ - ЗГ Медиа плус; Македонски центар за меѓународна соработка-МЦМС, Civica Mobilitas, Швајцарска агенција за развој и соработка (SDC), NIRAS од Данска; FCG од Шведска (1.14).

Евалуација на прирачник:

Данче Николовска Вратеовска (2020) - Прирачник за оперативно и финансиско работење на мултисекторски тела – Локални совети за превенција.

Прирачникот претставува практично и методолошки структурирано издание кое ги разработува организациските, оперативните и финансиските аспекти на функционирањето на локалните совети за превенција како мултисекторски тела. Посебна вредност претставуваат насоките за финансиско планирање, управување со ресурсите, примена на моделот SARA и изработката на финансиски проекции, што го прави прирачникот корисна алатка за унапредување на ефикасноста и одржливоста на локалните превентивни политики.

Труд објавен во зборник на трудови од стручен собир:

1. Nikolovska, D. (2008). Глобализација, работни стандарди и женски права: жената низ призма на трудот – глобален дискурс и локална реалност. Во Зборник на дебатирани прашања за квалитетот на животот на жената во Македонија: Низ перспективита на жената (стр. 13–18). Центар за изведувачки уметности Мултимедија; НУБ „Св. Климент Охридски“. ISBN 978-9989-2235-3-2 (пријавна листа 8, труд бр.1).

Евалуација на трудот бр. 1

1. Nikolovska, D. (2008). Глобализација, работни стандарди и женски права: жената низ призма на трудот – глобален дискурс и локална реалност. Во Зборник на дебатирани прашања за квалитетот на животот на жената во Македонија: Низ перспективита на жената (стр. 13–18). Центар за изведувачки уметности Мултимедија; НУБ „Св. Климент Охридски“. ISBN 978-9989-2235-3-2.

Трудот дава придонес во анализата на процесот на глобализацијата преку економската перспектива, со фокус на работните стандарди и женските права. Авторката ја нагласува неправилната алокацијата на човечките ресурси и ја идентификува диспропорцијата меѓу потенцијалот на жената и нејзиното недоволно експонирање во економската сфера, што резултира со родов јаз во платите и ограничена економска моќ.

Кандидатката има обемно искуство како предавач и експерт на над триесет семинари, обуки и работилници во периодот 2011–2022. Темите што ги обработувала опфаќаат: изработка на бизнис планови и извори на финансирање, субвенционирани кредити за самовработување и вработување, практикантство и младинско вработување, како и на теми за финансиска едукација и писменост, финансиско планирање и менаџирање, деловен менаџмент и комуникација, управување со човечки ресурси и менаџирање со промени, економско јакнење на жените, женското претприемништво, жената

Ромка и социјалното претприемништво, како и теми за родово буџетирање и родова еднаквост, мерки и инструменти за самовработување, активни мерки за невработени лица, волонтеризам и практикантство, како и за пазарот на труд и младинско лидерство и оперативно и финансиско работење на мултисекторски тела - локалните совети за превенција.

1. Едукативна работилница „Изработка на бизнис план и извори на финансирање на почетен бизнис – Бизнис план и самовработување“, Регионален бизнис центар, 12/2011 (2.10).
2. Работилница „Субвенционирани кредити за самовработување и вработување на невработени лица“, Котевски консалтинг, 9/2014 (2.15).
3. Работилница „Субвенционирање на вработување; Практикантството како прво работно искуство до вработување“, Котевски консалтинг, 9/2014 (2.16).
4. Едукативна работилница „Ефективни можности за младинско вработување – финансиски менаџмент и младинско лидерство“, Младински клуб – Штип, 26.1.2018 (2.18).
5. Едукативна работилница „Претприемништвото и младите“, Младински клуб – Штип, 16/02/2018 (2.19).
6. Едукативна работилница „Менаџирање со промени: како до еко одржливи бизниси“, Младински клуб – Штип, 26.2.2018 (2.20).
7. Едукативна работилница „Пазар на труд и женски дискурс“, Синергија, 2.3.2018 (2.21).
8. Едукативна работилница „Финансиска едукација и писменост на млади“, Младински клуб – Штип, 5.3.2018 (2.22).
9. Едукативна работилница „Жената Ромка и социјалното претприемништво“, Здружение на мултиетничко општество за човекови права, 16/03/2018(2.23).
10. Едукативна работилница „Жената Ромка на пазарот на труд – можности за вработување“, Здружение на мултиетничко општество за човекови права, 29. 3.2018(2.24).
11. Едукативна работилница „Каде сме: Социоекономска положба и образовен статус кај жените Ромки“, Здружение на мултиетничко општество за човекови права, 5.4.2018(2.25).
12. Едукативна работилница „Биолошка поделба на труд и родова поделба на професии“, Синергија, 1.3.2019 (2.26).
13. Едукативна работилница „Менаџмент на промени“, Медиа плус, 8.4.2019(2.27).
14. Едукативна работилница „Деловен менаџмент и комуникација“, Медиа плус, 15.4.2019(2.28).
15. Едукативна работилница „Финансиско планирање и менаџирање“, Медиа плус, 22.4.2019(2.29).
16. Едукативна работилница „Управување со човечки ресурси: алокација на вештини и знаења“, Медиа плус, 29.4.2019(2.30).
17. Едукативна работилница „Позитивен активизам за женско претприемништво: расположливи мерки“, ЕХО – Едукативно-хуманитарна организација, 8.5.2019(2.31).
18. Едукативна работилница „Како да изготвам бизнис план“, Котевски Консалтинг, 22.5.2019(2.32).

19. Едукативна работилница „Стимулации и мерки за носители на земјоделски стопанства“, Котевски консалтинг, 24.5.2019(2.33).

20. Едукативна работилница „Механизми за јакнење на социоекономскиот статус кај жртвите на семејно насилство“, ЕХО – Едукативно-хуманитарна организација, 3.6.2019(2.34).

21. Едукативна работилница „Школа за женска акција: Како да градиме бизнис партнерства – хоризонтални и вертикални вмрежувања“, ЕХО – Едукативно-хуманитарна организација, 6.3.2020(2.35).

22. Едукативна работилница „Економско јакнење на жени – од амбиција, преку акција, до успех“, ЕХО – Едукативно-хуманитарна организација, 10.3.2020(2.36).

23. Консултантска и обучувачка активност во рамки на проектот „Заедно сме посигурни и побезбедни“ – едукативно-информативни работилници на тема „Основни постулати на оперативно и финансиско работење на мултисекторски тела – Локални совети за превенција“ за осум општини (Штип, Свети Николе, Карпош, Битола, Струга, Гостивар, Гевгелија и Крива Паланка), во организација на ЗГ Медиа плус, МЦМС, Civica Mobilitas, SDC, NIRAS и FCG, 10/2020(2.37).

24. Едукативна работилница „Управување со финансии за млади“, Здружение за правата на Ромите – Штип, 10.2.2021(2.38).

25. Едукативна работилница „Од идеја до бизнис“, Здружение за правата на Ромите – Штип, 17.2.2021(2.39).

26. Едукативна работилница „Како да сум конкурентен на пазарот на труд“, Здружение за правата на Ромите – Штип, 24.2.2021(2.40).

27. Едукативна работилница „Жената во економијата и одржливиот развој“, Синергија, 5.3.2021(2.41).

28. Едукативна работилница „Мерки и инструменти за самовработување и отпочнување на сопствен бизнис“, Котевски консалтинг, 5.4.2021(2.42).

29. Едукативна работилница „Активни мерки за невработени лица: Потреби и можности“, Котевски консалтинг, 6.4.2021(2.43).

30.Едукативна работилница „Школа за женска акција: Жените во претприемништвото“, Здружение на мултиетничко општество за човекови права, 20.5.2021(2.44).

31. Едукативна работилница „Волонтеризам, практикантство и субвенционирани вработувања за млади“, Здружение за правата на Ромите – Штип, 28.5.2021(2.45).

32. Работилница „Влијанието на родовото буџетирање врз социоекономскиот статус на жената и родовата еднаквост“, American Corner, НУУБ „Гоце Делчев“ – Штип, 25.1.2022(2.46).

33. Интернационална конференција: Родот, политиките и трудот, Мултимедиа и Германска амбасада, 6-9.12.2007, Скопје, Р.Македонија (Жената низ призма на трудот - глобален дискурс и локална реалност)(7.1);

34. Стручна трибина / советување на тема: Актуелни прашања и проблеми во наплатата на побарувањата (Како да се зголеми правната сигурност), Институт за правно-економски истражувања и едукација IRUDICA PRIMA, 18-20 септември 2025, Струмица (7.33).

35. Годишна управувачка конференција на УЈП: Стратегиска рефлексија усогласување и мобилизација, 12-13.2.2026, Скопје, (Годината зад нас: што се случи - резултати, грешки, предизвици и научени лекции)(7.35).

Учество во научен проект

Таа е избрана за главен и водечки ментор за о. Берово во научен проект „Ние сме жени лидерки и двигателки на промени во нашите заедници - Жените менаџерки и носителки на земјоделски стопанства,, во имплементација на Македонско женско лоби, Оддел за родови студии при Универзитет ,,Евро-Балкан" од Скопје, ОЖ Сирма, ОЖ Десиде и Комисија за еднакви можности при Собрание на Р. Македонија кој се реализира во интервалот 2013 - 2014 година. Во рамките на проектот бил дефиниран и реализиран акциски план насочен кон економско јакнење на жените, развој на претприемачки капацитети и подобрување на пристапот до информации за расположливите економски мерки и инструменти. Проектот опфатил активности за поддршка на женското претприемништво, развој на земјоделските активности и унапредување на локалниот економски потенцијал преку серијал обуки за лидерство, менаџирање, подготовка на бизнис планови и користење на достапни финансиски механизми. Како резултат на проектните активности е воспоставен Бизнис инфо - пункт преку кој била обезбедената поддршка од 42 заинтересирани корисници, 17 жени (40,5%) се регистрирале како индивидуални земјоделци и започнале со економска активност, што укажува на директниот ефект на проектот врз економското активирање и самовработувањето на целната група. Проектот придонел кон јакнење на човечкиот капитал, подобрување на пристапот до информации за мерките за поддршка и унапредување на можностите за учество на жените на локалниот пазар на труд. Реализираните активности претставуваат пример за поврзување на локалниот економски развој, претприемништвото и инклузивните политики како фактори за одржлив економски раст (2.14).

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ ОД КОМИСИЈАТА

Врз основа на целокупната приложена документација, анализата на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојна дејност на кандидатката пријавена за избор на еден наставник во сите звања во наставно-научната област економија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Рецензентската комисија заклучи дека таа бележи континуиран и препознатлив научен и професионален развој. Нејзината научноистражувачка активност се одликува со актуелност на истражувачките теми, примена на современи научни методи и постојан придонес кон развојот на економската мисла, додека наставно-образовната и стручно-апликативната ангажираност ја потврдуваат нејзината компетентност за изведување високообразовна дејност.

Согласно со одредбите од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно- стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката ги исполнува законските како и посебните услови за избор во наставно-научно звање.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, кандидатката доц. д-р Данче Николовска-Вратеовска да биде избрана во наставно-научното звање доцент во наставно-научната област економија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Душко Јошески, вонреден професор, претседател, с.р.
Д-р Дарко Лазаров, редовен професор, член, с.р.
Д-р Наташа Митева, вонреден професор, член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Р. бр.	**Наставно-образовна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
1	Избор во звање доцент (6.6, 6.7)	30				**30**
	ВКУПНО					**30**
Р. бр.	**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
1	Монографија или научна (1.13)	3x10	30			**30**
2	Научен труд објавен во меѓународно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (6,11,12,14,20,21,35)	1x6, 1x9, 1x6,1x9, 1x9,1x9,1x6 =				**54**
3	Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир (во земјава 3,4,5,7,8,9,13,15,16,17,18,19,23,24,25,26,27,28,29,30,31,32,34,37,38,39,40,41; во странство 2,10,22,33,36	**Во земјава**		**Во странство**		**Вкупно**
		број	**Поени 2**	**број**	**Поени 3**	
		28 1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2,1x2	22x2=44 6x2x1.3=15.6 Вк.**59.6**	5 1x3,1x3, 1x3, 1x3,1x3	**15**	**74.6**
4	Одржано предавање по покана од научна институција (7.34)	1	2			**2**
5	Учество на научен собир усно (во земјава 7.3, 7.4,7.5,7.6,7.7,7.8,7.9,7.10,7.14,7.15,7.16,7.17,7.21,7.22,7.23,7.24,7.26,7.27,7.28,7.29,7.30,7.31,7.32; во странство 7.2,7.11,7.12,7.13,7.18,7.19,7.20, 7.25,7.36)	23x1	23	9x1.5	13.5	**36.5**
6	Одбранета докторска теза (1.1)	1x8	8			**8**
7	Одбранет магистерски труд (1.2)	1x4	4			**4**
8	Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал (во земјава 6.1, 6.2,6.3,6.4, во странство 6.5)	4x1	4	1x2	2	**6**
	ВКУПНО					**215.1**

Р. бр.	Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност	Поени				
		Во земјава		Во странство		
		број	поени	број	поени	Вкупно
1	Стручна монографија (1.14)	1x8	8			8
2	Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир (1)	1x2	2			2
3	Учество на стручен собир усно / предавач (2.4,2.5,2.6,2.7,2.8,2.9 ,2.10,2.11,2.12,2.13,2.14,2.15,2.16 ,2.17,2.18,2.19,2.20,2.21,2.22,2.2 3,2.24,2.25,2.26x8,2.27,2.28,2.29, 2.30,2.31,2.32,2.33,2.34,2.35, 7.1, ,7.33, 7.35)	42x0.5	21			21
4	Учесник во научен проект (2.14)	1x5	5			5
	ВКУПНО					36
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ					281.1

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „АНАТОМСКИ ВАРИЈАЦИИ НА ВЕРТЕБРО-БАЗИЛАРНИОТ СИСТЕМ И НИВНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ВРЗ ЦЕРЕБРАЛНАТА ЦИРКУЛАЦИЈА“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Со Одлука број 0206-525/4 од 19.8.2026 г. донесена на 117. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 - Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на ден 17.8.2026 година, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов „Анатомски варијации на вертебро-базиларниот систем и нивните последици врз церебралната циркулација“/„Anatomical variations of the vertebrobasilar system and their consequences on cerebral circulation“, пријавена и изработена од кандидатот д-р Газменд Зуљбеари, во состав:

- проф. д-р Светлана Јовевска – претседател,
- проф. д-р Тоше Крстев – член и интерен ментор,
- проф. д-р Сади Бећети – член и екстерен ментор,
- проф. д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска – член и
- проф. д-р Јасминка Чабуковска Радуловска – член.

Комисијата во наведениот состав го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација со наслов „Анатомски варијации на вертебро-базиларниот систем и нивните последици врз церебралната циркулација“ од кандидатот ас. д-р Газменд Зуљбеари претставува самостоен оригинален научноистражувачки труд, изработен на 155 страници, со фонт 12 и според пропозициите за изработка на докторски труд, согласно со Правилникот за трет циклус студии на УГД. Во дисертацијата се презентирани вкупно 56 табели, 20 графикони, 22 слики и 182 литературни цитати. Трудот ги содржи следниве поглавја: Резиме на македонски и на англиски јазик, Вовед, Мотив, Цели и хипотези на истражувањето, Материјал и методи на работа, Резултати, Дискусија, Заклучоци и Литература. Основниот концепт на своето истражување, кандидатот д-р Газменд Зуљбеари го базира врз основа на релевантни литературни податоци и современи научни сознанија од областа на анатомијата, радиологијата, неврологијата и васкуларната медицина, на систематично и терминолошки прецизен начин, при што сите делови од дисертацијата се логички поврзани и насочени кон остварување на поставените цели. Трудот претставува комплексна анализа на анатомските варијации на вертебро-базиларниот систем (ВБС), нивните морфометриски карактеристики, хемодинамското значење и нивната потенцијална поврзаност со цереброваскуларни нарушувања. Вертебро-базиларниот систем претставува клучен дел од задната церебрална циркулација и обезбедува крвоснабдување на витални структури на централниот нервен систем, вклучувајќи ги мозочното стебло, малиот мозок, таламусот и окципиталните

региони. Во дисертацијата кандидатот јасно ја истакнува клиничката важност на овој артериски систем, нагласувајќи дека нарушувањата во неговата структура и функција можат да бидат поврзани со појава на вертебробазиларна инсуфициенција, исхемични цереброваскуларни настани и други невролошки компликации. Посебно внимание е посветено на анатомските варијации на вертебралните артерии и базиларната артерија, како што се хипоплазија, асиметрија, долихоектазија и други морфолошки промени. Кандидатот соодветно ја нагласува нивната важност во однос на церебралната перфузија, хемодинамиката, интерпретацијата на радиолошките наоди и планирањето на неврохируршки и ендоваскуларни процедури. Познавањето на нормалната анатомија и варијабилноста на вертебро-базиларниот систем има особено значење во современата клиничка практика, бидејќи овозможува подобра проценка на ризикот, попрецизна дијагностика и намалување на можните компликации при интервенционални процедури. Во воведниот дел кандидатот, ас. д-р Газменд Зуљбеари, јасно ги образложува мотивите за спроведување на истражувањето, го дефинира предметот и проблемот на истражување и ја истакнува научната и практичната оправданост на избраната тема. Воведот е структуриран логично и овозможува постепено запознавање со анатомските, ембриолошките, морфолошките и клиничките аспекти на вертебробазиларниот васкуларен систем, со посебен акцент на анатомските варијации и нивното потенцијално влијание врз церебралната циркулација. Кандидатот користи релевантна и современа научна литература, соодветна на предметот и целите на истражувањето. Во овој контекст, соодветно се обработени основните анатомски карактеристики на вертебробазиларниот систем, кој претставува составен дел од задната церебрална циркулација и е формиран од десната и левата вертебрална артерија (arteria vertebralis dextra et sinistra) и базиларната артерија (*arteria basilaris*). Овој васкуларен систем има клучна улога во артериското снабдување на мозочното стебло, малиот мозок, таламусот, окципиталните лобуси и делови од темпоралните региони, како и на одредени структури на ‘рбетниот мозок. Особено позитивно може да се оцени деталниот приказ на анатомскиот тек и сегментацијата на вертебралната артерија на четири сегменти - V1, V2, V3 и V4. Кандидатот соодветно го опишува V1 сегментот како префораминален дел, кој потекнува од субклавијалната артерија и се протега до влезот во foramen transversarium. V2 сегментот го опфаќа делот на артеријата што се протега низ трансверзалните отвори на цервикалните прешлени, додека V3 сегментот го опфаќа атланто-аксијалниот и субокципиталниот тек. V4 сегментот го претставува интракрани-јалниот дел на вертебралната артерија, кој преку foramen magnum навлегува во кранијалната празнина и учествува во формирањето на базиларната артерија.Во воведниот дел соодветно се разгледуваат и варијациите во нивото на влез на вертебралната артерија во foramen transversarium. Кандидатот наведува дека најчестото ниво на влез е C6, но дека се можни и варијации на нивоата C7, C5, C4 и C3. Овој аспект е особено значаен од гледна точка на клиничката анатомија, радиолошката дијагностика и предоперативното планирање. Во истиот контекст се разгледуваат и варијациите во потеклото на вертебралната артерија, вклучително и можноста левата вертебрална артерија да потекнува директно од аортниот лак. Кандидатот понатаму ја обработува базиларната

артерија, нејзиниот тек по вентралната површина на понсот и нејзините главни гранки. Во изложувањето се опфатени предната долна церебеларна артерија (AICA), понтинските перфори-рачки гранки и горната церебеларна артерија (SCA), како и терминалната бифуркација на базиларната артерија во двете задни церебрални артерии. На овој начин, кандидатот правилно ја прикажува анатомската поврзаност на вертебробазиларниот систем со останатите компоненти на задната церебрална циркулација.Посебно внимание е посветено на поврзаноста на вертеброба-зиларниот систем со артериски круг на Willis (circulus arteriosus cerebri – Willisii). Преку задните комуникантни артерии се воспоставува функционална врска помеѓу каротидниот и вертебробазиларниот систем, што овозможува колатерален проток и одреден степен на компензација на церебралната перфузија при намален проток низ одредени главни артериски садови. Кандидатот правилно укажува дека ефикасноста на овој компензациски механизам зависи од индивидуалната анатомска конфигурација и проодноста на комуникантните артерии. Значаен дел од воведот претставува и обработката на ембриолошкиот развој на цереброва-скуларниот систем. Кандидатот ги прикажува основните фази во развојот на внатрешните каротидни и вертебралните артерии, како и улогата на примитивните анастомотични артерии, меѓу кои проатлантската, хипоглосалната, отичната и тригеминалната артерија. Со развојот на дефинитивната церебро-васкуларна мрежа, овие привремени анастомози регресираат, додека се воспоставуваат стабилните артериски врски на задната циркулација. Особено значајно е што кандидатот ја поврзува ембриолошката основа со појавата на анатомските варијации на вертебробазиларниот систем. Вертикалното и надолжното поврзување на цервикалните интерсегментални артерии, нивната фузија и регресија, како и формирањето на дефинитивната вертебрална артерија, претставуваат важна морфогенетска основа за разбирање на индивидуалните варијации во потеклото, текот и конфигурацијата на овие крвни садови. Овој пристап е особено релевантен за темата на дисертацијата, бидејќи овозможува анатомските варијации да се разгледуваат не само како морфолошки особености, туку и како резултат на сложени развојни процеси. Во продолжение, кандидатот детално го разгледува функционалното и клиничкото значење на вертебробазиларниот систем. Поради неговата улога во васкуларизацијата на мозочното стебло, малиот мозок, таламусот и окципиталните региони, нарушувањата на задната церебрална циркулација можат да бидат проследени со сериозни невролошки последици.

Во овој контекст се наведуваат клинички состојби како атеросклеротски промени и стенози, тромбоемболиски оклузии, аневризми, артериски дисекции и други васкуларни нарушувања. Посебно внимание е посветено на вертебробазиларната инсуфициенција и нејзините можни клинички манифестации. Кандидатот ги наведува вртоглавицата, атаксијата, нарушувањето на рамнотежата, диплопијата, дизартријата, визуелните нарушувања и исхемичните настани во задната циркулација. Со тоа, анатомските и васкуларните промени се поврзуваат со нивното потенцијално функционално и клиничко значење. Во согласност со предметот на дисертацијата, кандидатот посебно ги издвојува најзначајните морфолошки варијации на вертебралните и базиларната артерија, меѓу кои

хипоплазијата на вертебралната артерија, асиметријата во дијаметарот, фенестрациите, долихоектазијата, варијациите во текот на крвните садови и варијациите во нивното разгранување. Нивното разгледување е соодветно поставено во контекст на можните промени во церебралната хемодинамика и перфузија. Кандидатот правилно укажува дека анатомските варијации не треба автоматски да се сметаат за патолошки состојби, но дека одредени морфолошки конфигурации, особено во присуство на други васкуларни ризик-фактори, можат да имаат клиничко и хемодинамско значење. Промените во дијаметарот, текот и разгранувањето на артериите можат да влијаат врз локалните услови на крвниот проток и распределбата на церебралната перфузија, што ја оправдува нивната детална морфолошка анализа. Од особено значење е клиничкото, дијагностичкото и хируршкото значење на познавањето на варијантната анатомија. Деталното познавање на потеклото, текот, дијаметарот и разгранувањето на вертебралните и базиларната артерија е важно за правилна интерпретација на радиолошките наоди, проценка на васкуларниот ризик, предоперативно планирање и безбедно изведување на неврохируршки и ендоваскуларни процедури. Во овој контекст, кандидатот ги наведува современите методи за визуализација и проценка на ВБС вклучувајќи доплер ултрасонографија, компјутерска томографска ангиографија (CTA), магнетно-резонантна ангиографија (MRA) и дигитална субтракциона ангиографија (DSA). Примената на овие дијагностички методи овозможува детекција и морфолошка карактеризација на анатомските варијации, како и нивна соодветна клиничка интерпретација. Особено позитивно може да се оцени поврзувањето на анатомските варијации со нивното потенцијално клиничко и хемодинамско значење. Кандидатот не се ограничува само на опис на нормалната анатомија, туку ја разгледува и варијантната морфологија како фактор што може да има значење во проценката на церебралната циркулација. На тој начин, воведниот дел создава соодветна теоретска основа за понатамошното истражување на морфолошките карактеристики и варијации на ВБС. Од рецензентски аспект, може да се оцени дека кандидатот успешно ја поврзува анатомската, ембриолошката, морфолошката и клиничката основа на ВБС со предметот и целите на докторската дисертација.

Содржината е релевантна, стручно поставена и обезбедува соодветна теоретска рамка за разбирање на анатомските варијации и нивното потенцијално влијание врз церебралната циркулација. Воведниот дел е содржински релевантен и непосредно поврзан со предметот на докторската дисертација.Кандидатот обезбедува соодветна анатомска и ембриолошка основа, ги прикажува главните морфолошки варијации на ВБС и соодветно го разработува нивното потенцијално клиничко и хемодинамско значење. Обработената проблематика ја оправдува обработката на дисертацијата за анатомските варијации на ВБС и нивниот однос со церебралната циркулација. Според тоа, воведниот дел обезбедува релевантна теоретска и клиничка основа за разбирање на значењето на анатомските варијации на ВБС и ја поддржува оправданоста на нивното морфолошко и клиничко истражување во рамките на докторската дисертација.

Во делот **Преглед на литература** кандидатот презентира обемен, систематизиран и критички обработен преглед на современите научни сознанија поврзани со:

- улогата на вертебро-базиларниот систем во церебралната циркулација;
- анатомијата и функцијата на базиларната артерија;
- морфологијата и варијациите на вертебралните артерии;
- хипоплазијата, асиметријата, долихоектазијата и другите васкуларни варијации;
- клиничкото значење на овие анатомски промени;
- современите дијагностички методи за нивно откривање и проценка.

Прегледот на литературата е логично организиран, се темели на релевантни и современи научни извори и претставува солидна научна основа за дефинирање на истражувачките цели, поставување на хипотезите и интерпретација на добиените резултати.

Кандидатот, исто така, прикажува податоци за зачестеноста на анатомските варијации на ВБС во светски и европски рамки, при што укажува дека ваквите истражувања во Република Северна Македонија се ограничени, а особено недостасуваат податоци за популацијата од Полошкиот регион. Оттука, дисертацијата има значајна научна и практична вредност, бидејќи придонесува кон пополнување на постојната празнина во националната литература и обезбедува нови сознанија од значење за анатомите, неврохирурзите, трауматолозите, невролозите и радиолозите. Добиените резултати можат да придонесат за порана идентификација на анатомските варијации, попрецизна дијагностика, подобро клиничко одлучување и навремено менаџирање на пациентите со заболувања на задната церебрална циркулација.

Целите кои се поставени за изработка на докторската дисертација се јасно дефинирани и логично произлегуваат од предметот на истражувањето. Основната цел на истражувањето е да се анализираат анатомските варијации на вертебро-базиларниот систем кај популацијата од Полошкиот регион, нивните морфометриски карактеристики и нивното хемодинамско и клиничко значење.

Во рамките на истражувањето се поставени следните специфични цели:

1. Да се идентификуваат и класифицираат анатомските варијации на вертебро-базиларниот систем со примена на современи радиолошки методи.
2. Да се утврди зачестеноста на најчестите анатомски варијации, како што се хипоплазијата, асиметријата и долихоектазијата.
3. Да се анализираат морфометриските карактеристики, односно дијаметрите на десната и левата вертебрална артерија и базиларната артерија.
4. Да се процени влијанието на возраста и полот врз морфометриските параметри.
5. Да се испита поврзаноста помеѓу анатомските варијации и клиничките симптоми, како и кардиоваскуларните ризик-фактори.
6. Да се процени клиничкото и дијагностичкото значење на анатомските варијации и нивната улога како можни предиспонирачки фактори за цереброваскуларни заболувања.
7. Да се споредат добиените резултати со релевантните податоци од меѓународната литература и да се утврдат евентуални популациски специфичности.

Комисијата оценува дека поставените цели се јасно формулирани, меѓусебно усогласени и целосно соодветствуваат на предметот и хипотезите на истражувањето. Истите се научно оправдани, методолошки изводливи и во согласност со применетата методологија, овозможувајќи добивање релевантни резултати со значајна научна и практична вредност. Дополнително, тие создаваат основа за подобро разбирање на анатомските варијации на вертебро-базиларниот систем и нивното значење во современата радиолошка дијагностика, неврологијата, неврохирургијата и васкуларната хирургија. Истражувањето е спроведено во согласност со етичките принципи на Хелсиншката декларација, врз основа на претходно добиени одобренија од надлежните етички комисии при Медицинскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип и Клиничката болница во Тетово. Имајќи предвид дека досега во Република Северна Македонија не е спроведена пообемна студија која систематски ги анализира анатомските варијации на вертебро-базиларниот систем и нивното клиничко значење, особено кај популацијата од Полошкиот регион, Комисијата оценува дека истражувањето е актуелно, научно оправдано и методолошки добро поставено.

Воедно, дисертацијата има потенцијал да даде оригинален научен придонес во областа на анатомијата и клиничката медицина, како и да обезбеди корисни сознанија за унапредување на радиолошката дијагностика, клиничката процена и третманот на пациентите со заболувања на вертебро-базиларниот систем.

Во поглавјето **Материјал и методи** кандидатот јасно и систематски го опишува дизајнот на истражувањето, испитуваната популација, критериумите за вклучу-вање и исклучување, применетите радиолошки методи, како и статистичката обработка на добиените податоци. Истражувањето е дизајнирано како ретроспективна студија и опфаќа 60 испитаници од Полошкиот регион, од двата пола, на возраст помала од < 45 години и ≥ 45 години, кај кои е извршена радиолошка евалуација на вертебро-базиларниот систем со магнетна резонанца (MRI), магнетнорезонантна ангиографија (MRA) или компјутеризирана томографска ангиографија (CTA). Анализата е извршена врз основа на медицинската документација и радиолошките наоди добиени во периодот од 1 ноември 2024 до 1 ноември 2025 година во Клиничката болница-Тетово. Кандидатот прецизно ги дефинирал критериумите за вклучување и исклучување на испитаниците, со што е обезбедена хомогеност на испитуваната група и минимизирано влијанието на потенцијалните конфузни фактори. Предмет на анализата биле морфоме-триските карактеристики на десната и левата вертебрална артерија, како и на базиларната артерија, при што биле анализирани нивните внатрешни дијаметри и присуството на анатомски варијации. Дополнително, испитувана е поврзаноста на овие варијации со полот, возраста, клиничката симптоматологија и кардио-васкуларните ризик-фактори. Добиените податоци се обработени со соодветни статистички методи и прикажани табеларно и графички, а резултатите се споредени со релевантните податоци од меѓународната литература.

Комисијата оценува дека применетата методологија е јасно дефинирана, научно оправдана и соодветна за реализација на поставените цели на истражувањето. Избраните дијагностички методи, критериумите за

селекција на испитаниците и применетата статистичка анализа овозможуваат добивање валидни, сигурни и репродуктивни резултати, што претставува цврста основа за донесување на релевантни научни заклучоци.

Во делот посветен на статистичката обработка**,** кандидатот јасно ги опишува применетите статистички методи и критериумите за анализа на добиените резултати. Податоците се обработени со статистичкиот програмски пакет SPSS for Windows, верзија 26.0 (IBM Corp., Armonk, NY, USA), а резултатите се прикажани табеларно и графички. Применета е соодветна дескриптивна статистика за прикажување на континуираните и категориските варијабли. Нормалноста на распределбата на континуираните параметри е проверена со Shapiro–Wilk тест, при што, поради отстапувањето од нормалната распределба на морфометриските параметри на вертебралните и базиларната артерија, соодветно се применети непараметарски статистички методи.За анализа на разликите меѓу групите се користени Mann–Whitney U тестот и Kruskal–Wallis тестот, додека за зависни мерења е применет Wilcoxon signed-rank тестот. Поврзаноста меѓу категоријалните варијабли е анализирана со Pearson-овиот χ^2 тест, а во случаи со мали очекувани фреквенции е применет Fisher-овиот егзактен тест. За процена на поврзаноста меѓу возраста и морфометриските параметри е користен Spearman-овиот корелациски тест. Статистичката значајност е определена на ниво $p < 0,05$, со 95% интервал на доверба.

Комисијата оценува дека применетата статистичка методологија е соодветна на поставените цели и карактерот на податоците. Изборот на статистичките тестови е правилно направен согласно типот на варијаблите и нивната распределба, што овозможува релевантна анализа и правилна интерпретација на добиените резултати.

Во поглавјето **Резултати** кандидатот систематски ги прикажува добиените наоди од анализата на морфометриските карактеристики и анатомските варијации на вертебро-базиларниот систем кај 60 испитаници од Полошкиот регион. Просечниот дијаметар на базиларната артерија изнесуваше 3,22±0,58 mm, додека кај вертебралните артерии беше утврден поголем дијаметар на левата вертебрална артерија (2,95 ± 0,67 mm) во споредба со десната (2,68 ± 0,77 mm), што укажува на почеста левострана доминација, во согласност со податоците од современата литература. Анализата покажа дека распределбата на морфометриските параметри отстапува од нормалната распределба, поради што правилно биле применети непараметарски статистички методи. Во однос на поврзаност меѓу полот и дијаметрите кај десната вертебрална артерија е забележана статистички значајна разлика, со поголеми вредности кај машките испитаници во однос на женскиот пол. Во однос на возраста, е утврдена значајна разлика во дијаметрите на анализираните артерии, повеќе морфолошки промени кај десната вертебрална артерија, каде што одредени варијации биле почести кај повозрасната група. Најчесто застапен наод била нормалната морфологија на вертебро-базиларниот систем (58,3%), додека најчеста анатомска варијација била хипоплазијата на вертебралните артерии (24,6%). Долихоектазијата била поретка варијација, но со потенцијално клиничко значење. Во однос на клиничките дијагнози, одредени варијации биле почесто присутни кај пациентите со вертебробазиларна исхемија и транзиторна исхемична атака.

Добиените резултати се споредливи со податоците од релевантната меѓународна литература (Park et al., Chuang et al., Komiyama et al., Katsanos et al. и Gökçe et al.), што укажува на висока усогласеност со претходно објавените истражувања и потврдува дека испитуваната популација од Полошкиот регион не покажува значајни отстапувања во однос на светските податоци.

Комисијата оценува дека резултатите се јасно прикажани, статистички соодветно обработени и овозможуваат релевантна проценка на морфолошките карактеристики, варијациите и нивното клиничко значење кај вертебро-базиларниот систем. Во рамките на истражувањето е анализирана поврзаноста помеѓу анатомските варијации на вертебро-базиларниот систем и присуството на кардиоваскуларни ризик-фактори, како што се дијабетес мелитус, хипертри-глицеридемија и пушење. Резултатите покажуваат дека овие фактори имаат улога во настанувањето на анатомските варијации на ВБС, и нивното значење се согледува преку влијанието врз васкуларната функција, хемодинамиката и клиничката манифестација на постојните анатомски промени. Особено кај пациенти со хипоплазија на вертебралните артерии, присуството на дополнителни васкуларни ризик-фактори може да придонесе кон намалување на хемодинамската резерва и појава на симптоми на вертебробазиларна инсуфициенција.

Кандидатот соодветно го дискутира и клиничкото значење на долихоектазијата како морфолошка варијација која може да биде поврзана со нарушена хемодинамика, компресивни невролошки симптоми и зголемен ризик од исхемични и хеморагични компликации во задната церебрална циркулација.Комисијата оценува дека анализата на односот помеѓу анатомските варијации и кардиоваскуларните ризик-фактори е значајна, бидејќи укажува дека морфолошките карактеристики на ВБС, во комбинација со стекнати васкуларни фактори, можат да влијаат врз клиничката презентација и ризикот од цереброваскуларни настани.

Добиените резултати се соодветно споредени со податоците од современата литература, при што кандидатот укажува на значењето на васкуларната геометрија, дијаметрите на вертебралните артерии и хемодинамските фактори во развојот на атеросклеротични и исхемични промени.

Во поглавјето **Дискусија** кандидатот систематски и аргументирано ги образложува добиените резултати, при што истите ги споредува со релевантните податоци од достапната современа научна литература. Резултатите се критички анализирани во контекст на претходно објавените анатомски, радиолошки и клинички истражувања, со што се овозможува нивно соодветно толкување и проценка на нивното значење.

Во заклучоците од истражувањето кандидатот го истакнува значењето на навременото откривање и идентификација на анатомските варијации на артериите на ВБС, имајќи го предвид нивното потенцијално влијание врз церебралната циркулација и појавата на цереброваскуларни нарушувања. Особено е нагласена важноста на современите дијагностички методи во раното препознавање на овие варијации, со цел подобра проценка на ризикот, превенција на можни компликации и оптимизирање на клиничкиот пристап кон пациентите.

Комисијата оценува дека дискусијата е сеопфатна, логично структурирана и соодветно поврзана со поставените цели на истражувањето, а заклучоците се јасно изведени од добиените резултати и ја потврдуваат научната и клиничката вредност на дисертацијата.

Како користена литература, д-р Гаменд Зулбеари цитира 182 референци од кои најголемиот број се од понов датум, што говори за актуелноста на истражуваната проблематика.

Научен придонес на докторската дисертација

Докторската дисертација со наслов **„Анатомски варијации на вертебро-базиларниот систем и нивните последици врз церебралната циркулација“** претставува значаен научен придонес во областа на анатомијата, неврорадиологијата и клиничките невроваскуларни истражувања.

Оригиналниот придонес на дисертацијата се согледува во систематската анализа на морфолошките карактеристики и анатомските варијации на вертебро-базиларниот систем кај популацијата од Полошкиот регион, популација која досега не била детално истражувана во рамките на ваков тип студии во Република Северна Македонија.Со примената на современи радиолошки методи (CTA, MRA и MRI), кандидатот обезбедува релевантни податоци за морфометриските карактеристики на вертебралните и базиларната артерија, зачестеноста на варијациите како хипоплазија, асиметрија и долихоектазија, како и нивната поврзаност со возраста, полот, клиничката симптоматологија и кардиоваскуларните ризик-фактори.

Посебно значење има утврдувањето дека добиените резултати во испитуваната популација се споредливи со податоците од релевантни меѓународни истражувања, со што се овозможува подобро разбирање на нормалната анатомија и варијабилноста на вертебро-базиларниот систем.

Научниот придонес се огледува и во потенцирањето на клиничкото значење на раното препознавање на анатомските варијации, бидејќи тие можат да влијаат врз хемодинамиката на задната церебрална циркулација и да имаат значење во проценката на ризикот за појава на вертебробазиларна инсуфициенција и други цереброваскуларни нарушувања.

Резултатите од оваа дисертација претставуваат вредна база за понатамошни анатомски, радиолошки и клинички истражувања и можат да придонесат за подобрување на дијагностичкиот пристап, индивидуализирање на клиничкото одлучување и унапредување на превенцијата и третманот кај пациенти со заболувања на ВБС.

Комисијата оценува дека докторската дисертација има јасно изразен научен и практичен придонес и претставува оригинален истражувачки труд со значење за современата медицинска наука.

Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот

Кандидатот д-р Газменд Зуљбеари пред одбраната на докторската дисертација ги објавил следните научни трудови (рецензирани научноистражувачки трудови кои се резултат на истражувањата во рамките на изработката на докторската дисертација, објавени во меѓународни научни списанија):

1. **Gazmend ZYLBEARI,** Art ZYLBEARI, Zamira BEXHETI, Elita MASHA, Milka ZDRAVKOVSKA, Tose KRSTEV, Sadi BEXHETI**.** Anatomical variations of the vertebro-basilar system and their consequences on cerebral circulation. Acta Medica Balkanica. International Journal of Medical Sciences Vol.10 | No.19-20 (2025),ISSN:2545-4110 (Print). ISSN: 2545-4870;Pages:158-166

2. **Gazmend Zylbeari;** Sadi Bexheti Tose Krstev**.** Anatomical and morphological variations of the basilar artery associated with cerebral circulation changes. MEDIS (International Journal of Medical sciences and Research) ,Vol.5 ,No-2. 16-MAJ-2026.

3. **GAZMEND ZYLBEARI,** Sadi Bexeti,Tose Krstev**.** Anatomical variations of the vertebral arteries and their impact on cerebral circulation. **AJTES** (International Journal of Medical sciences and Research),July 2026,Vol10, No.2 .

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана ја разгледа докторската дисертација со наслов „Анатомски варијации на вертебро-базиларниот систем и нивните последици врз церебралната циркулација“/„Anatomical variations of the vertebrobasilar system and their consequences on cerebral circulation“, од кандидатот д-р Газменд Зуљбеари и донесе заклучок дека истата претставува оригинален, самостоен, јасно оформен научен труд со систематски разработена проблематика и оригинални научни истражувања и резултати. Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторска дисертација.

Врз основа на изложеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3, Факултет за медицински науки - Штип да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Анатомски варијации на вертебро-базиларниот систем и нивните последици врз церебралната циркулација“/„Anatomical variations of the vertebrobasilar system and their consequences on cerebral circulation“ од кандидатот д-р Газменд Зуљбеари и да му одобри јавна одбрана на истата.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Светлана Јовевска – претседател, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, с.р.

Проф. д-р Сади Бецети – член, Факултет за медицински науки, Универзитет во Тетово -Тетово, с.р.

Проф. д-р Тоше Крстев – член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, с.р.

Проф. д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска – член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, с.р.

Проф. д-р. Јасминка Чабуковска Радуловска – член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПРАКТИКИ, ПОЗНАВАЊА И СТАВОВИ ВО ВРСКА СО ПРОПИШУВАЊЕ НА БИОЛОШКИ ОРИГИНАТОРНИ И БИОЛОШКИ СЛИЧНИ ЛЕКОВИ (БИОСИМИЛАРИ)“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Со Одлука број 0206-525/5 од 19.8.2026 година, донесена на 117. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„*Истражување на практики, познавања и ставови во врска со пропишување на биолошки оригинаторни и биолошки слични лекови (биосимилари)*“**, односно на англиски јазик **„*Assessment of practices, knowledge, and attitudes in prescribing originator biologic and biosimilar drugs*”**, пријавена и изработена од дипл. фарм. спец. Марија Трајчулески, студентка на трет циклус студии на студиската програма Фармацевтски науки, со број на индекс 311118, во следниов состав:

- проф. д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова, претседател;
- проф. д-р Катарина Смилков, член (ментор);
- проф. д-р Зорица Наумовска, член (екстерен ментор);
- проф. д-р Марија Дарковска Серафимовска, член;
- проф. д-р Биљана Лазарова, член.

Комисијата го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација изработена од кандидатката дипл. фарм. спец. Марија Трајчулески претставува оригинално научно дело, кое е систематски структурирано и насочено кон добивање на увид во знаењата, ставовите и практиките поврзани со примената на биолошки оригинаторни и биосимиларни лекови кај здравствените работници, лекари - специјалисти и фармацевти, кои се директно вклучени во различни аспекти на примената на овие лекови во Р. Северна Македонија. Целта е да се добијат резултати кои ќе можат да се искористат во насока на креирањето на стратегии, препораки и протоколи за употребата на оваа специфична група лекови, нивната заменливост и други прашања кои се поврзани со овие лекови, вклучително и активности од едукативен карактер.

Поднесената докторската дисертација од кандидатката Марија Трајчулески е изработена согласно со Работното упатство на Универзитет „Гоце Делчев“ за изработка на докторски трудови. Презентирана е на 137 страници, систематизирана во 9 поглавја, односно: Вовед, Преглед на литература, Цели на истражувањето, Методи на истражувачка работа со поставени хипотези, Резултати, Дискусија, Заклучок, Прилози и Користена литература. Резултатите од истражувањето се претставени со 34 слики и 28 табели, а цитирани се 57 библиографски референци од најнов датум. Содржината на докторската дисертација е сублимирана во апстракт на македонски и на англиски јазик, проследен со соодветни клучни зборови, со што приложената докторска дисертација во целост ги исполнува барањата за ваков тип на трудови.

Истражувањето презентирано во докторската дисертација е во согласност со поставените цели на истражувањето и формираните хипотези, се потпира на етичките начела за научноистражувачка работа и користи соодветни статистички методи за интерпретација на резултатите. Резултатите од истражувањето се презентирани во дескриптивна, табеларна и/или графичка форма, соодветно на обработените аспекти, додека дискусијата по однос на истите е поткрепена со научни тврдења и компарации со претходно објавени истражувања.

Во воведниот дел на докторската дисертација кандидатката дава опис на оваа класа на лекови, заедно со основните дефиниции на истите, предложени од релевантни инстанции, наведувајќи ги особеностите со кои се карактеризираат биолошките лекови, односно оригинаторните и биосимиларните лекови. Направен е преглед на придобивките од воведувањето на биолошките лекови во тераписките режими, особено на економските придобивки од употребата на биосимиларните лекови, како и предизвиците кои се поврзани со истите, посебно во делот на прифаќањето на овие лекови од страна на пациентите, здравствените работници и здравствените системи, како и аспектите поврзани со нивна заменливост.

Во делот Преглед на литература е даден сеопфатен преглед на научната и стручната литература која е поврзана со темата на истражувањето, односно систематизирано и хронолошки се обработени објавени истражувања кои се однесуваат на ставовите на лекарите и фармацевтите во врска со пропишувањето и заменливоста на биолошките оригинаторни и биолошки сличните лекови, вклучувајќи истражувања кои го оценуваат знаењето и потребата од дополнителна едукација. Кандидатката наведува дека постојат различни регулаторни аспекти во различни географски региони, кои дополнително може да влијаат врз прифаќањето и примената на биолошките лекови воопшто. Во продолжение, го разгледува аспектот на информираност и знаење на лекарите - специјалисти и фармацевтите во однос на примената на биолошките лекови и направените истражувања со донесените заклучоци. Сеопфатната анализа на објавената литература во врска со примената на биолошките оригинаторни и биосимиларни лекови која е презентирана во докторската дисертација е исклучително важна, поради тоа што обезбедува подетален увид во знаењето, практиките и ставовите, заедно со регулаторните разлики и формира солидна основа на која се засноваат понатаму формираните научноистражувачки прашања и целите на оваа докторска дисертација.

Целите на истражувањето се структурирани и опфаќаат една основна цел која предвидува сеопфатна анализа на знаењето, вклучително самоевалуираното знаење, ставовите и практиките на лекарите-специјалисти и фармацевтите во врска со употребата на биолошки оригинаторни лекови и биолошки слични лекови (биосимилари), заедно со нивното пропишување, издавање и следење. Главната цел е разработена преку дефинирање на неколку специфични цели, наменети подетално да се истражат различните аспекти поврзани со главната цел: евалуација на знаењата за биолошките лекови кај лекарите - специјалисти и фармацевтите, да се идентификуваат изворите на информации кои истите ги користат и да се оцени потребата од дополнителна едукација, да се дефинира улогата на фармацевтот во однос на повеќе активности поврзани со овие лекови, како издавање, советување и следење

на терапија, и да се споредат добиените резултати од истражувањето, со резултатите објавени во меѓународни рамки.

Во делот *Методи на истражувачка работа* најнапред се дефинирани три хипотези поврзани со дизајнот на истражувањето и наведени се материјалите кои се користени при истражувањето. Имено, ова истражување е реализирано како студија на пресек, со користење на метод на анкетирање преку дистрибуција на прашалници до целната група испитаници - лекари-специјалисти и фармацевти. Даден е опис на структурата на користениот прашалник за студијата, со дефинирани три целини, кои се однесуваат на: основните социодемографски податоци за испитаникот, прашања кои целат да ја анализираат информираноста на испитаникот во врска со биолошки оригинаторните и биосимиларните лекови и прашања кои целат да ги испитаат ставовите во врска со пропишувањето на биолошки оригинаторни и/или биолошки слични лекови, заедно со образложени критериуми за вклучување и исклучување на испитаниците во истражувањето. Во овој дел се образложени и статистичките тестови кои се користени за анализа на добиените одговори од испитаниците. Имено, за обработка, користен е SPSS софтверски пакет (в. 26 за Windows) за статистичка анализа, а користени се Pearson Chi square test, Fisher exact test и Fisher Freeman Halton exact test, кои се избрани согласно претходно направените анализи. Внатрешната конзистентност на селектирани групи прашања е утврдена со Reliability analysis и коефициентот Cronbach's alpha. За статистичка значајност на добиените резултати користена е двострана анализа со ниво на сигнификантност од $p<0,05$.

Резултатите од истражувањето се јасно презентирани и ја следат поставената структура на прашањата, односно истите се поделени во три целини: анализирани се основните информации за испитаниците, информираноста во врска со биолошките/биосимиларните лекови, како и ставовите во врска со пропишување на лекови. Истражувањето вклучува 78 испитаници во двете групи од двата пола, и тоа 37 фармацевти и 41 лекари-специјалисти кои се поврзани со определени аспекти на примената на биолошки/биосимиларни лекови. Најголем дел од испитаниците имаат искуство во работата над 20 години, и кај двете групи испитаници. Најголем дел од испитаниците-фармацевти работат во доменот на болничка фармација, а помал во клиничка фармација, додека од лекарите, најголем дел работат во специјалноста хематологија, потоа ревматологија, онкологија, ендокринологија и педијатрија, последователно. Во делот на практиките, најголем дел од испитаниците - лекари (92,68%) учествувале во пропишување на лекови, додека 75,68% од фармацевтите учествувале во издавање на овие лекови. При евиденција на лековите во досието на пациентот, најголем дел од лекарите (36,58%) изјавиле дека во моментот на евиденција одлучуваат дали лекот ќе го заведат со заштитено или со генеричко име. Во вториот дел од резултатите се анализира информираноста на учесниците во студијата во врска со биолошките оригинаторни и биосимиларните лекови. Анализата покажала висока конзистентност и веродостојност на одговорите на прашањата, и кај лекарите, и кај фармацевтите, оценета со внатрешна конзистентност (проценета со *Cronbach's alpha coefficient*) од 0,91 и 0,93, соодветно за секоја од групите. Субјективната проценка на знаењето во врска со биолошките лекови покажала дека 70,73% од лекарите сметаат за себе дека имаат целосно

познавање за овие лекови, а 81,08% од фармацевтите дека имаат основно познавање, со статистички значајна разлика во одговорите кај двете групи, по однос на ова прашање. Истовремено, субјективната оценка на познавањето на биосимиларните лекови кај 78,38% од фармацевтите била оценета како основна, додека 51,22% од лекарите сметале дека имаат целосно познавање за биосимиларите, а 46,34% основно познавање за истите. Во делот кој се однесува на проценката на користените извори на информации за биолошките лекови, најголем дел од испитаниците изјавиле дека користат научна литература и збирен извештај за особините на лекот за да се информираат во врска со биолошки оригинаторни и биосимиларни лекови. Анализата на објективното знаење, проценета преку давање на одговори точно/неточно на 7 изјави, покажала дека лекарите имаат поголемо објективно знаење во врска со биолошки оригинаторни и биосимиларни лекови. Значајна пропорција испитаници (94,59% фармацевти и 92,68% лекари) изјавиле дека сметаат дека имаат потреба од дополнителна едукација во врска со биолошките оригинаторни и биосимиларни лекови. Анализата на ставовите во врска со пропишувањето на биолошките лекови се проценети преку изјаснување во однос на поставени изјави, и е презентирана како трет дел од поглавјето Резултати. Истата покажува дека 89,19% од фармацевтите сметаат дека треба да бидат вклучени во процесот на одлучување за терапијата со овие лекови, и дека сметаат дека е поедноставно да се прими биосимиларен лек кај новодијагностициран пациент, отколку да се направи замена на референтен со биосимиларен лек. Голем дел од лекарите (73,17%) изјавиле дека овие лекови ги пропишуваат базирано на информации од литература и од клиничко искуство. Слично како и кај фармацевтите, 51,22% од лекарите сметаат дека е полесно да се пропише биосимиларен лек кај новодијагностициран пациент. Истовремено, 56,10% од лекарите сметаат дека одлуката за терапија треба да биде исклучително право на лекарот кој го води пациентот.

Во делот *Дискусија* се презентирани и критички интерпретирани добиените резултати, при што наодите се разгледуваат во контекст на основните карактеристики и информациите поврзани со биолошките оригинаторни и биосимиларните лекови, искуството во врска со нивното издавање и пропишување, постојните практики на евиденција и обезбедување на следливост на ординираната терапија. Добиените резултати се компарирани со наодите од релевантни меѓународни истражувања, со цел да се согледаат сличностите и разликите во практиките и имплементацијата во различни здравствени системи. Посебно внимание е посветено на дискусијата во врска субјективната и објективната проценка на знаењето на лекарите-специјалисти и фармацевтите. Резултатите од двете проценки исто така се ставени во контекст на резултатите од слични меѓународни истражувања, што обезбедува посеопфатна проценка на нивото на информираност и практичното познавање на карактеристиките и примената на биолошките оригинаторни лекови и биосимиларите. Дополнително, дискусијата содржи анализа на добиените наоди во врска со ставовите на лекарите и фармацевтите во однос на пропишувањето, издавањето, практиките и следењето на овие лекови. При тоа, утврдена е значајна варијабилност во ставовите на двете групи испитаници во однос на биолошките оригинаторни лекови и биосимиларите, што укажува на различно ниво на прифаќање, информираност и практично искуство, но и на

можни разлики во улогите и одговорностите на овие здравствени работници во врска со примената на овие лекови. Понатаму, дискутирана е евидентната потреба од дополнителна едукацијата на лекарите и фармацевтите во однос на биолошките оригинаторни лекови и биосимиларите. Оваа потреба е разгледана како значаен предуслов за унапредување на знаењето и за поголема вклученост на овие здравствени работници во клиничка пракса.

Во делот *Заклучок* се сумирани клучните сознанија кои произлегуваат од реализацијата на поставените цели на истражувањето. Врз основа на добиените наоди, констатирана е недоволна конзистентност во нивото на знаење, а со тоа и во степенот на прифаќање на овие лекови, што ја нагласува потребата од систематски организирана и континуирана едукација на лекарите и фармацевтите во оваа област. Ова особено доаѓа до израз имајќи ја предвид ограничената вклученост на фармацевтите во процесите на одлучување во однос на терапијата, како и нивното пониско самооценето и/или проценето ниво на знаење за овие лекови. Заклучокот во докторската дисертација ја истакнува потребата од воспоставување на национални препораки и стандардизирани протоколи кои се однесуваат на примената на биолошките оригинаторни и биосимиларни лекови, заедно со насоки во однос на нивната заменливост, со цел да се обезбеди стручна и практична поддршка на секојдневната практика и унапредување на квалитетот и безбедноста на грижата за пациентите.

Научен и апликативен придонес

Истражувањето спроведено во рамки на оваа докторска дисертација покажа дека знаењето, довербата и прифаќањето на биолошки сличните лекови кај здравствените работници во Р. Северна Македонија, и покрај континуираниот пораст на употребата како на оригинаторните, така и на биолошки сличните лекови, се недоволни. Овој резултат е во согласност со објавените резултати од слични истражувања спроведени во меѓународни рамки. Согласно добиените резултати, постои неопходност од систематски организирано и континуирано едуцирање на сите здравствени работници кои се вклучени во примената на биолошката терапија, со цел унапредување на нивните знаења и дисеминација на новодобиени информации во врска со истата. Притоа, особено важен е наодот дека едукацијата е особено потребна кај групата на фармацевти, како и наодот дека испитаниците ги препознаваат придобивките од воведување на биолошки сличните лекови поради поголемата исплатливост, а со тоа и достапност на оваа терапија, иако резултатите од истражувањето покажуваат определена резервираност во однос на нивната клиничка примена. Понатаму, истражувањето укажува на потребата од поактивно вклучување на фармацевтите во повеќе активности поврзани со примената на биолошката терапија, а особено во делот на клиничко-фармацевтските активности, изборот на терапија, следењето на пациентите и фармаковигеланцата.

Истражувањето презентирано во овој докторски труд е оригинално научно дело, кое третира тема која досега не е истражувана на територијата на РС Македонија, а според направениот преглед на литература, и на Балканот. Резултатите од овој труд обезбедуваат сознанија за постоечките практики, ставови и знаења на релевантен број на здравствени работници поврзани

со пропишување/издавање на биолошки оригинаторни, односно биолошки слични лекови. Ова обезбедува релевантна основа за подлабоко истражување на оваа тема и на нејзините јавно-здравствени, финансиски, како и едукативни импликации, особено во доменот на планирање на понатамошни интервенции во овие области, со цел подобрување на здравствената заштита во државата, истовремено придонесувајќи во меѓународната литература од оваа област.

Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација

Релевантноста на резултатите презентирани во докторската дисертација и нивната научна вредност е потврдена преку нивната презентација и објавување во меѓународни научни списанија, како и преку бројни презентации на научни собири во земјата и во странство. Наведените активности претставуваат потврда за актуелноста на истражуваната проблематика, како и за препознаеноста и прифатеноста на добиените научни сознанија од поширокатa научна заедница.

Во однос на исполнувањето на законските и академските услови за пристапување кон јавна одбрана на докторската дисертација, кандидатката има објавено научни трудови кои по својата тематска определеност и применетата методолошка рамка се непосредно поврзани со предметот и целите на истражувањето реализирано во рамките на докторската дисертација, односно:

1. **Trajchuleski M**, Naumovska Z, Gjorgieva Ackova D, Darkovska Serafimovska M, Lazarova B, Smilkov K (2026) Pharmacists' Knowledge and Attitudes Regarding Biologics and Biosimilars: A Literature Review. *Arh farm* 2026; 76:81-101. https://doi.org/10.5937/arhfarm75-62932, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38346
2. **Trajchuleski M**, Naumovska Z, Gjorgieva Ackova D, Darkovska Serafimovska M, Lazarova B, Smilkov K (2025) Medical specialists' knowledge and perceptions of biologics and biosimilars: A literature review. *Acad Med J* 2025;5(3):1-9. https://www.doi.org/10.53582/AMJ255301t, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38090

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана детално ја прегледа докторската дисертација со наслов ***„Истражување на практики, познавања и ставови во врска со пропишување на биолошки оригинаторни и биолошки слични лекови (биосимилари)"***, односно на англиски јазик „***Assessment of practices, knowledge, and attitudes in prescribing originator biologic and biosimilar drugs***", пријавена и изработена од кандидатката дипл. фарм. спец. Марија Трајчулески. Врз основа на анализата на докторската дисертација може да се заклучи дека истата претставува оригинален, самостојно конципиран научноистражувачки труд, со јасно дефинирана проблематика и соодветно поставена методолошка рамка и систематски пристап во разработката на истражуваната тема. Резултатите од докторската дисертација се релевантни од научен аспект и придонесуваат за унапредување на сознанијата во истражуваната област.

Имајќи ги предвид научната оправданост на темата, како и нејзината актуелност, соодветноста и квалитетот на применетата методологија, релевантните и научно-вредните резултати, како и нивната потенцијална практична применливост, може да се заклучи дека докторската дисертација ги исполнува научните и академските критериуми за докторски труд и ги задоволува условите за јавна одбрана.

Според тоа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација на кандидатката дипл. фарм. спец. Марија Трајчулески и да дозволи пристапување кон јавна одбрана на истата.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова, член и ментор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.

Проф. д-р Катарина Смилков, претседател, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р

Проф. д-р Зорица Наумовска, член и екстерен ментор, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, с.р.

Проф. д-р Марија Дарковска Серафимовска, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.

Проф. д-р Биљана Лазарова, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ" ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ЗОРАН ЗДРАВЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 1502-91/11 од 298. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика, одржана на 27.5.2026 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Маргита Кон-Поповска, редовен професор во пензија на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, избрана во сите области од полето информатика, според старата Фраскатиева класификација;
- проф. д-р Александар Крстев, редовен професор на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, избран во научните области информатика и информациски системи и програмирање, според Класификацијата на научноистражувачките полиња од трето ниво (области)

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Информациски системи**" од **авторот проф. д-р Зоран Здравев, редовен професор на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип,** наменет за студентите на прв циклус студии на насоката Компјутерски науки при Факултетот за информатика на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Ракопис со наслов „Информациски системи" припаѓа во научната област информациски науки, според Класификацијата на научноистражувачките полиња од трето ниво (области).

По прегледот на ракопис, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Општи податоци за ракопис: Ракопис со наслов „Информациски системи" од авторот проф. д-р Зоран Здравев, редовен професор на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, припаѓа во научната област информациски науки, според Класификацијата на научноистражувачките полиња од трето ниво (области), а е наменет како учебник за студентите по предметот Информациски системи запишани на додипломски студии на Факултетот за информатика, на насоката Компјутерски науки, во 6 семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1.

Податоци за обемот на ракопис: Ракопис „Информациски системи" од авторот проф. д-р Зоран Здравев е напишан на македонски стандарден јазик, текстот е компјутерски обработен и среден, што овозможува лесно читање на презентираниот материјал. Целиот ракопис е изработен на високо техничко ниво. Ракописот содржи 348 страници во А4 формат, 73 слики, 71 табела и 198 библиографски единици, поделени во 5 категории: книги и учебници; научни трудови; стандарди, рамки и спецификации; правни акти и институционални документи; аналитички извештаи и онлајн-ресурси. Обемот и содржината на

учебното помагало се во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: Според нашите сознанија, вакво учебно помагало, по обем и содржина, кое одговара на предвидената наставна програма по предметот Информациски системи на ФИ при УГД, не е објавено ниту во Македонија, ниту во регионот.

Краток опис на содржината: Ракописот „Информациски системи" е напишан на лесен и разбирлив македонски јазик и стил. Целокупната материја генерално е распределена во логични и соодветно структурирани и конципирани вкупно дванаесет поглавја.

Поглавје 1. Вовед во информациски системи

Поглавјето воспоставува силна концептуална рамка за разбирање на информациските системи (ИС), правејќи јасно разграничување меѓу информатика (Computer Science), информатичка технологија (ИТ) и информациски системи. ИС се дефинираат како социотехнички структури кои интегрираат човечки, процесни и технолошки компоненти со цел ефикасно управување со податоците и поддршка на процесите на одлучувањето. Претставен е функционалниот циклус на ИС и DIKW-хиерархијата (Data–Information–Knowledge–Wisdom), која служи како мост меѓу суровите податоци, информациите, знаењето и мудроста, како последователни нивоа на семантичко збогатување. Истакната е улогата на ИС во намалувањето на неизвесноста, поддршката на одлучувањето на различни хиерархиски нивоа, како и историската еволуција од централизирани кон дистрибуирани и интелигентни архитектури. Поглавјето претставува темелна концептуална рамка врз која се надградуваат понатамошните разработки на архитектурата, моделирањето, развојните методологии и управувачките аспекти на информациските системи.

Поглавје 2. Теорија на системи и системски пристап

Поглавјето ја воспоставува теоретската основа на учебникот, истовремено градејќи системски мисловен пристап кај читателот — претпоставка што е од клучно значење за анализата и дизајнот на ИС. Детално се обработуваат: системите и потсистемите, границите и целите, поделбата на отворени и затворени, односно статички и динамички системи, функционалните компоненти и системската динамика, како и типологијата и нивоата на апстракција во моделирањето. Нагласена е важноста на системскиот пристап како методолошка рамка за анализа и дизајн на комплексни ИС.

Поглавје 3. Компоненти и архитектура на ИС

Поглавјето ги обработува основните компоненти на ИС (луѓе, процедури, хардвер, софтвер и податоци) и архитектурните модели, претставени како две неразделни димензии на секој систем. Истакната е меѓусебната зависност на компонентите и нивниот придонес во функционалноста и ефикасноста на системот. Историскиот развој укажува на премин од техноцентричниот кон социотехничкиот пристап, при што човечкиот фактор има еднакво значење со технологијата. Со автоматизацијата и интелигентните системи улогите на компонентите се трансформираат, при што податоците и алгоритмите стануваат

клучни ресурси. Претставени се моделите TAM (Technology Acceptance Model) и UTAUT (Unified Theory of Acceptance and Use of Technology) за прифаќање на технологијата. Разгледани се архитектонските модели — централизирани, клиент-сервер, трислојни и дистрибуирани системи — и нивната еволуција кон зголемена флексибилност, доверливост и скалабилност.

Поглавје 4. Типови на ИС

Поглавјето ги прикажува типовите на ИС преку повеќе класификациски рамки. Функционалната поделба ги опфаќа: TPS (Transaction Processing Systems) – за оперативните трансакции; MIS (Management Information Systems) – за агрегирање на управувачки извештаи; DSS (Decision Support Systems) – за поддршка на одлучувањето; ESS (Executive Support Systems) – за стратешки информации на врвниот менаџмент. Корпоративните интегрирани системи се обработени преку моделите ERP (Enterprise Resource Planning), CRM (Customer Relationship Management), SCM (Supply Chain Management) и BI (Business Intelligence). Претставена е и класификацијата според управувачките нивоа (оперативно, тактичко, стратешко), како и специјализираните системи во здравството, образованието, банкарството и производството.

Поглавје 5. Хардвер, мрежи и платформи

Поглавјето опфаќа низа детални технички елементи од значење за инфраструктурата на ИС. Системски се разработени: процесорските единици, мемориските хиерархии (вклучувајќи ја кеш меморијата) и латентност; мрежните архитектури и принципите на комуникација од крај до крај (end-to-end); облак инфраструктурата, услужните модели и распределбата на одговорностите; мобилните платформи и нивните ограничувања; стратегиите за дизајн на инфраструктурата, планирањето на капацитетот, хоризонталното/вертикалното скалирање и обезбедувањето на стабилност. Поглавјето обезбедува техничка основа за разбирање на перформансите, архитектурните избори и инфраструктурните ограничувања.

Поглавје 6. Софтвер и бази на податоци

Поглавјето дава систематски преглед на софтверската инфраструктура на ИС. Опфатени се: софтверските слоеви и нивните нефункционални својства, системите за управување со бази податоци (СУБП), моделите на податоци (релационен, документен, key-value, графовски, колонски), шемите и индексните структури, нормализацијата, нормалните форми, денормализацијата, безбедносните механизми, и моделите на контрола на пристапот. Обработени се и архитектонските принципи на API (Application Programming Interface) - интеграцијата, оркестрацијата и кореографијата на услуги, оперативните практики на CI/CD (Continuous Integration / Continuous Delivery) - процесите, миграциите на шеми, стратегии за резервно копирање и мониторингот – кои се клучни за одржувањето на современите ИС.

Поглавје 7. Информациска безбедност и етика

Поглавјето ги обработува основите на информациската безбедност преку CIA моделот (Confidentiality, Integrity и Availability), типичните напади, криптографските механизми, автентикацијата и контролата на пристап. Разгледани се организациските политики, етичките принципи и правната рамка, вклучувајќи го GDPR (General Data Protection Regulation). Поглавјето создава основа за разбирање на ризиците, заштитата и одговорностите во ИС.

Поглавје 8. Моделирање на системи и процеси

Преку формализирани нотации и дијаграми, сложените системи се претставуваат на начин разбирлив и за нетехничките и за техничките засегнати страни (аналитичари, системски дизајнери). Во развојниот процес учествуваат наручатели (кои го познаваат бизнис-доменот), аналитичари (кои ги трансформираат барањата во спецификации), развивачи (кои го имплементираат кодот) и тестери (кои ја вршат верификацијата); моделот функционира како заеднички комуникациски јазик меѓу нив. Поглавјето ги разработува следниве нотациски рамки: основите на бизнис-процесите и пристапите за нивно редизајнирање – преку процесниот модел BPMN (Business Process Model and Notation); структурното и однесувачкото моделирање со UML-нотацијата (Unified Modeling Language); податочното моделирање преку ER-моделот (Entity-Relationship) и нормализацијата; методите за анализа и унапредување на процесите, вклучувајќи го AS-IS/TO-BE моделирањето и реинженерингот на бизнис-процесите BPR (Business Process Reengineering). Особено значаен е аспектот на документирање – систем без модели е систем кој постои исклучиво во меморијата на неговите креатори, при што знаењето за него еродира со секоја промена во човечкиот состав.

Поглавје 9. Развој на ИС

Поглавјето дава систематски преглед на класичните и агилните процеси за развој и управување со информациските системи. Опфатени се животниот циклус на развој на системи (SDLC), Парето-принципот, MoSCoW-методот (Must, Should, Could, Won't have), водопадниот модел и RAD (Rapid Application Development); агилните пристапи, предводени од SCRUM, рамките за управување со проекти – PRINCE2 (Projects IN Controlled Environments) и PMBOK (Project Management Body of Knowledge); техниките за планирање и распоредување – Гантограм, мрежно планирање преку CPM (Critical Path Method) и PERT (Program Evaluation and Review Technique); постапките за управување со ризици; како и современите софтверски решенија за проектна поддршка.

Поглавје 10. Интеграција и управување со ИС

Поглавјето ги разработува техничките, организациските и стратешките аспекти на интеграцијата и управувањето со ИС. Обработени се: API (Application Programming Interface), веб-сервисите, middleware-от, интероперабилноста, стандардите, конкурентската предност, Портеровиот модел на пет сили, вредносниот синџир, како и рамките за ИТ-управувањето - COBIT (Control Objectives for Information and Related Technologies) и ITIL (Information Technology Infrastructure Library). Со ова поглавје го проширува учебникот со теми кои ретко се обработуваат во класичните учебници по ИС.

Поглавје 11. Дигитална трансформација и е-бизнис

Поглавјето е од особена релевантност, бидејќи го усогласува учебникот со современите технолошки и бизнис-трендови – пред сè со сеопфатната трансформација на начинот на кој организациите функционираат, создаваат вредност и се позиционираат на пазарот. Опфатени се: е-бизнисот, е-трговијата и е-услугите, дигитализацијата, дигиталната зрелост и моделите на трансформација; современите технологии – IoT (Internet of Things – интернет на нештата), AI (Artificial Intelligence – вештачка интелигенција) и Blockchain (синџир на блокови), како и дигиталните пазари и платформските бизнис-модели.

Поглавје 12. Иднината на ИС

Поглавјето има визионерски карактер и ги разгледува клучните идни трендови кои ќе го обликуваат развојот на информациските системи: вештачката интелигенција (AI) и автономните системи, edge-пресметувањето, квантното пресметување, дигиталната нееднаквост, новите професионални профили, одржливоста, етичките аспекти и регулаторните рамки. На тој начин, поглавјето нуди долгорочна перспектива за еволуцијата на информациските системи во наредните децении.

На крајот од предадениот ракопис е презентирана користената литература за оформување на овој учебник, како и листа на акроними. Од презентираното може да се забележи дека при изработката на учебникот е цитирана најнова литература, која се состои од учебници, научни и стручни трудови, повеќето публикувани на англиски јазик.

ЗАКЛУЧОК

Предложениот текст претставува исклучително обемен, системски структуриран, практичен и современ академски труд, кој на кохерентен и методолошки дисциплиниран начин ја обработува целата област на информациски системи. Содржината е целосно интегрирана и ги опфаќа сите фундаментални, напредни, технички, организациски и стратешки аспекти на дисциплината, при што е видливо внимателно и постепено градење на материјалот - од концептуалните основи и теоријата на системи, преку архитектурите, типовите системи, хардверот и софтверот, базите на податоци, па сè до безбедноста, моделирањето, развојот, интеграцијата, дигиталната трансформација и идните технолошки трендови.

Учебникот е технички прецизен и содржински многу силен. Детално се обработуваат клучни теми како: архитектурите (клиент-сервер, трислојни и дистрибуирани системи), моделите на податоци (релационен, документен, граф, колонски), нормализацијата и денормализацијата, OLTP и OLAP, API-интеграциите, middleware-от и message brokers, CI/CD-процесите, миграциите, резервните копии и мониторингот, криптографијата, PKI, TLS, BPMN, UML, ER-моделите, Agile, SCRUM, PRINCE2 и PMBOK.

Учебникот успешно ги комбинира теоретските основи (системска теорија, DIKW, архитектури), практичните техники (моделирање, нормализација, SDLC) и организациските аспекти (IT-управување, интеграција, вредносен синџир), а забележително е продлабочен и современ со темите за технолошките трендови (AI, IoT, Blockchain, облак, edge-пресметување), како и за дигиталната зрелост, платформските модели и мрежните ефекти, GDPR, PKI, TLS и модерните модели на безбедност.

Ова го прави учебникот релевантен и применлив и во академскиот контекст и во современата индустрија.

Секое поглавје може да функционира како самостојна дидактичка наставна единица, бидејќи сите поглавја ја следат унифицираната и препознатлива структура. Во секое од нив се вклучени: јасно дефинирани цели за учење, клучни термини, систематски обработен материјал, споредбени табели, илустрации и архитектонски дијаграми. Поглавјата завршуваат со синтеза на обработената содржина и со прашања и задачи за учење. Дополнителна вредност претставуваат аналитичките задачи и мини-студиите на случај со прашања за дискусија.

Оваа унифицирана структура создава дидактичка конзистентност низ целиот учебник, што е исклучително важно за студентите: тие знаат што да очекуваат, како да го следат материјалот и како да го поврзуваат со претходните наставни единици.

Со ваквата ширина, длабочина и дидактичка конзистентност, учебникот претставува релевантен, применлив и висококвалитетен академски ресурс, со јасна вредност и за академската средина и за современата индустрија. Тој може да послужи како референтен учебник за додипломски, магистерски и професионални студиски програми од областа на информациските системи.

Учебникот демонстрира висок степен на интердисциплинарност, комбинирајќи технички, организациски, управувачки и социотехнички аспекти. Ова го прави применлив не само за студентите од Факултетот за информатика, туку и пошироко - за професионалци и практичари од областите на менаџмент, економија, организациски науки и инженерство.

Врз основа на анализа на понудената содржина, нејзиниот квалитет и соодветноста на обработените теми во однос на релевантните области на дисциплината, Рецензентската комисија оценува дека поднесениот ракопис под наслов „Информациски системи" ги исполнува критериумите за квалитет и приспособеност кон Наставната програма по компјутерски науки.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип ракописот „Информациски системи" од областа информациски науки од авторот проф. д-р Зоран Здравев, редовен професор на Факултетот да биде издаден како учебник за студентите од сите насоки и степени на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Маргита Кон-Поповска, с.р.

Проф. д-р Александар Крстев, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ СОВЕТИ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3

Единица на Универзитетот	Број и датум на Одлука за прифаќање на темата	Назив на темата		Име и презиме на ментори	Име и презиме на студент
		на македонски јазик	на англиски јазик		
ФМН	0206-525/3 од 19.8.2026 г.	„Концентрација на кортизол од папочна врвца кај новородени деца“	„Umilical cord cortisol concentra-tions in newborns“	Интерен ментор проф. д-р Невенка Лабан-Гучева, екстерен ментор проф. д-р Силвана Наунова Тимовска	**Искра Мартиновска**

П Р Е Г Л Е Д
НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА

Билтен 1.9.2026 година				
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ	1. Геополитичкиот интерес на меѓународната заедница и динамиката на регионалните конфликти: компаративна анализа на Нагорно-Карабах и Донбас	1102-112/10 од 14.8.2026 год.	Вонр. проф. д-р Јорданка Галева	Милан Довичински
	2. Затворската популација и капацитетите на казнено-поправните установи: состојби и перспективи за реформи	1102-112/11 од 14.8.2026 год.	Проф. д-р Олга Кошевалиска	Марија Филипова
ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ	3. Металогенетски карактеристики и 3D модел на рудна жица 12 во наоѓалиштето за олово и цинк „Злетово”	1702-195/9 од 17.8.2026 год.	Проф. д-р Орце Спасовски	Александар Мурџовски
	4. Истражување на барутни полнења со осврт на временскиот рок на складирање и користење	1702-195/10 од 17.8.2026 год.	Проф. д-р Ристо Дамбов	Бојана Трифуновска
ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ	5. Примена на лин – менаџмент кај компаниите од автомобилска индустрија во Источна Македонија – органски или механички пристап	2302-80/5 од 18.8.2026 год.	Проф. д-р Винета Сребренкоска	Соња Крстовска Илијоска
ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ	6. Ефект од примена на комбинираната кинезитерапија и функционална магнетна стимулација во рехабилитација на колено	2002-254/10 од 19.8.2026 год.	Проф. д-р Данче Василева	Стефан Чапов
	7. Споредба на ефектите на методите за подобрување на рамнотежата и координацијата кај пациенти во рехабилитација	2002-254/11 од 19.8.2026 год.	Проф. д-р Тоше Крстев	Иван Зејтиников
	8. Корелација на анти-ВЕГФ терапија во лекување на дијабетична ретинопатија	2002-254/12 од 19.8.2026 год.	Проф. д-р Страхил Газепов	Ивана Блажевска Гиевска
	9. Рефрактивни аномалии во руралните средини во Град Скопје	2002-265/41 од 24.8.2026 год.	Проф. д-р Страхил Газепов	Анета Јанковска
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА	10. Примена на вештачка интелигенција во редизајнот на универзитетски информациски системи: студија на случај Е-индекс	1502-117/17 од 18.8.2026 год.	Проф. д-р Зоран Здравев	Стефанија Ристова
	11. Математичка анализа и имплементација на агенти за препорака: од традиционални алгоритми до интелигентни агентски системи	1502-117/16 од 18.8.2026 год.	Вон. проф. д-р Мирјана Коцалева Витанова	Ѓургица Анастасов